

# ПРОПАГАНДА, ЛАЖНИ НАРАТИВИ, ДЕЗИНФОРМАЦИИ - ШТЕТНИТЕ ВЛИЈАНИЈА НА КРЕМЉ ВО С. МАКЕДОНИЈА

## Зборник на медиумски написи

МЕТАМОРФОЗИС
Фондација за интернет и општество



# ПРОПАГАНДА, ЛАЖНИ НАРАТИВИ, ДЕЗИНФОРМАЦИИ - ШТЕТНИТЕ ВЛИЈАНИЈА НА КРЕМЉ ВО С. МАКЕДОНИЈА

## Зборник на медиумски написи

МЕТАМОРФОЗИС
Фондација за интернет и општество

**Издавач:** Фондација за интернет и општество „Метаморфозис“ – Скопје
ул. Апостол Гусларот бр. 40, Скопје 1000, Северна Македонија
http://metamorphosis.org.mk

**За издавачот:** Бардил Јашари, Извршен директор, Фондација „Метаморфозис“
Уредници на изданието:
Владимир Петрески, Горан Ризаов, Елида Зилбеари

**Автори на написи:**
Деспина Ковачевска, Ѓорѓи Митревски, Мирјана Најчевска
Жарко Трајаноски, Бојан Блажевски, Горан Ризаов
Елида Зилбеари, Филип Стојановски, Теута Бучи
Шефкије Аласани, Весна Коловска, Ардит Рамадани
Горан Лефков, Симона Атанасова
Соња Рилковска, Ана Анастасовска

**Лектура:** Елеонора Стојкоска-Попетревска

**Година на издавање:** 2022
**Тираж:** 75
**Печати:** Ројал арт, Скопје

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје
316.774(497.7):32.019.51(470+571)"2021/2022"(082)

ПРОПАГАНДА, лажни наративи, дезинформации - штетните влијанија на Кремљ во С. Македонија : зборник на медиумски написи / [автори на написи Деспина Ковачевска ... и др.]. - Скопје : Фондација Метаморфозис, 2022. - 192 стр. : илустр. ; 21 см

Фусноти кон текстот. - Други автори: Ѓорѓи Митревски, Мирјана Најчевска, Жарко Трајаноски, Бојан Блажевски, Горан Ризаов, Елида Зилбеари, Филип Стојановски, Теута Бучи, Шефкије Аласани, Весна Коловска, Ардит Рамадани, Горан Лефков, Симона Атанасова, Соња Рилковска, Ана Анастасовска

ISBN 978-608-263-081-6

1. Ковачевска, Деспина [автор] 2. Митревски, Ѓорѓи [автор] 3. Најчевска, Мирјана [автор] 4. Трајаноски, Жарко [автор] 5. Блажевски, Бојан [автор] 6. Ризаов, Горан [автор] 7. Зилбеари, Елида [автор] 8. Стојановски, Филип [автор] 9. Бучи, Теута [автор] 10. Аласани, Шефкије [автор] 11. Коловска, Весна [автор] 12. Рамадани, Ардит [автор] 13. Лефков, Горан [автор] 14. Атанасова, Симона [автор] 15. Рилковска, Соња [автор] 16. Анастасовска, Ана [автор]
а) Медиумски содржини -- Руска пропаганда -- Влијанија -- Македонија -- 2021-2022 -- Зборници

COBISS.MK-ID 57457925

# СОДРЖИНА

ВОВЕД ....................................................................................7

ДЕЗИНФОРМАЦИСКИ ТРЕНДОВИ ПОВРЗАНИ
СО СТРАНСКИ ВЛИЈАНИЈА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА....... 9

Клучни дезинформациски трендови
поврзани со странски влијанија ..........................................................10

Дезинформациски трендови поврзани со војната во Украина .......................13

Мониторинг на известувањето на домашните
медиуми за војната во Украина...........................................................17

ЕКСПЕРТСКИ АНАЛИЗИ ........................................................................21

КАКО СЕ ГРАДИ ФАСЦИНАЦИЈА ОД МОЌТА НА РУСИЈА
ВО МЕДИУМИТЕ И НА СОЦИЈАЛНИТЕ МРЕЖИ .......................................21

ДОВЕРБАТА ВО МЕДИЦИНАТА КАКО АЛАТКА
НА РУСКОТО ВЛИЈАНИЕ ..................................................................... 31

ЧУВСТВОТО ЗА ПРИПАДНОСТ КАКО АЛАТКА
ЗА РУСКО ВЛИЈАНИЕ ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ..................................43

РУСКАТА ПРОПАГАНДА ЗА ВРЕМЕ НА МАКЕДОНСКАТА ПОЛИТИЧКА
КРИЗА (2015) – ДЕЗИНФОРМАЦИИ ЗА „УКРАИНСКО СЦЕНАРИО“ ..........55

РУСКАТА ПРОПАГАНДА ЗА „УКРАИНСКОТО СЦЕНАРИО“
ВО МАКЕДОНИЈА (2016-2017) .............................................................67

РУСКАТА ПРОПАГАНДА ВО МАКЕДОНИЈА ВО 2018: „ЕДИНСТВЕНА
МАКЕДОНИЈА“ КАКО „ПИОНЧЕ“ НА „ЕДИНСТВЕНА РУСИЈА“ ................81

СО НИШТО НЕ МОЖЕ ДА СЕ ОПРАВДА РУСКАТА
ИНВАЗИЈА ВРЗ УКРАИНА....................................................................93

ПРОПАГАНДИСТОТ ДУГИН, САТАНИЗАЦИЈАТА НА ЗАПАДОТ И
АПОЛОГИЈАТА НА РУСКИОТ ИМПЕРИЈАЛИЗАМ.....................................105

НОВИНАРСКИ АНАЛИЗИ .................................................................. 115

УКРАИНА БАРА ОД СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ДА СЕ ПРИКЛУЧИ КОН ЕКОНОМСКИТЕ САНКЦИИ НА ЕУ КОН РУСИЈА........................................117

АНАЛИЗА: ВОЈНАТА ВО УКРАИНА ЌЕ ПРЕДИЗВИКА ЕКОНОМСКА НЕСТАБИЛНОСТ ВО РСМ........................................ 125

РУСКА МЕДИУМСКА СЦЕНА: КОНТРОЛИРАНИ СОДРЖИНИ СО МАЛКУ ПРОСТОР ЗА СТРАНСКИ МЕДИУМИ ........................................131

УЛОГАТА НА АЛБАНСКИТЕ ПАРТИИ ВО РСМ ВО КОНТЕКСТ НА БОРБАТА ПРОТИВ РУСКОТО ВЛИЈАНИЕ ........................................141

ВО УКРАИНА НЕ СЕ УНИШТУВААТ ........................................ 157

„ГЛОБАЛФАШИСТИ“, ТУКУ СЕ УБИВААТ ЦИВИЛНО НАСЕЛЕНИЕ И ДЕЦА ........................................ 157

НЕ Е ТОЧНО ДЕКА РУСИЈА НЕ ГРАНАТИРА ЦИВИЛНИ ОБЈЕКТИ И ДЕКА СНИМКИТЕ ОД МАРИУПОЛ СЕ ЛАЖНИ ........................................ 163

СО ЕДНОСТРАНИ ФАКТИ НА ГРАЃАНИТЕ ИМ СЕ СУГЕРИРА ДА БИДАТ ЗА РУСКАТА АГРЕСИЈА ВО УКРАИНА ........................ 169

РУСКА ПРОПАГАНДА Е ДЕКА ЗЕМЈИТЕ ОД ЗАПАДЕН БАЛКАН ПРАТИЛЕ „ПЛАТЕНИЦИ“ ДА СЕ БОРАТ ВО УКРАИНА........................................ 179

ВО УКРАИНА НЕМА ПРОГРАМА ЗА РАЗВОЈ НА БИОЛОШКО ОРУЖЈЕ ФИНАНСИРАНА ОД САД ........................................ 181

ИНФОРМАТИВНИ НАПИСИ ........................................ 185

РУСКАТА АМБАСАДА ВО СКОПЈЕ СО ЗАКАНА ДЕКА „ЕВИДЕНТИРААТ“ 187

НЕИСТОМИСЛЕНИЦИ, ЕТИКЕТИРАНИ КАКО „РУСОФОБИ“................. 187

ОПШТИНА ЦЕНТАР НЕ ЗНАЕ КОЈ ЈА ОТСТРАНИЛ ТАБЛАТА СО УКРАИНСКИОТ ГРАД СЕВАСТОПОЉ ОД „РУСКОТО“ ИГРАЛИШТЕ ....... 191

# ВОВЕД

Фондацијата за интернет и општество „Метаморфозис“ ја јакне свесноста и капацитетот на граѓаните и граѓанското општество за тие да ја преземат најдобрата можна улога како активисти за демократија, поддржувајќи ги државните институции и другите општествени чинители да ги исполнат нивните демократска улоги - да работат во служба на општеството и јавниот интерес.

За демократијата да биде одржлива и функционална, потребно е не само вклучено и активно граѓанство, туку и добро информирана јавност, што овозможува носење квалитетни одлуки, базирани на знаење. Наспроти тоа, слободите на изразување и на медиумите се загрозени од напливот на дезинформации кои се дел од популистичката авторитарна пропаганда од домашни и странски извори.

Проектот „Антидезинформациски центар: разоткривање на малигни влијанија преку новинарство“ има за цел да ги разоткрие главните пропагандни тврдења кои го негираат постоењето на штетни странски влијанија во Република Северна Македонија насочени кон подривање на демократијата. Тој е дел од континуираните напори на Фондацијата „Метаморфозис“ и мрежа од медиуми, истражувачки новинари и аналитичари да се документираат состојбите и ги демаскираат дезинформациите преку обезбедување докази за фактичката состојба. Зборникот „Пропаганда, лажни наративи, дезинформации - штетните влијанија на Кремљ во С. Македонија“ претставува избор на создадените јавни записи засновани на транспарентен методолошки пристап за проверка на факти кои ги ги побиваат централните начела на антидемократската и популистичка пропаганда.

Едуцирањето на граѓаните во утврдувањето кои информации се релевантни и точни, овозможува целото општество да стане помалку ранливо на ефектите на странските штетни влијанија. Стекнатите сознанија се основа за иницијатива за застапување што ги обединува релевантните чинители (владини институции, медиумски здруженија, индивидуални медиуми, граѓански организации, научно-образовната заедница и приватниот сектор) за да им се спротивстават на токсичните ефекти од дезинформациите преку инклузивен развој на јавни политики и конкретни заеднички активности.

**Бардил Јашари,**
Извршен директор на Фондацијата „Метаморфозис“



# ДЕЗИНФОРМАЦИСКИ ТРЕНДОВИ ПОВРЗАНИ СО СТРАНСКИ ВЛИЈАНИЈА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**Подготвиле: Деспина Ковачевска и Ѓорѓи Митревски**

Со цел идентификување на трендовите на медиумското известување, како и клучните дезинформациски трендови поврзани со странските влијанија во земјава, во рамките на оваа студија беше извршен мониторинг на домашните медиуми во периодот од ноември 2021 до април 2022.

За утврдување на главните дезинформациски трендови беше спроведена анализа на повеќе од 300 антидезинформациски написи, од кои 160 директно се однесуваа на откривање дезинформации поврзани со странски влијанија во земјата, а беа објавени како проверка на факти и аналитички написи од „Вистиномер“. Во примерокот за спроведувањето на оваа анализа беа вклучени сите достапни написи што содржат проверливи факти што можат да се проверат со професионални новинарски методи, при што се водеше сметка да бидат вклучени сите високо вирални написи, односно написи со висока застапеност на социјалните мрежи.

За добивање дополнителни податоци во однос на вкупната медиумска застапеност на информациите поврзани со војната во Украина, која претставуваше и најактуелна медиумска тема во мониторираниот период, а со тоа и најподложна на дезинформирање, беше спроведен и мониторинг со употреба на клучни зборови, кои беа утврдени врз база на претходна квалитативна анализа на присутните наративи во медиумскиот простор. Примерокот за спроведување на мониторингот со употреба на клучни зборови ги опфати сите медиумски написи од набљудуваниот период  достапни на домашните агрегатори на вести.

Ваквиот методолошки пристап не обезбедува сеопфатна слика на домашното медиумско покривање во набљудуваниот период, но обезбедува јасна слика за трендот во известувањето на домашните медиуми како и за застапеноста на дезинформациските трендови во земјава.

## Клучни дезинформациски трендови поврзани со странски влијанија

Од вкупниот број идентификувани дезинформациски написи во мониторираниот период, во примерокот на дезинформациски написи поврзани со странски влијанија, беа вклучени сите написи што се повикуваат или преземаат информации од странство, написите во кои се споменуваат други држави и/или меѓународни организации и/или институции, како и написи што на домашниот медиумски простор пресликуваат некои од глобалните теории на заговор. Преку овој начин на селекција, во анализираниот примерок се најдоа сите познати дезинформациски написи, со исклучок на оние што немаа никаква релација со теми, теории или ентитети надвор од државата и се однесуваа исклучиво на домашниот општествен живот.

Анализата на дезинформациските написи во периодот ноември 2021 – април 2022 открива дека на медиумите и социјалните мрежи во земјата постојат три главни дезинформациски трендови. Разбирливо, ако се има предвид интензитетот на случувањата и медиумското покривање на темата, најзастапени беа дезинформации поврзани со војната во Украина, кои во примерокот беа идентификувани во 57 различни написи.

Дезинформации што имаат цел да го поттикнат антиваксерството, како сѐ уште многу присутен дезинформациски тренд во земјата, беа застапени во 50 различни написи. Главните наративи на кои полагаа овие дезинформациски написи се претходно познатите тврдења дека вакцината против ковид-19 предизвикува болести (како рак, ебола, хив, невролошки болести, срцеви заболувања, инфекции и згрутчување на крвта), потоа, дека вакцините содржат отров, односно, графен оксид, како и тоа дека вакцините се штетни за бременоста.

Дезинформациите што поддржуваат различни теории на заговор беа нешто помалку застапени. При анализата беа идентификувани во 37 различни написи што шират теорија на заговор, при што речиси еднакво беа застапени сите претходно познати теории како: чипување, ДНК-клонирање и други генетски манипулации, 5G, пландемија, Фаучи, фармацевтска мафија, како и еугеника.

Во примерокот беа идентификувани и 16 дополнителни написи со дезинформации поврзани со различни други теми од областа на странски влијанија во земјата.




Ако го погледнеме присуството на идентификуваните дезинформациски трендови во временскиот период од ноември 2021 до април 2022, ќе забележиме дека дезинформациите поврзани со антиваксерството и теориите на заговор имаат константна временска застапеност, со мала варијација во текот на месеците, за разлика од дезинформациите за војната во Украина, кои го следат трендот на медиумското известување за темата.

Ширењето на дезинформациите поврзани со кризата во Украина, во почетокот на годината, додека кризата растеше во интензитет, сè уште беше многу мало. Но откако утрото на 24 февруари започнаа воените дејства против Украина, проверувачите на факти беа сведоци на суштинско менување на ситуацијата и енормно зголемување на дезинформациите за настаните, така што во текот на март беше достигнат максимумот на дезинформациските активности, па дезинформациите поврзани со војната во Украина беа повеќе од трикратно застапени. Иако во април е забележан мал пад во бројот на дезинформациски написи во однос на оваа тема, сепак, тие се повторно трикратно позастапени од преостанатите.




Најголем број дезинформациски написи потекнуваат од социјалните мрежи. Дури 152 од анализираните написи биле лични постови на „Фејсбук“, а само осум биле медиумски написи.

Дезинформациските во најголема мера се базирале на медиумски написи во домашните или странските медиуми (дури 76 од сите дезинформациски написи), а потоа и на објави на социјалните мрежи (38 објави, од кои 19 на „Фејсбук“, а 14 на „Твитер“). Во помала мера дезинформациите се засновале и на објави на „Јутјуб“ (16), веб-страници (13), како и на други извори.



## Дезинформациски трендови поврзани со војната во Украина

Со развојот на воените сценарија за Украина се развиваа и дезинформативните наративи, кои патуваат глобално. Сепак, високиот степен на подготвеност на организациите за проверка на факти овозможи брзо детектирање на растечките наративи и спроведување иницијативи за справување со измамите. Досегашните резултати од мониторингот на медиумското известување покажува дека постојат дезинформации што одат во полза на двете завојувани страни; сепак, односот е далеку од еквивалентен. Информативната војна што ја води Кремљ е систематска, далекусежна и вистински деструктивна.

Во многу раните фази на руската воена инвазија, дезинформациите беа првенствено фокусирани на воените аспекти што ќе го подигнат нивото на тревога и конфузија. Потоа, повикувајќи се на историски „вистини", дезинформациите служеа за легитимирање, па дури и оправдување на антагонизмот, додека потресните приказни за украинските цивили имаа цел да постигнат емотивни реакции. Конечно, со теориите на заговор во кои се вовлекува и Украина, како што се измами поврзани со пандемијата или со „deep state", се затвора кругот на познатите дезинформациски наративи. Со понатамошниот тек на настаните, се очекува дезинформациите да продолжат да се прилагодуваат на развојот на сценаријата, како што е примерот со растечките дезинформации за зголемените миграциски текови.

Според неделните извештаи за дезинформациските наративи за војната во Украина[1] на Европската опсерваторија за дигитални медиуми (ЕДМО)[2], до крајот на април годинава во европскиот медиумски простор циркулираат поголем број наративи од кои се креираат следниве дезинформациски трендови:

I Преиспитување на војната, од нејзината реалност до нејзините мотиви;

II Неосновани информации за воените операции;

III Искривена претстава на Украинците и Зеленски;

1 https://edmo.eu/war-in-ukraine-the-fact-checked-disinformation-detected-in-the-eu/

2 European Digital Media Observatory (EDMO); https://edmo.eu/

IV Дискредитирање на медиумското известување за Украина;
V Дезинформации за одговорност за украинските цивилни жртви;
VI Дезинформации за украинските бегалци;
VII Дезинформации за хуманитарната криза;
VIII Лажни информации за странска поддршка за Украина;
VIII Шеми за поддршка на руската инвазија врз Украина;
IX Лажни информации за недостаток на храна и лекови;
X Неточно претставување на Русите.

Анализата на домашните написи покажува дека дезинформациите што се шират во земјава, генерално, се групираат околу неколку дезинформациски трендови кои се најопшти и најзастапени и во европскиот медиумски простор (како на пример, неосновано информирање за воените операции, преиспитување на мотивите за војната или, пак, искривено претставување на завојуваните страни), додека, пак, дезинформации поврзани со хуманитарната димензија на војната (како, на пример, одговорноста за украинските цивилни жртви, бегалската или хуманитарната криза) воопшто не се застапени.



### *Неосновани информации за воените операции*

Фабрикуваните информации за развојот на војната се првите што се раширија од почетокот на инвазијата, збунувајќи го јавното мислење и создавајќи паника. Од самиот почеток на војната, сè досега, на медиумите среќаваме деконтектуализирани видеа и фотографии, со кои се шират дезинформации за вооружена агресија, експлозии и други случувањата на бојното поле. Исто така, голем е бројот на написите во кои се шират дезинформации за НАТО-бази и лаборатории за биолошко оружје во Украина, на кои наседнаа не само дигиталните, туку и некои од традиционалните медиуми. Ваквите наративи се присутни во речиси половина од написите што шират дезинформации за војната во Украина во земјава (44%), а исто така се најзастапени во европските медиуми, каде претставуваат околу една третина од сите дезинформации поврзани со војната во Украина.

### *Преиспитување на војната, од нејзината реалност до нејзините мотиви*

Не е мал ниту бројот на наративите што ја збунуваат јавноста преиспитувајќи ги причините, па дури и основните факти за постоењето на војната во Украина. На социјалните медиуми се шират дезинформации дека војната во Украина е инсценирана, дека медиумите лажно известуваат за конфликтот, па дури и дека случувањата во Буча и Мариопол не се вистинити, туку станува збор за украинско сценарио наменето да ѝ наштети на руската позиција. Ваквите наративи се среќаваат во една четвртина (25%) од дезинформациите на домашните медиуми, а во исто толкава мера се среќаваат и во европскиот медиумски простор.

### *Искривена претстава на Украинците и Зеленски*

Со оглед дека конфликтот во Украина разбуди тешки историски спомени, во јавната сфера почнаа да се појавуваат наративи што ги толкуваат настаните преку различни алузии на нацистичкиот режим. Иако употребата на вакви наративи е забележана кај двете завојувани страни, сепак треба да се напомене

дека руската дезинформативна офанзива, во овој случај е далеку поуспешна. За разлика од антируските дезинформации (како на пример монтираната насловна страница на „Тајм магазинот“, каде што е претставен Путин со мустаќите на Хитлер), кои беа присутни во мала мера, проруските дезинформации кои го прикажуваат претседателот Зеленски и Украинците во нацистичко светло (како, на пример, монтираната фотографија на Зеленски како држи фудбалски дрес со свастика), беа многу присутни и во домашниот медиумски простор, каде заедно со уште неколку други наративи наменети за дискредитирање на претседателот Зеленски, беа пронајдени во речиси една четвртина (25%) од написите што шират дезинформации за војната во Украина.

### *Искривена претстава на Русите*

Анализата на домашните написи покажува дека, за разлика од широко застапените проруски наративи, антируски дезинформации се присутни во значително помал број. Имено, на домашните дигитални медиуми беа пронајдени само пет написи во кои беа идентификувани дезинформации наменети да ја дискредитираат личноста на рускиот претседател Путин.




Содржинската анализа на дезинформациските трендови укажува дека во анализираниот примерок доминираат проруски дезинформациски наративи.

Со исклучок на 5 написи, што претставува само околу 4% од вкупниот примерок, сите други написи одат во прилог на руската пропаганда. Дополнителната анализа покажува дека Украина, односно САД или НАТО, во негативен контекст експлицитно се спомнуваат во повеќе од две третини од медиумските написи.

## Мониторинг на известувањето на домашните медиуми за војната во Украина

Мониторингот на медиумското известување за периодот ноември 2021-април 2022 дава јасна слика за тематската присутност во домашните медиуми. Медиумското покривање на темите поврзани со војната во Украина бележи нагорен тренд од почетокот на 2022 година, кога е забележано енормно интензивирање на медиумското известување, при што најголем број написи (main peak) е забележан во март, кога бројот на медиумските написи за темата двојно се зголемил во однос на претходниот месец, а тројно во споредба со јануари истата година. Во април бележиме опаѓање на бројот на написите до степен понизок од оној во февруари.

Мониторингот утврди дека најголем број написи во медиумското известување од набљудуваниот период се однесуваат на ставовите и изјавите на рускиот претседател Путин. Медиумската застапеност на Путин е доста висока и во периодот пред интензивирањето на активностите поврзани со војната во Украина. Така, Путин се споменувал во 421 медиумски напис во ноември, во 1143 написи во декември, а во 635 медиумски написи во јануари. Во февруари, бројот на написите во кои се споменува рускиот претседатал пораснал на дури 4819, во март на рекордни 7008, додека во април тој број изнесува 3426. Украинскиот претседател Зеленски во периодот ноември 2021-јануари 2022 се споменува во значително помал број написи во споредба со Путин. Во ноември, Зеленски бил спомeнат во само 66 новинарски написи, во декември во 119, а во јануари во 202. Сепак, во февруари бројот на медиумските написи во кои се споменува Зеленски нагло пораснал на 2029, додека во март го достигнал максимумот од 5322, а во април опаднал на 3181 напис.

Квантитативната споредбена анализа на медиумската застапеност на двајцата лидери, покажува јасен тренд на зголемување на медиумската застапеност на Зеленски. Ако во јануари, Зеленски бил трипати помалку споменуван од Путин, во текот на февруари и март таа разлика значајно се намалува за во април да бележиме речиси еднаков број написи што се однесуваат на Путин и на Зеленски.

Во медиумите бележиме и интезивирање на известувањето за активностите на руската армија од почетокот на 2022 година. Така, руската армија во јануари била спомената во 105 новинарски написи, во февруари во 996, во март во 1858, а во април во 1052 написи.

На домашните медиуми во поголема мера биле застапени известувањата поврзани со односот на  Европската Унија и Русија, отколку информациите за односите на релацијата НАТО-Русија-Украина. За односите на Европската Унија и Русија во ноември се известувало во 80 новинарски написи, во декември во 294, во јануари во 207, додека, пак, во февруари во дури 1586 новинарски написи. Најголема медиумска застапеност е измерена во март (1860 написи), а во април овој број се намалил на 1311. Бројот на новинарските написи во кои се споменуваат завојуваните страни Русија и Украина, но и НАТО-алијансата, во ноември изнесувал 37, во декември 158, во јануари 411, во февруари 659, во март максимални 1079, а во април опаднал на 398 написи.

Самиот поим дезинформација е речиси еднакво застапен во мониторираниот период, со благо интензивирање во периодот јануари-април, притоа следејќи го истиот тренд на зголемување на медиумската застапеност на написите што известуваат за војната во Украина. Во ноември, дезинформации се споменувале во 208 написи, во декември во 190, а во јануари во 213. Бројот на написи во кои се споменуваат дезинформации во февруари пораснал на 279, во март на 316, а во април опаднал на 239.

Видливо е дека во периодот јануари-март нагло пораснал бројот на написите во кои се споменува рускиот претседател Путин во контекст на нашата земја. Во јануари, беа забележани само 6 такви написи, во февруари бројот пораснал на 82,

додека пак во март дури на 132. Во април, бројот на вакви написи во домашните медиуми опаднал на 30.

Од јануари, исто така, бележиме тренд на пораст на медиумските написи во кои се анализира руското влијание. Имено, такви написи во јануари имало 3, во февруари, 23, во март 48, а во април 68. Во март и април се забележува и појава на написи во кои се обработуваат содржини што ги вклучуваат Русија, Србија и Северна Македонија (14 во март и 16 во април).



# ЕКСПЕРТСКИ АНАЛИЗИ



# КАКО СЕ ГРАДИ ФАСЦИНАЦИЈА ОД МОЌТА НА РУСИЈА ВО МЕДИУМИТЕ И НА СОЦИЈАЛНИТЕ МРЕЖИ

Еден од наједноставните начини на влијание врз поширок број луѓе е глорификацијата на една држава. Позитивната глорификација може да поттикнува воодушевување, чувство на припадност и заедништво, чувство на заштитеност, секогаш присутно прибежиште, алтернатива што им стои на располагање на граѓаните и на државата... Ова е особено можно во периоди на застој во развојот или неисполнети очекувања или незадоволство од брзината со која се движат нештата, во конкретниот случај, пристапните преговори со ЕУ

**Пишува: проф. д-р Мирјана Најчевска,**

**експерт за правна држава и човекови права**

(Вистиномер, 31.01.2022 г.)

Прикажувањето на моќта на една држава може да се однесува на културната, научната или на некој друг вид моќ, меѓутоа највпечатливо е кога кореспондира со истакнувањето на воената моќ. Токму овој сегмент на можно влијание е интересен и паѓа в очи кога се прави анализа на влијанието што го има Русија во Република Северна Македонија.




## ГЛОБСЕК

Генерално, Северна Македонија не е премногу изложена, ниту, пак, е под некое видливо и силно влијание на Русија. Редовното следење на ранливоста на државата од ваков вид влијание што го врши тинк-тенкот ГЛОБСЕК од Братислава покажува дека е таа средно ранлива и оти има механизми со кои успева да се справи.

Фасцинацијата од моќта на Русија постои и се пренесува како преку формалните медиуми, така, и уште повеќе, преку социјалните мрежи и интернет-страници, меѓутоа тешко може да се квантификува и да се измери.

На ова влијаат неколку фактори.

Прво, во државата не е развиено аналитичко и истражувачко новинарство, туку се практикува, пред сè, копирање и пренесување вести/информации/анализи од други, најчесто странски медиуми. Со оглед на тоа дека дури и при ова пренесување не се цитираат медиумите од кои е преземен текстот, а уште поретко се даваат линкови (врски) до конкретните текстови, може само да се претпоставува од кој извор е преземена одредена вест/информација според нејзината содржина.

Второ, постои традиција на слушање/гледање/читање медиуми што доаѓаат од соседна Република Србија. Многу е тешко да се одреди обемот на изложеноста на граѓаните на овие медиуми (од кои голем дел се многу позитивно настроени и многу неселективни кога станува збор за пренесување информации поврзани со Русија и нејзината воена моќ). Ситуацијата се влошува со откупувањето на дел од медиумите во Република Северна Македонија од страна на српски сопственици. Доколку ова се стави во контекст на анализите што укажуваат на големо влијание на Русија во

српските медиуми, може да се изведе заклучок за рефлексија на тоа влијание и во Република Северна Македонија.

Трето, социјалните мрежи претставуваат значаен извор на информации кој тешко може да се квантификува. Довербата во медиуми што пласираат вести чиј извор не може да биде проверен е значајна и недвосмислено опасна. Токму поради претежно неформалниот начин на пренесување на информациите, ставовите, мислењата, не е лесно да се процени нивото на влијанието што го има на поширок круг луѓе.

Она што може да се изведе како заклучок од анализа на медиумите во Република Северна Македонија е тоа дека за воената моќ на Русија се зборува на начин и во квантитет што не може да се сретне кога станува збор за која било друга држава. Едностраноста на информацијата е потенцирана со тоа што во медиумите не се присутни релевантни мерења и поатоци од кои може да се види воената моќ на одделни држави/сојузи.




*Илустрација: Листа со земји според воената моќ според GlobalFirepower (GFP).*

Оваа фасцинација (на начинот на кој е прикажана во медиумите) може, но воопшто не мора да кореспондира со податоците за фактичката состојба (со оглед на тоа дека во многу мал број написи се посочуваат релевантни податоци или извори за одредени тврдења). Во секој случај, во медиумите не се спротивставуваат различни извори на податоци.

Во одделни написи отсуството на извори и релевантни податоци се заменува со давање детали за конкретни видови оружје и/или вооружување што треба да создаде впечаток на релевантност и знаење. На пример, еден од ваквите написи е под наслов „Носителот убиец ќе ја направи Русија моќна хиперсонична сила“, во кој е даден многу детален приказ на „ново“ оружје, кое се подготвува од страна на Русија. Или „Руски противвоздушни системи „С-350“ набргу на Крим“, „Тврдината Калининград: руската армија забрзано формира моќна дивизија за одбрана на важните енклави“.

Дел од написите се така структурирани, што на прв поглед може да изгледа дека праќаат порака на загриженост (од воената моќ на Русија), меѓутоа во низа вакви случаи целокупниот текст зрачи со воодушевување.

Вообичаено, воената моќ на Русија не е дел од некоја поширока или продлабочена анализа, спомнувањето често е направено вон контекст (поврзано со некој настан – прослава, маневри, изјави на високи функционери во власта на Русија) и нема споредбени елементи или балансиран приказ на воената моќ на други држави.

Дури и тогаш кога медиумите се повикуваат на експертски или конкретни анализи преземени од други медиуми, многу ретко се дава линк со кој би се провериле во нивната изворна/оригинална форма. Во секој случај, нема балансиран приказ или повикување на различни анализи (едни, во кои се велича моќта на Русија и нејзината спремност да ги порази САД, и други, каде што се тврди обратното).

Во малиот број сериозни анализи на распоредот на воената моќ во медиумите на Северна Македонија се даваат сосема спротивни податоци (за воената моќ и немоќ, но уште повеќе за економската состојба во Русија) на тие што се шират од страна на портали и медиуми што ја подгреваат фасцинацијата од воената моќ на Русија.

Интересно е дека кога се зборува за распоредот на воената моќ на светско ниво (па дури и за можен конфликт), вообичаено се зборува за САД и Русија, а не за соодност на силите или за можен конфликт меѓу Русија (или структура предводена од Русија) и НАТО.

Информациите што се однесуваат на воената моќ на Русија најчесто се дел од вестите пренесени преку социјалните мрежи, меѓутоа не ретко тие наоѓаат место и во етаблирани пишани и електронски медиуми. Дел од тој тренд се најстарите весници во Северна Македонија како „Нова Македонија“ со написи од типот „Русија повторно е моќна и Западот мора да ѝ излезе во пресрет“ и „Вечер“ со „ВИДЕО| Русија успешно тестираше уште една хиперсонична ракета“

Некогаш станува збор за посредни пораки поврзани со продажба на оружје на соседи или „пријатели“ или, едноставно, се прави обид да се постигне соодветен ефект со омаловажувачки однос кон НАТО.

Во оваа смисла, интересен е и изборот на изрази што се користат да се опише воената моќ на Русија. На пример, се зборува за „Целата моќ и убавина на Руската армија: Целата моќ и убавина на Руската армија во едно видео: Рускиот воен ТВ-канал објави спектакуларно видео“:

**Видеоснимката ја подготви екипата на ТВ-каналот ‘Ѕвезда’. На неа е прикажано мајсторството на руските воени пилоти, тенкисти, падобранци, артилерци и митралесци. Прикажани се, меѓу другото, и ефектни сцени од лансирање ракети ‘Калибар’ од бродови, како и сцени на содејство на јуришни хеликоптерски одреди и авиони кои ракетираат цели. Особено внимание заслужуваат сцените со полетување на стратешките бомбардери ту-160 ‘Бел лебед’.**

Голем дел од вестите поврзани со воената опременост и воената моќ на Русија, кои понатаму се пренесуваат на одделни портали или дури и во реномирани медиуми во Северна Македонија, се преземаат од порталот Russia Beyond. Најчесто во такви случаи, овој портал воопшто не се посочува како извор на информациите/податоците, ниту, пак, се споменува дека информацијата е дел

од мрежа медиуми финансирани од руската влада во која спаѓаат матичната публикација „Российская газета“ и телевизијата Russia Today (RT) .




*Снимка на екранот од напис на Infomax.mk.*

Во градењето на впечатокот на грандиозност и поттикнувањето на фасцинацијата од воената моќ на Русија често се зборува за некои тајни и сосема нови оружја.

Од написите во кои е презентирана воената моќ на Русија не може да се изведат некои посебни заклучоци (очигледно тоа и не е целта на написите), ниту, пак, се спомнуваат негативни конотации од ваквата воена моќ. Вообичаено останува само впечатокот на грандиозноста.

Ваквиот вид написи се зачестени во ситуации на потенцијален конфликт во којшто е вклучена Русија како страна на конфликтот, каков што е најновиот пример со Украина.

На почетокот од порастот на тензиите поврзани со Украина, во медиумите во Република Северна Македонија немаше премногу анализи на темата. Интересно е дека и во дел од тие што беа направени, повеќе се зборуваше за тоа што ги мачи Русите отколку за тоа што ги загрижува западноевропските држави. Во некои од информациите поврзани со конфликтот околу Украина, многу отворено

се заземаше страна со употреба на соодветен вординг и контекст во кој се пренесуваат изјавите на високи функционери на двете страни („Да потсетиме, портпаролот на Пентагон, Џон Кирби (според порталот „Локално“) изјави дека Русија наводно подготвува изговор за инвазијата на Украина, без да наведе докази за тие тврдења“, „... додека не се изведат доказите, ќе се смета дека станува збор за лажни вести и лажни обвинувања против Русија“, пишува порталот „Обсервер“).

Уште помал беше бројот на колумни во кои се анализира односот меѓу Русија и Украина во светлото на европските вредности. Една од ретките колумни во кои е направен обид за балансиран пристап, која се обидува да направи корелација со случувањата во Македонија и односот на европските држави кон неа, е објавена од порталот „Фактор“ во 2019 година.

Следно ниво беше развивање позитивна перцепција кон воените сили на Русија и прифаќање на нивното дејствување како посакувано. Во написи како „Се повлекуваат мировниците од Казахстан“ објавен од порталот „Експрес“ во јануари 2022 г. тие стануваат мировни сили, со јасна мировна улога. Понекогаш позитивната перцепција е добро спакувана во навидум објективен текст.

Овој впечаток се потенцира со тивка воодушевеност од тактиката на Путин или „неединството во НАТО“ и западноевропските држави, односно незаинтересираноста на „западот“ за Украина, како и со еднострано прикажување на Русија како жртва.

Сето ова може да поттикне генерално позитивен став кон Русија, да го ублажи перципирањето на Русија како некој што ја употребува својата воена моќ за проширување на сопственото влијание и создава перцепција на Русија како можен заштитник, а не можен агресор.

Во контекст на големото присуство на текстови од српските медиуми во кои се негува негативен пристап кон НАТО ова добива поголеми размери.

Бројот на информации и написи за односите на Русија и Украина кои ја прикажуваат целокупната ситуација и од една друга перспектива се зголемува со растот на можноста за конфликт, односно, од навлегување на воени сили на Русија на територијата на Украина, за во последните недели од јануари да добие огромни размери. Во јануари 2022 година првпат се појавуваат и написи што зборуваат за воената моќ и воената помош која САД и НАТО почнуваат да ја манифестираат/даваат во врска со конфликтот).

## Недостаток на оригинални анализи

Сè уште нема анализи од локални автори, туку извор за информации (барем на поголемите етаблирани медиуми) се, пред сè, западните информативни гласила.

Информациите што се обидуваат да дадат објективен приказ на ситуацијата постепено добиваат бројност (и во голема мера ги „прекриваат“ оние што продолжуваат со пренесувањето анти НАТО содржини во дел од медиумите и содржини со кои се омаловажува кој било облик на санкции во случај на можна агресија од страна на Русија, односно ваквата агресија се прикажува како морална и оправдана.

Сепак, останува проблемот со пренесувањето содржини со кои многу отворено се промовира поддршката за Русија во конфликтот со Украина преку социјалните мрежи. Имено, официјалните информации и пренесувањето на ескалацијата на конфликтот дадени во редица медиуми не се пренесуваат понатаму од страна на социјалните мрежи, за разлика од содржините со кои се поддржува Русија, кои се пренесуваат преку групи на „Фејсбук“ и неформалните групи што организираат протести и се декларираат како отворени противници на НАТО и тивки поддржувачи на Русија. Уште повеќе што на неформални портали и интернет-страници на кои нема импресум и транспарентни информации за сопственоста вакви содржини се продуцираат од страна на личности што дел од граѓаните ги перципираат како сериозни новинари.

## Информирање за ставовите на македонските политичари во врска со Русија

Во последните неколку години, македонските политичари во власта ретко се искажуваат за односите со Русија. Кога го прават тоа, вообичаено се обидуваат да седат на две столчиња и во никој случај да не пласираат отворени обвинувања кон Русија. Така, на пример во 2019 година премиерот Зоран Заев за аферата со руските пранкери, која беше официјално окарактеризирана како „хибриден напад“ од претставници на Владата, изјави дека „не е акт на Руската Федерација, на државата што ни е пријател“.

Во врска со конфликтот на Русија со Украина, за првпат отворена поддршка на Украина даде новоименуваната министерка за одбрана Славјанка Петровска.

Оваа изјава е пренесена од голем број медиуми во Северна Македонија, меѓутоа предизвика и лавина од навреди и омаловажување (кои повторно се користат за потенцирање на воената моќ на Русија).

Наспроти тоа, отворена поддршка на Русија (дури и во конфликтот со Украина) ѝ даваат многу мал број политичари и тие се вообичаено надвор од власта. Уште помал број политичари актуелно вклучени во структурите на власта даваат изјави со кои отворено ја поддржуваат Русија и ѝ се спротивставуваат на НАТО-ориентацијата на Македонија.

Еден од нив е пратеникот Апасиев, кој припаѓа на партијата Левица (партија која освои две пратенички места на парламентарните избори од 2020 год., и која во својата изборна програма јасно истакнува дека се залага за излегување на Македонија од НАТО).

**Лидерот на Левица, Димитар Апасиев, се сретна со амбасадорот на Русија во Скопје, Сергеј Баздникин, во репрезентативната „Струшка соба“ на Собранието. Од партијата на пратеникот велат дека професорот и дипломатот, меѓу другото, разговарале и за фамозниот твит со кој министерот за надворешни работи Бујар Османи им даде поддршка на САД во справувањето со тензиите на руско-украинската граница.**

*Изјавите на Апасиев се насочени кон позитивна перцепција на Русија.*

Може да се изведе заклучок дека во дел од медиумите, порталите и интернет-страниците во рамките на социјалните мрежи во Република Северна Македонија е изграден канал на постојано тивко градење позитивен однос кон оружената моќ на Русија и подгревање на фасцинацијата од нејзината големина.

Многу е тешко да се утврди вистинското влијание што вака пренесените информации го имаат врз пошироката јавност, меѓутоа останува фактот за постојаното присуство на овој вид перцепции што многу лесно може да бидат исфрлени на површината и мултиплицирани во услови на криза и особено во услови на растечко незадоволство во државата од (не)поддршката што ја добива во евроинтеграциските процеси.



# ДОВЕРБАТА ВО МЕДИЦИНАТА КАКО АЛАТКА НА РУСКОТО ВЛИЈАНИЕ

Претходно воспоставената доверба во советската и руската наука и медицина се користи како средство за политичко влијание, особено поврзано со пандемијата на ковид-19 и вакцините

**Пишува: проф. д-р Мирјана Најчевска,**

**експерт за правна држава и човекови права**

(Вистиномер, 23.02.2022 г.)

## Довербата претставува моќна алатка во ширењето на руското влијание во Северна Македонија.

Во случајот на Русија станува збор за доверба која е градена со децении и која може, но не мора, да се базира на реални елементи. Вообичаено станува збор за доверба која се базира на перцепцијата на високиот развој и големи достигнувања во развојот на науката, особено во медицината во Русија (порано СССР). Доверба којашто се базира на перцепцијата (повторно независно од тоа дали има релевантни податоци и фактички елементи) дека Македонија ја има поддршката и помошта од Русија (наспроти секогаш проблематичното и со мнително однесување на „Европа“ и воопшто западните држави/демократии и „нивните двојни стандарди“).

Ваквата доверба се промовира на социјалните мрежи и од видни професори во Северна Македонија (и се занемаруваат реалните случувања, кои не соодветствуваат на дадените изјави):

*Твит од проф. д-р Тања Каракамишева, носителка на високи државни функции во периодот на заробена држава, со текст за измислена меѓународна иницијатива против новото уставно име на Република Северна Македонија*

### *(РСМ): „Се очекува зад иницијативата на Русија, Кина и Турција за именување на Македонија како Република  Македонија, а не како РСМ да застанат многу земји-членки на ОН, кои ќе ја информираат  Владата и претседателот дека тие ќе го користат името Република Македонија. ШАХ-МАТ или...“*



Тања Каракамишева Tanja Karakamisheva
@TKarakamisheva

"Се очекува зад иницијативата на Русија, Кина и Турција за именување на Македонија како Република Македонија,а не како РСМ да застанат многу земји-членки на ОН кои ќе ја информираат Владата и претседателот дека тие ќе го користат името Република Македонија". ШАХ-МАТ или...

2:44 PM · Jan 23, 2019 · Twitter for Android

53 Retweets 4 Quote Tweets 151 Likes

Интересен пример за специфичен начин на влијание на Русија во Македонија базирано на доверба е медиумското покривање на пандемијата прогласена во врска ширењето на ковид-19.

И во овој случај, најчесто станува збор за информации што се споделуваат на социјалните мрежи и во ограничен број портали и медиуми, меѓутоа наоѓаат место и во етаблирани медиуми (при што треба да се има предвид нискиот ниво на доверба на граѓаните на Северна Македонија во медиумите воопшто). Влијанието што ваквите вести го имаат врз пошироката јавност може да се препознае во фразите, зборовите и објаснувањата што се шират, а кои во потполност или по многу елементи личат на тие  промовирани преку отворено проруски ориентираните портали.

Кога станува збор за довербата кон Русија како еден од начините на ширење руско влијание, оваа доверба треба да се става во корелација со недоверба кон западноевропските држави и САД (како друга страна на медалот) вградена во самите информации.

Во конкретниот случај може да се идентификуваат три групи информации/текстови низ кои може да се идентификува руското влијание (кои навидум се дури и противречни едни на други, меѓутоа во крајна линија се базираат на довербата кон Русија и водат кон зајакнување на оваа доверба).

## Теории на заговор за пандемијата на ковид-19

**Првата група текстови** се однесува на негирање на пандемијата, на постоењето на вирусот и посебно проблематизирање на начинот на справување со него (врз основа на информации споделени од руски медиуми или повикувајќи се на руски лекари/научници).

Негирањето на постоењето на пандемијата е често директно и многу отворено:

> **По Британија и Руската Медицина со Ист Став: Ковид-19 не е Особено Опасна Инфекција – Паниката е Фабрикувана!**

Но, често не е директно, туку многу суптилно, меѓутоа многу јасно упатува на намерата на „западните држави" да ја искористат „лагата за пандемијата" со цел намалување на правата и слободите на луѓето:

> **Паниката од „високо-преносливиот" мутиран вирус што се шири низ европските земји – вклучувајќи ги Германија, Данска и Ирска, меѓу другите – им даде повод на тамошните влади да ги заклучат уште еднаш овие нации.**

Негирањето на постоењето на вирусот се гарнира со квазианализи, кои нудат политички објаснувања за начинот како пандемијата се користи во светот. Вообичаено овој вид „анализи" спомнуваат некој аналитичар/научник од Русија (во многу случаи дури и со погрешно напишано име или презиме), за кои нема никакви податоци дека на каков било начин се релевантни за дадената област:

> **Истакнат аналитичар во руското центар за военостратешки истражувања при Генералштабот на РФ – полковник Владимир**

**Кватков, ја анализирал светската психоза предизвикана од корона-вирусот....**

**Пандемијата, која не постои, е глобална стратешка специјална операција. Тоа е вежба за командување и контрола зад сцената, со цел да се добие целосна контрола врз човештвото. Ова е позадината за појава на корона-вируси. Светот на бекстејџот, особено финансискиот, има цел да го намали населението на земјата. Според нив, има премногу од нас на планетата. Треба да има околу сто милиони и повеќе слуги, максимум околу една милијарда на земјата.**

Реториката од ваквите објави со теории на заговор, кои пандемијата ја претставуваат како средство на „западни" центри на моќ да убијат дел од светското население, за преживеаните да ги користат како „слуги" или „робови", од сајтови со анонимни автори и скриена сопственост, потоа се прелева и во политичкиот дискурс.

## Глорификување на руската улога во борбата со пандемијата на ковид-19

**Втората група текстови претставува** глорификување на достигнувањата на Русија во борбата со пандемијата, откривањето и ефикасноста на руската вакцина и напредокот во откривањето лек против ковид-19.

Оваа линија понатаму се развива во критика на власта поради задоцнетото воспоставување барање до Русија за нивните вакцини, дури и од страна на актуелни политичари/пратеници:

**А бе, вистина ли русофобниве глуперди од Влада ја игнорирале директната понуда на руска вакцина, па аплицирале преку КОВАКС механизмот на СЗО. И, оп, таму пак им се паднала – руската вакцина!? Која колосална неспособност ја имате, мајке ми!**, *пишува пратеникот од редовите на Левица, Димитар Апасиев.*

Слично, на социјалните мрежи, власта отворено се нарекува русофобна, се обвинува дека ваквиот однос произлегува од желбата да се биде дел од НАТО и Европската Унија (ЕУ) и дека станува збор за:

**...сервилно робовско додворување на НАТО и ЕУ.**

Пораката се засилува со посочување на државите што тоа (набавка на руската вакцина) веќе го направиле , искажување загриженост поради молчењето на државата и особено информации за соодветното постапување на српските власти и пријателскиот одговор од страна на Русија:

**Не сум целосно запознаен дали од Србија дошло барање за помош. Во секој случај, нема сомнение дека таа молба нема да остане без одговор, особено затоа што е важна, сојузничка и братска земја,** *истакна Песков.*

Тензијата постојано се зголемува и подгрева со пласирање податоци за „огромната“ и „несебична“ помош што ја добива Србија.

На социјалните мрежи се појавуваат претставници на партии што отворено шират дезинформации и во исто време ја промовираат вакцината „Спутник В“ како единствено сигурна во справувањето со пандемијата:

**Прво, голем број земји во Европа и светот забранија употреба на вакцината „Астра Зенека“ поради катастрофални последици по нејзиното земање. Второ, т.н. Ковид механизам е некој систем на Светската здравствена организација, кој го добива бесплатно шкартот на вакцини за да им го дели на неспособни држави кои самите не може да се управуваат.**

Интересно е дека дури и одредени доктори (можеби и не сакајќи) влегуваат во поддршка на руската вакцина:

**Мислам дека вакцината „Спутник В“ нема да стигне повторно во земјава, тоа е мој личен став поради политичките проблеми со Русија,** *вели за „Фокус“ доктор Никола Пановски.* **Според него, оваа вакцина се покажала како една од најефикасните во борбата со корона-вирусот и граѓаните за да се вакцинираат со „Спутник В“ можеби повторно ќе треба да патуваат надвор од земјава за да се вакцинираат со трета доза.**

Во голем број медиуми сензационалистички се пласираат наводи за големата доверба на луѓето (и на англиски) во оваа вакцина и се гради впечаток дека е тоа масовно присутно во соседните држави, членки на ЕУ:

**Хрватите ја запоседнаа руската амбасада, сакаат да се вакцинираат со Спутник V**


Glavna Veleposlanstvo Rusije Vijesti Konzularni odjel Rusija i Hrvatska

O nabavi cjepiva "Sputnik V"

Zbog velikog broja dolazećih u Veleposlanstvo pitanja o nabavi cjepiva od strane građana s prebivalištem u Hrvatskoj htjeli bismo priopćiti sljedeće.

Veleposlanstvo Rusije u Hrvatskoj, kao diplomatsko predstavništvo te u okviru svoje nadležnosti, ne smije se baviti nabavom/isporukom/distribucijom/prodajom cjepiva. Za uvoz bilo kakvih lijekova u Republiku Hrvatsku potrebne su odgovarajuće dozvole državnih tijela i nadležnih institucija Europske unije.




*Страница на агрегаторот Time.mk со линкови до написи (11.2.2021) засновани на соопштение на Руската амбасада во Хрватска (8.2.2021), во кое се споменува дека наводно „им стигнале голем број прашања“ од тамошните граѓани околу набавка на вакцина. Повеќе македонски медиуми користат сензационалистички наслови како „Хрватите сакаат руска вакцина, ги прегореа телефоните во Руската амбасада во Загреб“, „Руската амбасада под опсада од Хрвати поради вакцината“, „Хрватите ја запоседнаа Руската амбасада во Загреб...“. Во различни објави се алармира за „десетици и*

*десетици“, до „стотици“ и „илјадници“ Хрвати, поткрепено со фотографии од маса луѓе. Вистината е дека немало никаков собир, а фотографиите на кои се гледаат илјадници луѓе се од протест против епидемиолошките мерки на главниот плоштад во Загреб, кој немал никаква врска со амбасадата, одржан недела дена претходно (3.2.2021).*

Во написи на македонските медиуми или на социјалните мрежи, вакцината „Спутник В“ (изработена во Русија) во ниту еден момент не се доведува во врска со кој било облик на негативни намери, несакани ефекти или замислени начини на контрола (чипирање, убивање), што во повеќе наврати се поврзува со вакцините изработени во западноевропските држави. Ова како информација посебно се споделува преку социјалните мрежи:

> **„Руската вакцина Спутник V веќе ја докажа својата безбедност и ефикасност. По земањето речиси и да нема непријатни, несакани ефекти, за разлика од другите вакцини кои се користат во Европа и САД.“**

Многу малку македонски медиуми известуваат и објаснуваат зошто руската вакцина не е признаена од Светската здравствена организација (СЗО), Европската агенција за лекови (ЕМА) и здравствените и државните власти во низа земји – бидејќи производителот не доставил комплетни информации за производството и клиничкото тестирање до СЗО.

Отсуствуваат и повеќе/подетални информации/анализи за евентуалните негативни реакции на вакцината или за долгорочни последици, за разлика од ваквите информации за другите вакцини (изработени од страна на западноевропските држави). Ова не ги спречува медиумите да формулираат пораки кои може да бидат перципирани како препорака во однос на руската вакцина.

Информациите понатаму се надградуваат и прошируваат дури и во медиуми кои имаат релативно висок рејтинг и постојат веќе долго време:

> **Клучните вакцини произведени на Запад скоро сите имаат проблеми. Или проблемот е во процесот на производство (и испорака), или е утврдено дека ќе биде достапни доцна (и Европа нема време за одложување), или новите студии сугерираат дека овие вакцини може да бидат помалку ефикасни во создавањето имунитет на нови варијации на корона-вирус кои се појавија како дел од оваа пандемија. Одеднаш вакцините кои „не требаше ни да се споменуваат“ не само што се добри, туку и се фалат, особено што се однесува до кинеската „Синофарм“ и руската „Спутник V“ (откако студијата беше објавена во медицинското списание „Лансет“).**

Во овие медиуми дури се изведува и заклучок за директен притисок врз Русија од страна на Западот:

> **Една работа е постојана во последните години, скоро десет години - притисок на Западот врз Русија.**
> **...**
> **Исто така, не е тајна дека целото ова време Европа е носител на американската политика кон Русија, политика што се сведува на „изолација и опкружување“ на Русија.**
> **...**
> **Но, Европа „сака да се меша“ во внатрешните работи на Русија.**

Без никакви реални податоци се шират информации за тоа дека дури и западноевропските држави (членки на ЕУ) бараат вакцини „Спутник В“ (како најмалку штетни, но и со други подобри својства):

> **Некои членки на ЕУ се свртуваат кон Русија и Кина, дури и претседателот на Франција, Макрон, се прашува дали сега вакцините од AstraZeneca (и други западни креатори на вакцини) воопшто вреди да се земаат. Изгледа дека тешкотиите при испорака и складирање**

**на вакцината од AstraZeneca-Oxford, комбинирани со неодговорените прашања во врска со ефикасноста и сигурноста на вакцината, предизвикуваат слабеење на побарувачката не само во Велика Британија, туку и низ цела Европа.**




Како резултат на сето ова голем дел од граѓаните на Северна Македонија се изјаснуваат во прилог на руската вакцина, како што е опишано во написот насловен „Спутник V, каде си? Македонците мечтаат за руските вакцини!“

**И покрај тоа што во нашата земја голем број граѓани би сакале да се вакцинираат токму со „Спутник V“, за што покажува и анкетата на „Макфакс“, според која третина од анкетираните граѓани се определиле за руската вакцина, но и според**

**информациите дека Македонците што се вакцинираа во Србија ја избирале вакцината на рускиот производител, засега македонските власти не можат да им го овозможат тоа,** *пишува во написот.*

Тврдењето дека „Спутник В“ е подобра вакцина продолжува до денес, а се пласираат и тврдења (сосема непотврдени) дека токму оваа вакцина штити и од ново појавените видови и подвидови на вирусот.:

**Спутник V обезбедува подобра заштита од омикрон отколку фајзеровата вакцина**

Сето тоа се надградува со написи во кои се опишуваат лекови за ковид-19 промовирани и веќе употребени во Русија, па дури и официјално регистрирани:

**Русија регистрираше спреј против ковид-19, пациентите оздравуваат за само осум дена**

Мозаикот се дополнува со поголем број написи што промовираат специфични откритија на руски научници кои помагаат во борбата со ковид-19 како „Научници од Санктпетербуршкиот државен универзитет: вакцинацијата против туберкулоза може да го намали ширењето на ковид-19 и да го олесни неговиот тек“ и „Русија развива уникатна вакцина против коронавирусот“.

**Руските научници работат на развојот на уникатна вакцина, којашто истовремено ќе штити и од грип и од корона-вирусот, соопшти во средата генералниот директор на Национлниот центар за медицински истражувања „Алмазов“, Евгениј Шахто.**

Ова се дополнува со погрешни или со отсуство на информации (особено во почетокот на пандемијата) за реалната состојба со ковид-19 во Русија, бројот на заболени и смртни случаи.

**Општо, според проценките на рускиот претседател Владимир Путин, бројот на заболени од КОВИД-19 во моментов се намалува, и „пандемијата навистина постепено се повлекува“.**

**Третата група текстови** ја гради/потврдува довербата кон Русија во случајот на справувањето со пандемијата врз тврдењето дека Русија се грижи за луѓето, а не за заработувачката.

**Од таму соопштуваат дека македонските граѓани можат да добијат пристап до руската вакцина ако Владата се одлучи за набавка на руската вакцина, а Рускиот фонд за директни инвестиции е подготвен да започне преговори, вклучително и за испорака на вакцината, која „секако ќе биде достапна по најконкуретната цена“.**

Во медиумите нема податоци за тоа колкава е заработувачката на фармацевтските куќи во Русија, на државата или на поединци поврзано со вакцината против ковид-19 (се создава впечаток дека станува збор за акт на добра волја или, пак, минимална надокнада), за разлика од големиот број вакви информации што се однесуваат на другите вакцини.



*Твит од нишка во која нема линкови до споменатите научни списанија и текст: „Руската вакцина Спутник V е продукт на воено-научен институт, не на фармацевтска куќа. Велат дека дејствува на сите соеви корона. Последно од Lancet е дека е 91% ефикасна и оти нема значителни негативни ефекти. Брит(анската) АстраЗенека работи со Русите.“*

Перцепцијата дека Русија работи за доброто на луѓето, а не за заработувачка, ја засилува пренесувањето на изјави како:

> **Научникот истакна дека Русија може да биде ефикасен и економски профитабилен донатор на испораките на вакцини до земјите што немаат свои вакцини со единствена цел да ја заштити светската популација од ковид-19.**

## Злоупотреба на довербата како средство за политичко влијание

Влијанието што ја користи довербата како алатка може да биде многу моќно и тешко за детектирање.

Пандемијата и справувањето со неа отворија врата за две линии на влијание на Русија преку медиумите и социјалните мрежи во Северна Македонија.

Првата линија се концентрира на зацврстување на постојната доверба во Русија и нејзино проширување и надградување, при што се користи директна промоција на учеството на Русија во справувањето со пандемијата, индиректно внесување сосема непроверени информации за местото на Русија во обидите за справување со пандемијата на глобално ниво и директни обвинувања на актуелната власт во Северна Македонија за отсуството на поголема соработка со Русија.

Сепак, многу попроблематична и пострашна е втората линија на влијание што се базира на споредување на Русија и ЕУ и САД со цел градење елементи на недоверба кон ЕУ и САД базирани на еднострани, нецелосни и/или непостојни податоци, нивна дехуманизација и создавање постојан сомнеж за манипулација и зли намери и/или едноставна желба за заработувачка.

# ЧУВСТВОТО ЗА ПРИПАДНОСТ КАКО АЛАТКА ЗА РУСКО ВЛИЈАНИЕ ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Еден од наједноставните начини за влијание кај поширок круг луѓе, а кој е континуирано користен од страна на Русија во дејствувањето во Република Северна Македонија, е градењето и негувањето на наративот за заедничкото припаѓање (во меѓународните односи таа теорија е позната како „природно сојузништво"). Заедништвото и заедничкото припаѓање се поврзуваат со словенството, верата, јазикот, традицијата, а во последно време сѐ повеќе и со вредносниот систем кој како држави и народи ги разликува од оној на „Западот"

**Пишува: проф. д-р Мирјана Најчевска,**

**експерт за правна држава и човекови права**

(Вистиномер, 25.03.2022 г.)

## Потекло и традиционална поврзаност

И покрај тоа што словенството како поврзувачка точка со Русија не се спомнува толку често  (како на пример во соседна Србија или во периодот кога сѐ уште немаше земено замав антиквизацијата во Македонија), тоа сепак не смее да биде занемарено.

Припадноста на словенството се прикажува како проклетство и како дар, ама во секој случај се промовира, тивко и под рака, наспроти тие другите од „Западот":

> **Светот на Словените асоцира на прегреани емоции, незауздани страсти, самоубиствена ирационалност, православна задртост и експлозивни мешавини од солзи и смеа. Од друга страна, запад важи за**

**трезвен и толерантен, протестантски рационален и цивилизациски припитомен. И види мајката, дојде време војните на словенското секојдневие да изгледаат како банален детски инает во однос на западните.**

Словенството е секогаш присутно во текстовите што ги слават Кирил и Методиј

**Денот на семакедонските и сесловенски просветители, Денот на семакедонската и сесловенска култура и писменост, Денот на солунските браќа Светите Рамноапостоли Кирил и Методиј Македонците!**

Многу почесто, заедништвото се имплицира со употребата на термините „братски народи“ и „братски односи“. Со овие термини (кои се содржани во повеќе текстови, особено на социјалните мрежи) се промовира и поддржува идејата за традиционална поврзаност на Русија и Македонија, односно, рускиот и македонскиот народ:

**РОДИНА МАКЕДОНИЈА ќе ги обнови блиските и братски односи со Русија, неприродно прекинати од други глобални интереси во последниов век и како што е наведено во геостратешката програмска стратегија, ќе ја вгради Македонија во Евроазискиот сојуз на братски слободољубиви народи од Лисабон до Владивосток.**

**Така ќе ги обновиме блиските историски врски меѓу двата братски народи кои влечат корени уште од Александар Македонски со Бодричите(Македонјаните) и Рурик кој се вгради во создавањето на руската држава, преку македонските и сесловенски просветители Св.**

**Климент и Наум, Св. Кирил и Методиј, учеството на македонскиот полк доброволци во Кримската војна во XIX-тиот век и дејноста на македонските интелектуалци и борци за национална слобода во Ст. Петерсбург, Димитрија Чуповски и Крсте Мисирков, Браќата Миладиновци.**

Овие навидум беневолентни изрази на заедништво и повикување на историските корени на поврзаноста (кои и самите можат да бидат оспорени од историските факти), резултираат во поддршка на актуелната власт во Русија, сè до актите на директна поддршка и на актуелната агресија на Путинова Русија врз Украина:

**Македонци во Сабота во 14:30 пред Руската амбасада во Скопје, ќе има собир за изразување незадоволтво од тоа што северџанскава окупаторска хунта не стави на листата на непријатели на Русија, под мотото "Северна ви е непријателот, Македонецот ви е брат!"**

**Споделувајте и сите сложно да појдеме пред Руската амбасада и дадеме подршка на Русија против пропагандата и русофобијата во Северџанистан!!!**

Со оглед на тоа дека руското влијание најлесно се шири меѓу оние што гледаат опасност во прифаќањето на „западните" вредности и „западната" демократија, проблемот на словенството како именител на заедништвото доаѓа во колизија со идејата за античкото потекло на денешните Македонци и директните врски со Александар Велики.

Со цел разрешување на оваа контрадикторност на некои од порталите се појавуваат поекстремни „анализи" во кои поврзаноста меѓу Македонија и Русија се поврзува со македонското потекло на Русите:

**За поткрепа на ваквото тврдење ќе се послужиме со еден извадок од книгата Порекло Словена (Украдена Историја, Д-р Петар Поповски, стр 361-362) каде што јасно стои:**

**“Во древниот пишан документ Московски Анали изрично се тврди дека Русите, односно Московитите, кои потекнувале од македонските простори, имале ист јазик со античките Македонци.”**

**Според ова Русите потекнуваат од Македонија, исто како што и рускиот јазик влече корени од македонскиот.**

Меѓутоа, во целина, тие што ја шират идејата за заедништво и традиционална поврзаност меѓу Македонците и Русите не се впуштаат во разрешување на овој вид противречности и нелогичности.

Позитивниот однос кон Русија понатаму се гради и преку промовирање наводна поддршка на Русија/Путин на македонскиот идентитет (при што повторно се избегува објаснувањето дали станува збор за словенски или идентитет кој потекнува од Античките Македонци):

**Руската амбасада во Скопје цитирајќи изјава на претседателот на Руската Федерација Владимир Путин, „писменоста дојде од македонската земја“ на македонскиот народ му го честита државниот празник Денот на сесловенските просветители Светите Кирил и Методиј.**

Ова понатаму на различни (сликовити) начини се шири на социјалните мрежи потенцирајќи го значењето и со јасна импликација за оние „другите“ кои придонесуваат за менување на името, јазикот, идентитетот на Македонија и Македонците.

Поврзувањето со Русија преку религијата (како дел од заедничкиот идентитет) и некои општи изјави на Путин се прави и тогаш кога овие изјави немаат никаква директна или индиректна врска со Македонија или со македонскиот народ.




На овој начин се гради перцепција дека постои континуирана поддршка на властите во Русија (особено на Путин лично) за заштита на идентитетот на Македонците и признавање на значењето и заслугите на Македонија за целиот словенски свет.

**Русија секогаш безусловно признава самостојноста и автентичноста на македонскиот јазик историја, култура и идентитет, изјави денеска рускиот амбасадор Сергеј Баздникин при неговата посета на Куманово.**

Овој наратив континуирано се шири и добива значење и покрај тоа што не се совпаѓа со реалноста во која Русија ја признава Македонија под нејзиното ново уставно име Северна Македонија, ниту на фактот дека Руската црква во ниту

еден момент не покажала намера да ја признае Македонската православна црква или отсуството на значајна економска поддршка која доаѓа од Русија

**Трговијата е некаде 2%, од вкупната трговска размена. Странските директни инвестиции се 0,5%, и девизните дознаки, кои се значаен мотиватор на македонската економија, односно руските дознаки во Македонија учествуваат само со 0,1 %.**

Паѓа в очи дека ваквиот вид текстови особено се шират на социјалните мрежи во последниот период (од почетокот на агресијата на Путинова Русија врз Украина) независно што се прв пат напишани/споделени многу порано.




## Заедничка традиција и вредности

Особено впечатлив начин на влијание на Русија во Македонија е преку тврдењето дека двата народа/држави имаат заедничката традиција и особено заедничкиот вредносен систем (спротивни на вредностите кои, покрај пораките кои се пласираат во одделни медиуми и на социјалните мрежи, се обидува да ги наметнат „западните“ држави).

Најчесто, пораката е двострана. Упатува на јасно заедништво на генералниот вредносен систем со Русија и потенцирање на разликите во однос на „западните“ држави.

На пример, во колумната под наслов: „Простете, ама не можеме да веруваме во исти вредности, госпоѓо Галовеј“ посветена на „двојните стандарди“ на „западната“ демократија насочени против

Руската Федерација, наоѓа место реченица во која одеднаш се вмешуваат Козаците (најверојатно како антипод на Словените?):

> **Па, се сеќавате на заминувањето на Вашето семејство во Англија, во 1911 година, откако Козаците се обиделе да го земат (претпоставувам, насилно да го грабнат) Вашиот четиригодишен правујко. И треба да се сеќавате, зашто корнењето на секое семејство од корените е трагедија сама по себе со која и јас сочувствувам.**

Не ретко се појавува тврдењето според кое „Западот“ не бил и не може да биде пријател на Словените. Тие се поведуваат по него, ама за кратко време.

> **Достоевски предупредува дека Русија треба сериозно да биде подготвена за идното однесување на Словените, кои со одушевување ќе се свртат кон Европа до степен на губење на својата национална индивидуалност, својата култура и традиции. Тој вели дека тие ќе се заразат со вирусот на европските институции, но ќе имаат долг пат кон европеизацијата, губејќи го полека својот идентитет, а со тоа и значењето како словенски народи. Иако кај народот долго ќе биде присутно чувството дека Европа ниту била ниту може да биде вистинскиот пријател, ниту од неа може да се очекува помош во некоја поголема неволја, ќе се трудат да се стават под нејзиниот чадор.**

Ваквиот вид текстови не се ставаат во контекст на денешната ситуација, поврзаноста на државите со доминантно словенско населени со „Западот“, јасно изразената аспирација за заедништво во рамките на ЕУ и секако економската помош и поддршка што доаѓа од „Западот“.

На ова се надоврзуваат редица анализи на европските вредности (кои се поставуваат во колизија со оние другите, незападноевропските вредности):

**Нареден поим е поимот европски вредности. Овој поим се надоврзува на поимот евроатлански интеграции и секогаш се користи во негов контекст. Целта им е да создадат слика дека во ЕУ и НАТО се живее според европски вредности, а се што е надвор е без вредности, нецивилизирано и нормално ако сака да се цивилизира неопходни му се тие фамозни евроатлански интеграции. Прв проблем е тоа што европските вредности не се ограничуваат само на границите на земјите на ЕУ и НАТО. Европски вредности се и глаголицата, кирилицата, Конески, Рацин, Андриќ, Достоевски, Чајковски итн. Дополнително, Европа, кога се мисли на Западот, не произведе само вредности. Западни европски производи се и шовинизмот, империјализмот, расизмот, фашизмот и нацизмот.**

Ова често завршува со величењето на Русија и особено на Путин во неговата борба за традиционалните вредности.

**Владимир Путин ја прочита својата годишна порака како претседател на Руската Федерација упатена до Федералното Собрание. Оваа година пораката беше прочитана на денот на 20 – годишнината од Уставот на Руската Федерација, кој беше усвоен на 12 декември 1993 год., со општо народно гласање. Во своето обраќање Владимир Путин особено истакна дека Русија ќе продолжи да ги брани традиционалните вредности:**

Најексплицитно за поддршката на тие поинакви вредности што ги нуди Русија наспроти „Западот“ се зборува на интернет-страницата Слободен свет, што понатаму се пренесува преку социјалните мрежи:

> **Уверени сме дека западната цивилизација, со својот економски модел на либерален пазар, миграциската политика и идеите на потрошувачкото општество води кон смрт и уништување на целото домородно европско население, и само Русија како последен бастион на традиционалните вредности во Европа, е во состојба да обезбеди мирен и пристоен живот за сите словенски и други европски народи.**

При ова во потполност се занемарува фактот дека потрошувачкото општество, либералниот пазар и миграциската политика се исто толку присутни во Русија колку и во другите држави.

Во дел од медиумите ова се прави со директно пренесување на изјави на високи руски функционери, кои алудираат на блискоста на народите и расчекорот меѓу она што значи јавно мнение и мислење/став на актуелната политичка гарнитура во Македонија, односно се промовира идејата дека актуелната ситуација и свртеноста кон "Западот" е вештачки импутирана од владејачките структури и наспроти владејачките структури кои се под влијание на „Западот“,

> **Северна Македонија и Црна Гора, за жал, паднаа под влијание на Западот, не успеаја да формираат никаква самостојна политика во украински правец и пристапија кон режим на фронтални санкции. Тоа неминовно ќе ги погоди и самите нив, компликувајќи ја и онака тешката економска ситуација. Се разбира, билатералните врски со Русија ќе патат. За сето тоа предупредувавме долго и повеќе пати. Треба да се потсети дека непријателската линија на локалните**

**челници кон нашата земја не ужива поддршка од јавноста. И покрај обидите на Западот да наметне деструктивно едноумие, граѓаните на овие земји се во состојба да создадат објективна слика, да ја одвојат пропагандната лага од фактите**

„Новиот светски поредок", кој би требало да се базира на заедничките словенски, вредности се промовира со наводни научни/стручни анализи кои се пласираат на социјалните мрежи (кои повторно во потполност го занемаруваат актуелниот политички и економски систем во Русија) :

**Русија не врши притисок врз македонската политика сакаме тоа да го прават и другите земји, изјави денеска во Скопје Александар Дугин, првиот советник на рускиот претседател Владимир Путин и креатор на сесловенската стратегија на Русија, од панел-дискусијата „Република Македонија во стратешки сојуз со Русија и членство во Евроазиската економска унија"**

Во одреден број текстови ова се издигнува на ниво на застрашувачки судир, кој се објаснува со омраза на „Западот" кон сѐ што е словенско, и дури и со намери за уништување на Руска медиумска сцена: Контролирани содржини со малку простор за странски медиуми сѐ што е словенско. Според дел од медиумите, веќе се води биолошка војна против сите Словени и се изработува биолошко оружје генетски модификувано и насочено против Словените

**Коронавирусот најсмртоносен за Словените – Познатиот геополитички аналитичар тврди дека Русите имаат докази за лабараториското потекло на вирусот**

Бесмисленото тврдење, кое се базира на постоење на генетски чисти народи и кое превидува дека Украинците и Русите се Словени, се развива во теорија што се повикува на статистички податоци, а е наменета за обединување на сите со словенско потекло против заедничкиот непријател од „Западот“:

**Она што е уште поморничаво е листата со држави по број на починати на милион жители во светот. Од 10-те држави со најголема смртност на милион жители, дури 9 се припадници на словенската група на народи или делат огромен број гени со словенските народи и се држави од Источна Европа.**

*Доколку одиме малку подалеку од 30 држави во светот со најголема смртност на милион жители од корона-вирус во светот дури 19 држави се од Источна Европа и со голема словенска популација!*

Темата и понатаму се „разработува“ во конкретни „примери“ за начинот на кој би требало да бидат уништени Словените:

**Биолошкото оружје што е развиено во Украина влијае на репродуктивниот систем на жените и на имунитетот на одредени етнички групи, изјави во понеделникот шефот на руската државна вселенска агенција Роскосмос, Дмитриј Рогозин.**

Овие застрашувачки „намери“ на “Западот“ (и покрај сета нивна нелогичност, потполна произволност и нереалност од аспект на науката и особено од аспект на непостоењето на чисти етнички групи) наоѓаат место на социјалните мрежи, па и во медиумите и поттикнуваат ново групирање базирано на страв, сигурност на припаѓањето по основа на традиционални вредности и на замислена поддршка.



# РУСКАТА ПРОПАГАНДА ЗА ВРЕМЕ НА МАКЕДОНСКАТА ПОЛИТИЧКА КРИЗА (2015) – ДЕЗИНФОРМАЦИИ ЗА „УКРАИНСКО СЦЕНАРИО“

Анализа на дезинформациите и теориите на заговор за „украинско сценарио“, „обоена револуција“ и „македонски Мајдан“ со кои руската пропаганда и нејзините локални сојузници во текот на 2015 година наметнуваа наративи за оправдување на руската агресија кон Украина и антидемократските практики на популистичките режими на Путин и Груевски.

**Пишува: Жарко Трајаноски, медиумски аналитичар**

(Вистиномер, 10.02.2022 г.)

Пропагандните обиди на официјална Русија, која се обиде да ги дискредитира антивладините протести во Казахстан како „обоена револуција“ диригирана и планирана на Западот, спаѓаат во доменот на „веќе видени“ комуникациски стратегии. Истиот ден кога претседателот на Казахстан, **Касим-Жомарт Токаjев** пропагираше обид за државен удар и агресија од „странски милитанти“, претседателот на Руската федерација **Владимир Путин** зборуваше за мерки за спречување на сценарио за „обоени револуции“ и за примена на „Мајдан-технологии“ во Казахстан.

Изразот „обоени револуции“ е составен дел од официјалните комуникации на Кремљ, особено по настаните во Украина познати како „Портокалова револуција“ од 2004 година и „Евромајдан“ од 2012 година.

Москва ги смета „обоените револуции“ како безбедносна закана не само за Русија, туку и како светска закана, особено по завршувањето на „Украинската (Мајданска) Револуција“ во февруари 2014 година. И Путин зборува за заканите

од „обоени револуции“ на „Третата московска меѓународна конференција за меѓународна безбедност“, која се одржува непосредно пред изборот на **Петро Порошенко** за претседател на Украина на 25 мај 2014. На конференцијата „обоените револуции“ се опишуваат како фактори за дестабилизација ширум светот, а истакнати се и критериумите за „извоз“ на „обоени револуции“ и аспектите на „војна со информации“.

„Обоените револуции“ не се само дел од руската воено-политичка пропаганда, туку и дел од воено-политичка доктрина за нивно сузбивање. Показател за тоа се заедничките вежби „Словенско братство“ во 2015 година, кои вклучуваа руски, белоруски и српски трупи, насочени кон сузбивање на „потенцијално Мајдан сценарио“, вклучително и на Балканот. Има сериозни индиции и за други активности на Србија и Русија за спротиставување на „обоени револуции“.

Руската воено-политичка пропаганда и доктрина за „обоените револуции“ беше применета и во контекст на политичката криза во Република Македонија во 2015 година. Македонија беше мета не само на пропагандни комуникации од официјална Русија, туку и плодна почва за дезинформации и теории на заговор за „украинско сценарио“, „обоена револуција“ и „македонски Мајдан“.

Во оваа анализа ќе се задржиме само на првиот период од политичката криза - од објавувањето на случајот „Пуч“ до конечниот „Договор од Пржино“ - политичка рамка за мирно надминување на македонската политичка криза во 2015 година, која привремено ги растера мрачните теории на заговор за крвава „обоена револуција“. И во вториот период од политичката криза - од формирањето на СЈО, до одржувањето на предвремените избори во декември 2016 година, како и во третиот период - по предвремените избори до формирањето на политичката Влада на 31 мај 2017 година, имаше руски теории на заговор и дезинформации за „обоена револуција“ во Македонија, кои ќе бидат тема на дополнителни анализи.

## На почетокот беше „Пуч“ - „украинско сценарио“ и спречена „обоена револуција“

Иако најави за „украинско сценарио“ имаше уште пред изборите во 2014 година, и на крајот од 2014 г., изразот „украинско сценарио“ беше особено експлоатиран по „официјалниот“ почеток на политичката криза во Македонија во 2015 година.

Како почеток на политичката криза обично се смета датумот кога тогашниот премиер, **Никола Груевски** јавно го обвини во тоа време опозицискиот лидер на СДСМ, **Зоран Заев,** за обид за државен удар во соработка со „странски служби" (т.н. случај „Пуч"). Уследи и кривична пријава од МВР кое „информираше" дека *„за прв пат во историјата е реализиран случај во кој е сузбиен обид за загрозување на уставниот поредок и недемократско преземање на власта".* Официјална Москва веднаш реагираше со „стратешка комуникација" во која беше поддржана официјалната приказна за спречен „државен удар" од страна на лидерството на СДСМ, во соработка со „странски служби". Ваквата изненадувачка комуникација од Москва предизвика медиумски наслови со „украинско сценарио" и анализи дека соопштението на руското МНР за случајот „Пуч" е во насока на поткрепа на руските интереси во Украина.

Истовремено, провладините пропагандисти започнаа жестока кампања против Зоран Заев како „пучист" кој добил снимени материјали од странски служби. Во оцрнувачката кампања против Заев учествуваше и српскиот и проруски воено-политички пропагандист **Мирослав Лазански**, кој подоцна стана српски амбасадор во Русија. Негови изјави беа популаризирани во политичко шоу со прорускиот водител **Миленко Неделковски** на „Канал 5", една од најгледаните телевизии.

Пред обелоденување на снимките од страна на опозицијата (популарно наречени „бомби") медиумски се проширија теориите на заговори во македонските медиуми за обид за креирање на „украинско сценарио", проследени со обвинувања дека Заев „со некоја си 'странска служба' си дозволиле прислушување на државниот врв и на голем број граѓани".

Откако Заев на 9 февруари 2015 година ги обвини тогашниот премиер Груевски и неговиот прв братучед (шеф на тајната полиција), **Сашо Мијалков** за масовно прислушкување на илјадници граѓани, во македонските медиуми почнаа да се шират теориите на конспирации за „украинско сценарио" и „обоена револуција", зајакнати од проруски пропагандисти.

На пример, прорускиот теоретичар на заговор **Умберто Паскали**, во интервју за програмата „Гласот на народот" на ТВ Сонце, експлицитно обвини за очајнички обид за предизвикување на „соросоидна" „обоена револуција"" за да се дестабилизирала Македонија. Пораките на Паскали беа дисеминирани со десетици

написи со наслови од типот – „Паскали: Македонија ја избегна трагедијата во стилот на Украина, заговорот на Заев заврши со фарса“, на најгледаните телевизии како Сител и Канал 5, како и десетици други медиуми.

Други проруски аналитичари на руски пропагандни канали лично ги обвинија претставниците на САД за *„пуч во Македонија во стил на Киев“*, тврдејќи дека „бомбите на Заев“ му биле дадени од ЦИА. Ваквите конспирации пробија и во македонски тогашните провладини медиуми, со обвинувања дека „По Бугарија и Украина, нафташите ја уриваат и Македонија?!“, при што Сорос беше обвинет не само како финансиер на неуспешниот „македонски Мајдан“, туку и за прислушкувањето на дури 20.000 Македонци.

## „Обоената револуција“ во Скопје како Киев, „Турскиот поток“ и „Голема Албанија“

Додека опозицијата објавуваше снимени материјали кои укажува на корупција и кршење на законите од страна на власта, руската пропагандна теорија за „обоена револуција“ пробиваше во македонските медиуми. На пример, спутниковиот пропагандист **Андреј Корибко,** претставен како „руски аналитичар“ на ТВ „Сонце“ ќе истакне дека *„Македонија е во средината на осмислена „обоена револуција“*, при што Заев неуспешно се обидува да ги изведе Македонците на улица за да го претвори Скопје во Киев“.

Пропагандните тези на Корибко беа дисеминирани во македонски провладини медиуми и на руски пропагандни канали. И во својата радио емисија Корибко ќе интервјуира гости кои ќе ја поткрепуваат пропагандната теза дека обидот за „државен удар“ во Македонија, всушност, е „обоена револуција“, и дека таа е поврзана со теоријата на заговор за спречување на „Турскиот поток“. Еден од гостите, водител на македонска пропагандна емисија во која претходно како аналитичар гостуваше неговиот руски водител, ќе истакне дека „Македонија не е Украина“, дека нема да биде дестабилизирана, дека нема да има „обоена револуција“ или граѓанска војна, и дека поддршката за „Балканскиот поток“ е голема.  Приказната за поврзаноста помеѓу „Турскиот поток“ и „обоената револуција“ предизвикана од Запад беше тема и на други руски пропагандни канали кои нудеа геополитички аргументи, насочени не само кон Македонија, туку и кон Србија и Бугарија.

Откако Путин на меѓународна конференција во Москва во април 2015 година повторно ја истакна опасноста за меѓународната безбедност од различни сценарија за „обоени револуции“ кои предизвикуваат насилство и хаос, руските пропагандни канали продолжија со конспирациите за обоена револуција во Македонија.

Внесоа и нови елементи – „албанскиот тероризам“ и „Голема Албанија“. По вооружниот напад кај Гошинце, кога беше нападната караула на македонската гранична полиција од страна на вооружена група од Косово, реагираше вознемирена Москва. Истовремено, Спутник ги обвини САД за обид да ја трансформираат неуспешната „обоена револуција“ во Македонија во неконвенционална војна со која би ја неутрализирале геостратешката рута за „Турскиот поток“. Пораката дека *„Гошинце е дел од „обоената револуција“ во Македонија“* беше ширена во македонските медиуми и од други проруски пропагандисти.



*Протест во Скопје на 17.05.2015 г. Фото: Ванчо Џамбаски, CC BY-NC-SA.*

## Официјализирање на пропагандната приказна за „обоена револуција“ против „Турскиот поток“

Руската „неофицијална“ пропагандна приказна – дека во Македонија се случува обид за „обоена револуција“, кој е во директна врска со рускиот енергетски проект „Турски поток“, се „официјализираше“ дури по посетата на рускиот министер за надворешни работи **Сергеј Лавров** во Белград на 15 мај 2015 година.

Претходно, во Македонија се случија три клучни настани кои ја распламтеа политичката криза: Полициската бруталност на протестите на 5 мај 2015 година кои беа токму против полициската бруталност, најавата за масовен опозициски протест на 17 мај кој беше пропагандно атакуван како „украинско сценарио“, и вооружениот конфликт во Куманово на 9 -10 мај 2015 година, по кој тогашниот претседател на државата **Ѓорге Иванов** мораше да ја прекине посетата на Москва за одбележувањето на победата на фашизмот и да го свика Советот за безбедност.

Неколку дена по драматичниот конфликт, на 12 мај уследија оставки на министерката за внатрешни работи, шефот на тајната полиција – првиот братучед на Никола Груевски и уште еден министер за кој беа обелоденети големи злоупотреби во објавените снимки. Овој конфликт беше толкуван од руски пропагандисти како *„ѓаволски план за дестабилизација на Македонија“*, а лидерите на опозицијата беа нарекувани *„Арсениј Јаценук и Петро Порошенко од Македонија“*.

Иванов одлучи да присуствува на големата парада на 9 мај во Москва наспроти бојкотот од страна на Западот поради руската анексија на Крим, а неговото присуство, првично соопштено од страна на рускиот министер за надворешни работи Сергеј Лавров, беше брането со фразата *„политика на отвореност кон сите“*. На средбата со Путин, според кабинетот на Иванов, било изразено *„заемно задоволство од континуираниот позитивен тренд на односите“*.

Во мај 2015 година (про)руската пропагандна машинерија беше посебно преокупирана со Македонија. Продолжи толкувањето на политичките состојби во Македонија низ призма на „обоена револуција“ и „украински сценарија“. Притоа, се ширеа и демонизирачки паралели со Украина и мрачни геостратешки

теории на заговор со привикување на „Голема Албанија“. Затоа, воопшто и не е изненадувачки што рускиот министер Лавров при посетата во Белград на 15 мај 2015 година доби експлицитно прашање дали има паралела меѓу ситуацијата во Украина и Македонија. Лавров испрати порака дека настаните во Македонија и проруските политики биле поврзани, односно, дека имале врска со одбивањето на Македонија да воведе санкции кон Русија и плановите за изградба на гасоводот „Турски поток“. Еден ден откако Лавров ја „верификуваше“ теоријата на заговор за „Турскиот поток“, претходно комуницирана на руските пропагандни канали, МНР на руската федерација одговори потврдно на директното прашање што го избегна Лавров, укажувајќи дека земјата е втурната во амбисот на „обоена револуција“.

## Приказните за „Обоената револуција“ и „Контра-обоената револуција“ во мај 2015

Имајќи ја предвид големата пропагандна приказна од Москва за обид за „обоена револуција“ во Македонија, тогаш македонските провладини медиуми се обидоа да го дискредитираат најавениот голем протест од страна на опозицијата на 17 мај 2015 година како „украинско сценарио“. Во една колумна насловена „Украинско сценарио“ се антиципира дури и барање на воена помош од *„донбаските командири Моторола или Призрак“* кои би биле распоредени во Полог.

Дел од провладините медиуми објавуваа драматични предупредувања дека за 17 мај имало „крвав и пеколен план за насилство“, и пропагандни предвидувања за „украинско сценарио“, односно, за насилни протести „по теркот на Украина“.

Наспроти медиумските мрачни предвидувања, на 17 мај 2015 година се одржа масовен мирен опозициски протест, со легитимни демократски барања од страна на опозицијата. Откако не се оствариja пропагандните најави за пеколно „украинско сценарио“, руските пропагандни канали ја ширеа теоријата дека сепак било спречено насилство на 17 мај.

Во овој период може да се забележи дека руската пропаганда користи флагрантни дезинформации обидувајќи се да го дискредитира лидерот на опозицијата Зоран Заев, импутирајќи му изјави што содржат закани за војна. Руската пропаганда се обиде да ја прошири дезинформација дека тогашниот

лидер на СДСМ, Заев зборувајќи на масовниот протест на 17 мај 2015 година рекол дека ако Груевски не си замине *„Македонија ќе види војна, како во Украина“.* Заев немаше таква изјава на протестниот собир на „Граѓаните на Македонија“, ниту, пак, македонските медиуми известија дека во говорот на Заев имало некакви закани за војна, *„како во Украина“.*




*Твит на рускиот амбасадор во Обединетото кралство Александер Јаковенко со слика од кумановските настани и текст „Ситуацијата во Македонија е алармантна. Јасни обиди да се втурне земјата кон амбисот на „обоена револуција“.*

Еден ден по масовниот опозициски протест пред владата, се одржа исто така масовен провладин протест пред собранието на кој опозицијата беше обвинувана дека „приредува чинови на украинската драма“, а лидерот на опозицијата беше споредуван како „украински Кличко“. Првично, „Спутник“ објави информација дека на провладиниот протест имало 30 илјади луѓе, за веќе следниот ден провладиниот протест да биде прогласен за *„најголем во историјата на земјата“*, на кој учествувале 90 илјади луѓе.

На 19 мај 2015 година руската пропагандна машинерија испрати порака дека *„Обидот за државен удар од страна на Западот нема да успее во Македонија“*. Во руска „Правда“ Западот беше обвинет дека *„дејствува во Македонија следејќи Киев Мајдан сценарио“*, и се заговараше идејата дека Русија мора да изгради силна православна коалиција во Европа за да го победи Западот.

На крајот на мај 2015 година, кога го прима новиот македонски амбасадор во Русија, Путин им дава поддршка на македонските власти за нормализирање на

ситуацијата, истакнувајќи дека Русија и Македонија имаат *„длабоки историски корени, културна и духовна блискост“.*

И по големите опозициски и провладини протести, руската пропаганда не мируваше. Рускиот министер за надворешни работи Лавров направи експлицитни паралели на ситуацијата во Македонија со Украина, повторувајќи ги тезите дека настаните во Македонија се оркестрирани однадвор, како резултат на одбивањето да се воведат санкции кон Русија и поради поддршката на „Турски поток“. Лавров обвини за надворешно искористување на „албанскиот фактор“, и ширеше конспирации за натамошно федерализирање на Македонија и поделба на земјата помеѓу Албанија и Бугарија.

Со формирањето на опозициски камп пред зградата на Владата повторно се засилија мрачните теории за „украинско сценарио“ и граѓанска војна. Опозиционерите беа пропагандно дискредитирани и жигосувани од руските медиуми како „пета колона“, која сака да креира *„нов Мајдан, како во Украина“*, односно, нова „обоена револуција“. Некои руски пропагандисти се обидоа дури да ја именуваат како неуспешна „кармин револуција“.



**Протестен камп пред седиштето на Владата во Скопје, 18.05.2015 г.**

**Фото: *Ванчо Џамбаски CC BY-NC-SA.***

Наспроти омаловажувањето и потценувањето на бројноста на „обоената револуција“, „Спутник“ ја фаворизираше „контра-обоената револуција“ – како отпор против надворешно вмешување и народна поддршка на демократски избраното водство кое се спротиставило на санкции кон Русија и испратило свој лидер на прославата на 9 мај 2015 година во Москва. На руските пропагандни

канали, Македонија се третираше како нов пример за успешно спротиставување на „обоените револуции“, со т.н. „масовни анти-Мајдан демонстрации“. „Македонскиот отпор“ добиваше отворени честитки од руските пропагандисти заради успешно справување со обидот за „обоена револуција“.

Се разбира, руската пропаганда активно ја помагаше т.н. „контра-обоена револуција“, со обиди да го дискредитира опозицискиот камп пред владата, на кој се организираа граѓански трибини и се бараа решенија за мирен излез од кризата. На пример, познатиот руски тв-водител и пропагандист Дмитриј Киселев на 24 мај 2015 година ќе го најави пропагандниот прилог за опозицискиот камп како „Мајдан во Македонија“ кој продолжува да се развива по класично „украинско сценарио“. Иако во пропагандниот прилог има и изјава на лидерот на опозицијата Заев кој испраќа експлицитни пораки против употреба на насилство, целиот прилог е обид да се направи дискредитирачка паралела помеѓу насилниот „Мајдан“ во Украина и Македонија. Опозициските кампери пред владата се оцрнуваат како активисти со неонацистички ставови или хулигани тренирани и платени од Сорос за провоцирање на насилни протести.

Дури и по експлицитното оградување на Заев од „украински сценарија“, официјални руски претставници продолжија со теориите на заговор за „обоена револуција“. На пример, рускиот заменик министер за одбрана Антонов на меѓународна конференција ќе истакне дека бранот на „обоени“ револуции лансирани однадвор стигнал и до Македонија, споредувајќи ја „епидемијата на ‘обоени револуции’ на Блискиот исток“ со уништувачки ураган.

## „Обоена револуција“ и „украинско сценарио“ во контекст на „Договорот од Пржино“

Македонската политичка криза во 2015 година беше привремено надмината со „Договорот од Пржино“ (2 јуни и 15 јули 2015) – политичка рамка, базирана на европски демократски принципи, која предвидуваше предвремени парламентарни избори во 2016, враќањето на опозицијата во собранието, двајцата владини министри од опозицијата и нов специјален јавен обвинител.

Меѓутоа, и кога беше јасно дека ќе се постигне политички договор, руската пропагандна матрица продолжи со теориите на конспирација за насилно

„украинско сценарио“ лансирано однадвор. Спутник Србија експлицитно ги обвини Американците и Британците како организатори на нападите во Куманово.

Во исто време, на проруските пропагандни канали се актуелизираше идејата за „Голема Албанија“. За проруските пропагандисти, политичката криза во Македонија експлоатирана низ призма на „украинско сценарио“ беше одличен повод за таргетирање на политиките на САД, и на нивните официјални претставници на Балканот.

Дури и кога летото во 2015 година не се оствари проруските-медиумски пророштва за пеколно „украинско сценарио“ во Македонија, руските пропагандисти продолжија да го таргетираат лидерот на опозицијата Заев како „Порошенко или Јаценук“. И по потпишување на „Договорот од Пржино“ руските пропагандни канали предлагаа проруски решенија за политичката криза – обединување на опонентите на ЕУ политиките во Македонија со сојузник како Русија и со другите земји од БРИКС.

## Заклучок: Обоената пропаганда на Москва за „обоена револуција“

Политичката криза во Македонија во 2015 година беше искористена како плодна почва за руски „стратешки комуникации“. Сензационалистичките изрази „украинско сценарио“, „обоена револуција“ и „македонски мајдан“ беа дел од добро организирана пропагандна кампања во 2015 година.

Пропагандната кампања беше пристрасна и „обоена“, со очевидна цел да ја оцрнува и делегитимира прозападната опозиција, и да ја легитимира власта која беше обвинета за корупција, изборни измами и злоупотреби на институциите за партиски и приватни цели.

Сеејќи стравови за „украинско сценарио“, „обоена револуција“ и „македонски Мајдан“, руската пропаганда успешно ја искористуваше македонската политичка криза уште од самиот почеток – не само за да ги таргетира Западот, НАТО и ЕУ, како фактори за дестабилизација, туку и за да го зголеми своето политичко влијание во Македонија и на Балканот. Руската пропагандна кампања во Македонија продолжи и со продлабочувањето на политичката криза во 2016 и во 2017 година, како што ќе видиме во вториот дел од анализата.



# РУСКАТА ПРОПАГАНДА ЗА „УКРАИНСКОТО СЦЕНАРИО“ ВО МАКЕДОНИЈА (2016-2017)

Во текот на 2016 и 2017 г. македонски и руски пропагандисти хармонично промовираа теории на заговор за „украинското сценарио“ со цел да го саботираат разрешувањето на политичката криза, работата на СЈО, ненасилната Шарена револуција и Пржинскиот договор, како и да се оправдаат обидите за насилно задржување на власта по изборите 2016 година

**Пишува: Жарко Трајаноски, медиумски аналитичар**

(Вистиномер, 23.02.2022 г.)

Во првиот дел од анализата за руската пропаганда за време на македонската политичка криза (2015-2017) укажавме дека изразите *„украинско сценарио“*, *„обоена револуција“* и *„македонски Мајдан“* беа составен дел на главните пропагандни пораки од една комуникациска стратегија, која се реализираше на повеќе пропагандни канали во 2015 година.

Сеењето страв за „украинско сценарио“ продолжи и во 2016 г., особено по продлабочувањето на политичката криза на 12 април 2016 г., кога претседателот **Ѓорге Иванов** донесе одлука за помилување на 56 лица, која предизвика граѓански протести ширум Македонија. Со спинувачкиот говор на Иванов, во кој беа акцентирани изразите *„Ова е туѓа игра”*, *„Ова е нечиј туѓ интерес“*, се маскираше личниот и партиски интерес од одлуката за запирање на постапките на Специјалното јавно обвинителство, кое укажуваше дека *„снимањето било извршено во Македонија, со опремата на УБК при МВР, која потоа смислено и со цел да не се откријат трагите била уништена“*.

## Москва: Активирање на „украинското сценарио"

Веднаш по протестите што уследија како реакција на колективното помилување политичари осомничени за корупција, неовластено снимање и изборни измами, се огласи и Москва предупредувајќи на „украинско сценарио" за државен удар однадвор:

> **Активирање на „украинското сценарио", надворешно инспирирање на незаконски дејства и на државни удари може да доведе до сериозни потреси во Македонија, како и до дестабилизирање на целиот Балкански Регион.** *(МНР Русија со коментар за последните случувања во Македонија, РУСКА РЕЧ НА МАКЕДОНСКИ, 14 АПРИЛ 2016).*

Властите во Македонија беа експлицитно на иста линија со Москва, заговарајќи дека „големи странски служби стојат зад 'украинско' сценарио во Македонија" (Москва контра Брисел и Вашингтон во македонската криза, 15.4.2016). Предизвикувајќи чувство на загрозеност на Македонија од странски влијанија, Иванов жестоко го нападна СЈО, без да даде конкретен одговор како ги дознал информациите за помилуваните лица, кои се тајни.

На руските пропагандни канали протестите по колективното помилување од страна на Иванов беа искористени за обвинување дека САД сакаат да ја дестабилизираат Македонија со *„втора хибридна војна"* и да го претворат Скопје во *„Балкански Киев"* (THE US WANTS TO TURN SKOPJE INTO THE BALKAN KIEV, 15.4.2016).

Во интервју за провладиниот „Дневник", рускиот амбасадор во Македонија **Олег Шчербак** доби експлицитно прашање за неприфатливоста на *„украинското сценарио"* како една од клучните тези на Москва. Зборувајќи за Украина, алудирајќи на Македонија, рускиот амбасадор потсети дека *„уличната демократија"* насочена кон насилно симнување на легално избраната власт довела до целосен економски и финансиски колапс, граѓанска војна со илјадници жртви, до сиромаштија, корупција, поделби и губење на суверeноста на Украина, која е управувана од Западот. Шчербак предупреди дека секој обид за надворешен притисок со отворено манипулирање на граѓанското општество може да доведе до катастрофални последици, како во споменатата трагедија во Украина.

Груевски: Додека стојам нема да дозволам украинско сценарио во Македонија




*Пропагандна порака на Фејсбук страницата на ВМРО-ДПМНЕ, 14.04.2016*

Напоредно со „загриженоста" на Москва и Иванов, и најгледаните македонски провладини медиуми почнаа пропагандно да ја експлоатираат темата „украинско сценарио" за да ги делегитимираат опозициските протести (Заев вечерва најави украинско сценарио за Македонија – Хулигани на улица почнаа со реализација, Сител, 14.4.2016).

Најгледаната ТВ „Сител" манипулативно тврдеше дека лидерот на опозицијата **Зоран Заев**, „на прашање на новинарот '*Дали е можно украинско сценарио во Македонија?*', одговори дека тоа е '*апсолутно возможно*'". Но, новинарот на „Телма" прашува: „*Дали вчера Иванов ги постави темелите за украинско сценарио во Македонија?*", а Заев во интервју за „Топ-тема" на „Телма" од 13 април 2016 одговори: „*Па, може и така да се каже. Постави сериозни темели и за украинско сценарио во Македонија*".

Медиумските обвинувања за „*украинско сценарио*" беа пропаганден спин, извртување на една единствена реченица на Заев како коментар на аболицијата на Иванов, која беше искористена за зајакнување на наративот за „*украинско сценарио*", кој веќе беше нашироко експлоатиран од партијата ВМРО-ДПМНЕ и од провладините медиуми.

На 14.4.2016 г. и премиерот **Никола Груевски** на прес-конференција го обвини лидерот на опозицијата Заев затоа што спомнал „*дека на државата ѝ следува 'украинско сценарио'*, што, според Груевски, „*значи илјадници мртви и повредени, вртоглав пад на економијата и други тешки последици*". Повеќе медиуми ја

пренесоа клучната пропагандна порака на Груевски – *„Додека стојам нема да дозволам украинско сценарио во Македонија”.*




*Насловна страница на тогаш провладиниот неделник „Република“, „Заев најави украинско сценарио“.*

Истиот ден и едно здружение на бранители (воени ветерани од конфликтот 2001 г.) испрати пропагандна порака дека *„нема да го дозволат украинското сценарио на СДСМ“*, а пропагандниот напад продолжи и наредните денови со припишување на *„украинско сценарио“* на СДСМ и Заев. На протест пред СДСМ, организиран од провладиното движење ГДОМ, беше испратена порака дека нема да дозволат *„украинско сценарио“* („сценарио за дестабилизација на државата и за пуч во државата“), како и барање до Уставниот суд привремено да ја забрани работата на сите здруженија и фондации. Провладиното движење ГДОМ продолжи со протести повикувајќи на избори на 5 јуни 2016 за да не се дозволело „украинско сценарио“ во Македонија.

## Протестите биле испровоцирани од Западот, а Иванов спречил „украинско сценарио"

Руските пропагандни медиуми се обидоа да ги делегитимираат опозициските протести по колективното помилување на Иванов како „испровоцирани од САД и ЕУ“, и како резултат на одбивањето на Македонија да се придружи на санкциите кон Русија. Сајтот „EU vs Disinfo“ укажа на оваа дезинформација, образложувајќи дека ерупцијата на протестите е резултат

на општото помилување од страна на Иванов на 56 лица поврзани со скандалот со прислушување, а дека ЕУ била инволвирана како медијатор помеѓу страните.

Провладини пропагандисти почнаа да ја бранат одлуката на Иванов со тврдење дека таа спречила втор обид за државен удар и украинско сценарио во Македонија, повикувајќи се на руски пропагандисти, кои предупредувале за „намерите на Вашингтон и нему подредениот Брисел да предизвикаат крвава граѓанска војна во Македонија по примерот на украинското сценарио“ (Одлуката на Иванов го спречи вториот обид за државен удар – Грците навиваат за марионетата Заев, 15.4.2016).




*Насловна страница на тогаш провладината „Република“ од 22 април 2016 г.*

Ваквите пропагандни дезинформации со „украинско сценарио“ предизвикаа реакции не само кај домашни новинари и аналитичари, туку и кај хумористи. Еден познат колумнист се потсмеваше на хипокризијата на претседателот и на лидерот на владејачката партија, кои *„на избори победуваат со полна уста ЕУ“* и *„не се фалат дека ќе ги достигнеме руските стандарди“*, а сега зборуваат за *„украинско сценарио“*. *„Ако не сакаат ‘украинско сценарио’, зошто тогаш прават контрапротести?“*, луцидно праша колумнистот. Друг аналитичар обвини дека *„Иванов насила ја турка Македонија во украинско сценарио“*, дека дестабилизирачкиот фактор се помилуваните криминалци од ВМРО-ДПМНЕ и Иванов, и дека *„тие се оние кои провоцираат Мајдан среде Скопје“* (Одговорноста за можно украинско сценарио е на Иванов и Груевски, 16.4.2016).

## Хармонијата на македонските и руските пропагандисти за „украинското сценарио“

Одговорот на прашањето „Дали Македонија оди по патот на Украина?“, беше афирмативен за македонските провладини пропагандисти, кои се обидоа да ја претставaт ненасилната Шарена революција како „бледа копија на украинското сценарио“ и го обвинија Заев дека „ги удри темелите на Украинското сценарио во Македонија (Алфа, 27.5.2016).

Без да изнесуваат докази, провладините пропагандисти тврдеа дека *„денот на „молотови коктели“* и *на багери што итаат кон институциите воопшто не е далеку“* и оти *„застрашувачките сцени од Украина, една по една, се пресликуваат на насилните протести во Скопје“* (Украинското сценарио во Македонија - перформанс на Заев, Курир, 27.5.2016). Без никаква основа, провладините пропагандисти се обидоа да претстават дека демонстрантите во Скопје биле *„увезени“* и дека користеле исти оружја како во Киев, споредувајќи фотографија со фрлање на *„молотов коктел“* и со фрлање на боја со *„чатал“*. (Видете ја анализата *„Нема украинско, туку балканско сценарио пишувано од корумпирани лидери“*).




*Принтскрин од ТВ „анализата“ на тогаш-провладината „Сител“ од 27 мај 2016 г.*

Еден пропагандист дури инсинуира *„украинско сценарио“* (во смисла на намерно убиство на демонстранти со куршуми во грб), за да се зголемат тензиите,

поентирајќи дека „патот од мирен протест со фрлање боја во фонтаната под Воинот на коњ до вистинска крв по скопските или по битолските улици, е мал“. (СДСМ ги збратими српските платеници и исламските радикали, Република, 22.4.2016, стр. 19).

Друга пропагандистка и теоретичарка на заговори, разоткриваше Кои се мрежите кои ја бојосуваат Македонија и изнесуваше непоткрепени тврдења дека „*прислушувањето во Македонија е дело на британските служби*“, како и „*интернационализацијата на мајданското сценарио*“ кое се спроведувало „*со бојни напади на институциите*“.

Руските пропагандни канали ги зајакнуваа домашните антизападни теоретичари на заговори, против „*обоената револуција*“ и „украинското сценарио“ спроведувано од Џорџ Сорос, кој „*сака да ја уништи Македонија, нејзиното име, јазик и идентитет*“. Руската пропагандна кампања кон Македонија во април 2016 година продолжи главно да ги таргетира САД, како фактор на дестабилизација на Балканот, како илегален прислушувач во Македонија, кој сакал да го претвори Скопје во балкански Киев, за да ги саботира „мултиполарните проекти“ на Русија и Кина во регионот. Покрај сите овие обвинувања, САД беа обвинети и дека имаат план за „*интернационализирање на македонската криза*“. Од друга страна, руските пропагандисти отворено ги фалеа применетите стратегии и тактики – контрапротестите на ГДОМ, тврдејќи дека „*ВМРО-ДПМНЕ генијално се справува со Обоената револуција*“.

Ваквото, манихејско „црно-бело“ врамување беше забележливо и во пропагандистичките прилози на провладините медиуми, кои се обидуваа да ја делегитимираат Шарената револуција како „*платеничка револуција*“, а нејзините учесници како „платеници“ чија единствена цел е „*украинското сценарио*“ за насилно преземање на власта во државата.

## Хармонијата на македонските и руските официјални политичари за „украинското сценарио“

Пропагандната претстава дека ненасилните протести од Шарената револуција се составен дел од насилно сценарио беше зајакната и лично од претседателот на државата Иванов, кој по масовните протести прво ја повлече одлуката за помилување за 22 најекспонирани политичари, а на 6 јуни и на сите други

помилувани лица. Претседателот Иванов тогаш во интервју за провладиниот „Дневник“ (кој веќе не постои) го обвини Заев дека најавувал *„украинско сценарио“* и дека се заканувал со насилство:

> **Не сум јас тој што најавуваше украинско сценарио во Македонија. Не сум јас тој што јас споредуваше состојбата во Македонија со состојбата во Сирија. Заев беше тој што го правеше тоа, тој се заканувааше дека ќе дојде до насилство.**


Дневник
EVN
www.dnevnik.mk
ИНТЕРВЈУ ЃОРЃЕ ИВАНОВ
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
И странски претседатели ме предупредуваа за сценаријата за Македонија

*Насловна страница на провладиниот „Дневник“ од 25-26 јуни 2016*

Во периодот кога се водеа политички преговори за мирно надминување на политичката криза со посредство на ЕУ, Москва којзнае којпат обвини дека се подготвува терен за предизвикување нова *„обоена револуција“* во Македонија (Захарова: Во подготовка е „обоена револуција“ за Македонија).



Со повторното навраќање на пропагандната приказна за „обоена револуција“, Москва отворено се стави на страната на Груевски, уште еднаш потценувајќи ги македонските граѓани кои со месеци бараа правда на улиците по аболицијата на Иванов.

Меѓутоа, наспроти пропагандните најави за насилно „украинско сценарио“ и подготовка за нова *„обоена револуција“*, четирите најголеми политичките партии постигнаа договор за одржување мирни избори на 11 декември 2016, кој беше објавен на страницата на Делегацијата на ЕУ во Македонија.

## „Украинското сценарио“ по мирните избори на 11 декември 2016

Наспроти мрачните предвидувања дека се подготвува терен за нова *„обоена револуција“*, Москва ги оцени парламентарните избори на 11 декември 2016 како мирни, укажа дека ниедна од партиите не освоила апсолутно мнозинство, и ги повика сите политички сили во земјата „да ја почитуваат волјата на гласачите, да дејствуваат во рамките на Уставот, да не дозволуваат да се врши контрапродуктивно надворешно влијание врз процесот на формирање на новата влада“.

Меѓутоа, откако стана јасно дека Груевски не може да формира ново парламентарно мнозинство, Москва ја смени плочата дека ниедна од партиите



не освоила апсолутно мнозинство. Почна повторно да зборува за *„странско влијание“* и *„странско вмешување“* од страна на Западот, за *„употребата на деструктивни методи на ‘обоени револуции’“*, и неосновано да тврди дека на изборите победила партијата на Груевски – *„владејачката партија доби мнозинство од гласовите, а опозицијата и покрај сите манипулации и нескриената поддршка од ЕУ и САД, доживеа пораз“.*

Напоредно со Москва, и владејачката партија го врати во игра *„украинското сценарио“* откако *„СЈО се откажа од ‘ПУЧ’ заради немање докази“*. Гласноговорник на ВМРО-ДПМНЕ го оцени откажувањето од предметот „Пуч“ како *„јасен чекор на СЈО во насока на заштита на криминалците кои заговараа граѓанска војна, украински сценарија и крв до колена“*, и најави дека народот се крева против редефинирањето на државата со *„платформата од Тирана“*. Додека провладините демонстранти протестираа против *„тиранската платформа“*, речиси истите зборови – *„се заговараше украинско сценарио, граѓанска војна и крв до колена“* – ги искористи Груевски во интервју за српски „Телеграф“ (НЕ САКАМЕ УКРАИНСКО СЦЕНАРИО, НО НЕМА НИТУ ДА СПИЕМЕ ДОДЕКА ЈА РАСТУРААТ ДРЖАВАТА: Интервју на Груевски за српски Телеграф!, 10.3.2017). Гласноговорници на опозицијата укажуваа дека *„Нема да се дозволи Македонија да се претвори во Украина“* и дека реториката за Украинско сценарио е сеење ветер и магла.

Истата реторика на Груевски против т.н. *украинско сценарио* (обид на странските служби за уривање на легално избрана влада) беше прифатена и од протестното движење *„За заедничка Македонија”*, кое се спротивставуваше на „тиранската платформа“, двојазичноста, федерализацијата и директното странско мешање во Македонија, особено од страна на Сорос.

## 2017: Наместо опозиционо „украинско сценарио“, насилство од страна на провладини демонстранти

Уште во март на аналитичарите им беше јасно дека Ставовите на руското МНР коинцидираат со ставовите на ВМРО-ДПМНЕ, кое Шарената револуција, ја претставуваше како *„украинско сценарио“* за уривање на власта во Македонија.



*Протести во Скопје – април 2016, Шарена револуција*
*Фото: Ванчо Џамбаски CC BY-SA*

Но, во пролетта 2017 власта не беше насилно преземена со никакво *„украинско сценарио"*. Насилството како метод беше искористено од страна на провладините демонстранти на 27 април и тоа за спречување демократска промена на власта од страна на новоформираното парламентарно мнозинство.

Во тој период, руските пропагандисти не престанаа да зборуваат за *„украинско сценарио"*. Руската пропагандна машина го обвинуваше НАТО дека сака да види *„крв на улиците во Македонија"* заради проектот на „Голема Албанија", сееше страв за дезинтеграција на земјата и испраќаше порака дека дошло време за Македонија *„да ѝ се верува на Русија, а не на Трамп"*. Ширејќи фотографии од масовните провладини протести, руски „Спутник" дури тврдеше не само дека Брисел бил победен во Македонија, туку дека цела Источна Европа ги врти очите од ЕУ кон Русија.

По насилството на 27 април од страна на провладините демонстранти поддржани од Русија, Москва ја обвини опозицијата за обид за насилно преземање на власта и дека тоа било планирано однапред. Правејќи неосновани споредби со Украина, руската пропаганда ширеше дезинформации дека демонстрантите

во парламентот биле невооружени и сакале да спречат државен удар и ги обвинуваше Вашингтон и Брисел за двојни стандарди. Руските пропагандисти ширеа дезинформации и оти новото парламентарно мнозинство не може да влезе во Собранието, како и теории на конспирации дека „*албанизацијата*“ на Балканот била поддржана од чиновниците на ЕУ. Играјќи на картата на „Голема Албанија“ и „Тиранската платформа“, руската пропаганда повторно се обиде да прави паралели помеѓу Украина и Македонија. Меѓутоа, дури и проруските аналитичари кои ја гледаат Македонија интегрирана во „српскиот свет“ („форма на интеграција помеѓу Србија, Црна Гора, Република Српска, и Македонија“), почнаа да здогледуваат фундаментални разлики помеѓу Македонија и Украина.

Македонските пропагандисти и по насилството на 27 април се обидоа со теории на заговори да ги толкуваат настаните користејќи ја повторно пропагандната флоскула „*украинско сценарио*“, кое наводно било разоткриено и спречено од страна на ВМРО-ДПМНЕ.

## Експлоатација на стравот од украинизација на Македонија

Официјална Москва и нејзината пропагандна машина максимално ја користеа политичката криза во Македонија (2015-2017) за да ги напаѓаат Вашингтон и Брисел, сеејќи страв за „*крвавото украинско сценарио*“, во обид да го намалат влијанието на Западот во Македонија и на Балканот. Откако Иванов му го даде мандатот на Заев и беше јасно дека новото парламентарно мнозинство ќе формира влада, руските пропагандисти продолжија да ги обвинуваат САД дека не ја решиле македонската криза, туку ја влошиле и го довеле Балканот во опасност. Русија максимално го експлоатираше стравот од украинизација на Македонија за да го слабее Западот и да ги јакне своите интереси во Македонија и на Балканот.

Иако официјална Москва застана во одбрана на насилните демонстранти и корумпирани политичари кои го кршеа уставот и ги попречуваа демократските процедури за промена на Власта, на 24 мај 2017 Путин му посака на Иванов развој на внатрешната политичка ситуација во согласност со Уставот и демократската процедура.



*Путин му ја честита наградата на Иванов на средбата на 24 мај 2017 Фото: Канцеларија на Претседателот на Русија (kremlin.ru), Creative Commons Attribution 4.0 International*

На денот на словенската писменост, Путин на Иванов му ја честита и наградата за зајакнување на меѓуправославните односи, доделена од Меѓународната општествена фондација за единство на православните народи, а врачена лично од рускиот патријарх.



# РУСКАТА ПРОПАГАНДА ВО МАКЕДОНИЈА ВО 2018: „ЕДИНСТВЕНА МАКЕДОНИЈА“ КАКО „ПИОНЧЕ“ НА „ЕДИНСТВЕНА РУСИЈА“

Неодамнешното протерување на петтемина руски дипломати не е прво протерување на руски дипломати од Македонија. Првпат, Македонија протера руски дипломат во 2018 година, кога беше забележително не само засилено руско пропагандно влијание, туку и обид за руско политичко влијание преку поддршка на македонскиот клон на „Единствена Русија“

**Пишува: Жарко Трајаноски**

**(Вистиномер, 05.04.2022 г.)**

## Руското влијание во  Македонија не е само преку „руската салата“

Уште пред почетокот на 2018 година, амбасадата на Русија во Македонија се обиде да се пошегува на тема „зголемување на руско влијание“ објавувајќи фотографија од „руска салата“, која најмногу се консумира за време на новогодишните празници. Но, што се однесува до темата „руско влијание“ и „украинско сценарио“, ѓаволот веќе одамна ја имаше однесено шегата (види анализа 1 и 2). Како и изминатите неколку години, во декември 2017 г. руски пропагандисти објавуваа мрачни предвидувања за снемување на Македонија од картата на светот и за поделба на  Македонија помеѓу Албанија и Бугарија (Видете АНАЛИЗА НА АНДРЕЈ КОРИБКО: Ќе ја снема ли Македонија од картата на светот во 2018 година?). Локалните руски гласноговорници, пак, ширеа апокалиптични предвидувања дека *„Македонија е избрана како место каде што ќе започне следната војна, односно светскиот конфликт помеѓу НАТО и Русија“.*




Еден месец по предвидувањето за авангардна „трета сила“ во Македонија, која ќе се борела за нејзина заштита од разнебитување, на политичката сцена се појави таков кандидат. Тоа беше партијата „Единствена Македонија“, која отворено се залагаше за сојуз со Русија и водеше црна кампања против НАТО и ЕУ.

## „Единствена Македонија“ против „фашизмот“ на НАТО и ЕУ

Веднаш по преименувањето, претставници на „Единствена Македонија“ ги прогласија НАТО и ЕУ за фашистички институции. Лидерот на партијата со нов проруски идентитет го жигоса НАТО не само како „фашизоидна“, туку и како „геноцидна организација за Македонците со обидот за промена на нашето вековно име и идентитет.“ Во јануари 2018 г. „Единствена Македонија“ предложи автопатот кон Грција да се нарекува геноцид наместо пријателство и побара од Владата да го повлече барањето за членство во ЕУ, согласно нејзината стратешка цел за членство во Евроазиската економска унија и стратешко партнерство со Русија. Исто така, „Единствена Македонија“ објави дека започнала постапката во Собранието против членството на Македонија во НАТО, со која се обезбедува „опстанокот на Македонија и Македонците“.

Додека медиумите ширеа фама дека Македонците го преферираат рускиот претседател за свој лидер, рускиот амбасадор Шчербак тврдеше дека Русија ниту се мешала ниту се меша во внатрешните работи на Македонија. Додека Лавров предупредуваше дека ширењето на НАТО со Македонија е грешка, лидерот на „Единствена Македонија“ се обидуваше политички да мобилизира со дезинформирачки антиалбански п ораки и со пораки против *„фашистичко барање за промена на името и идентитетот за членство во Унијата“.*

Бачев објави и две отворени писма. Првото писмо беше адресирано до претседателот на ЕК, во кое упати порака дека Македонија *„не ја гледа својата иднина во ЕУ и НАТО и не ги дели вашите либерални вредности во спротивност со природните законитости...“*. Второто писмо беше адресирано до Путин, во кое Бачев му ја честита победата заблагодарувајќи му се за руската поддршка и изразувајќи верба дека во неговиот мандат *„Република Македонија ќе го добие историскиот стратешки сојуз со Русија и членство во Евроазиската економска унија“.*

## Руската пропагандна офанзива против НАТО и ЕУ

Во февруари и март 2018 г. веќе беше видливо дека проруската пропаганда во Македонија е во политичка „офанзива“. На пример, во тогаш најгледаната емисија „Само вистина“ на 20 февруари 2018 г., „дебатираа“ двајца проруски пропагандисти на тема ***„Има ли Македонија алтернатива на ЕУ и НАТО?“***. Гостите беа единствени во водење негативна кампања против ЕУ и НАТО, во оцрнување на прозападната влада и во исмејување на приврзаниците за влез во НАТО и ЕУ. Во истата емисија претставникот на „Единствена Македонија“ упати експлицитни антиалбански пораки дека Албанците *„ќе имаат две можности – или да почнат да го учат рускиот јазик или да се научат да пливаат, и тоа го велам ептен сериозно“.* И лидерот на „Единствена Македонија“ Бачев гостуваше во истата дебатна емисија на почетокот на март 2018 г., кога тврдеше дека *„стратешкиот сојуз со Русија го обезбедува опстанокот и иднината на Македонија“*. Гостинка на „Само вистина“ во март беше и колумнистката, професорката **Билјана Ванковска**, како прва потписничка на манипулативниот проглас на интелектуалци кои побараа прекинување на преговорите за името. Ванковска, автор на колумната Нобелова награда за Путин: А, зошто не? (во „Руска реч“), претходно го промовира слоганот „НЕ за НАТО, дури и под уставно име!“.

Покрај обидите за заплашување со „брутална албанизација“, „Единствена Македонија“ постојано играше на „антифашистичка“ карта, претставувајќи го „Западот“ како фашистички. Така, на пропагандната сеанса на која почесен говорник беше рускиот пропагандист и геополитичар Александар Дугин, гласноговорникот на „Единствена Македонија“, **Влахов Мицов,** ем ширеше дезинформации за бројноста на Албанците во Македонија („13.6 отсто малцинство“)

ем го оцрнуваше Западот како фашистички рајх кој целел да го уништи словенскиот свет: *„Моментално, САД, НАТО и ЕУ го составуваат четвртиот фашистички рајх, чиј претходник е третиот хитлеровски… целта на овие нови хитлеровци е целосно уништување на словенскиот свет на чело со Русија…“.*

„Единствена Македонија“ и Дугин ѝ понудија на македонската јавност не само негативна пропаганда кон Западот и либерализмот, туку и политичка алтернатива во Евроазиската унија и „словенското братство“ (види повеќе: Пропагандистот Дугин, сатанизацијата на Западот и апологијата на рускиот империјализам).




***Штабот на партијата „Единствена Македонија“ на главниот плоштад во Прилеп, 31.03.2022 г. Фото: Вистиномер.***

Пропагандната офанзива продолжи и по изборната победа на Путин, кога **Мирка Велиновска** во колумната „Русија го менува светот“ ја оцрнуваше *„Евро-атланската западна политичко-елитистичка номенклатура“* како *„вулгарно, вандалска племенска збиришина“* и *„збир на дивјаци со центар во Брисел“*. Велиновска го опишуваше македонскиот премиер како *„највулгарниот примерок, но и жив доказ за вредносната парадигма на вандалскиот нецивилизиран запад“* и ги обвинуваше *„евро-атланските бројлери“* дека стапиле во сојуз *„со фашистичкиот евро-американски милитантен комплот против Русија“*.

И официјалните гласноговорници на Русија не штедеа оцрнувачки зборови кон НАТО. По пораката на Лавров дека „проширувањето на НАТО со Македонија

е грешка“, следуваше соопштението на руското МНР дека *„плановите да се внесе Република Македонија во НАТО би можеле да имаат негативни последици за регионалната безбедност и за билатералните односи“.* На хајката против НАТО се приклучи и рускиот амбасадор Шчербак со порака дека *„НАТО не е училиште за мировторци, туку агресивен воено-политички блок виновен за многу воени интервенции“.*

Откако на 26 март 2018 г  Македонија протера руски дипломат поради „случајот Скрипал“ и преминување на црвената линија, Москва остро реагира предупредувајќи дека *„одговорноста за последиците од овој потег во целост ќе ги сноси македонската страна“.*

Рускиот амбасадор најнапред во колумна констатира дека *„Македонија била дел од државите кои ѝ попуштаат на оваа англосаксонска психоза и на штета на интересите на својата земја донесуваат избрзани одлуки кои ги отежнуваат односите со Русија“.* Потоа на прес-конференција Шчербак упати заканувачко предупредување дека *„Македонија ќе биде легитимна цел на Русија во случај на конфликт со НАТО“,* на што премиерот Заев коментира дека Македонија не сака кавги со Москва.

Партијата „Единствена Македонија“ го осуди протерувањето на рускиот дипломат и повика на собир пред руската амбасада, на кој му порача на рускиот амбасадор дека македонскиот народ сака да биде дел од Евроазиската унија, а дека во ЕУ сакале само *„корумпирани Македонци, кои се платени со странски пари“.*



*Седиштето на партијата „Единствена Македонија“ во Скопје, 01.04.2022 г. Фото: Вистиномер.*

## Руската пропаганда пред Договорот од Преспа: Обид да се искористи спорот за името

Непосредно пред лансирањето на македонската верзија на „Единствена Русија", вистински медиумски бранувања предизвика изјавата на рускиот министер за надворешни **Сергеј Лавров** од 15.1.2018 г., во врска со евентуалното решение на „спорот за името". Откако повеќе медиуми објавија дека Русија ќе прифати каква било промена на името (Лавров: Ќе го прифатиме името што ќе го договорат Атина и Скопје / Лавров: Ќе прифатиме какво било ново име на Македонија / „Русија на страната на Грција, бара Македонија да го смени името"), руската амбасада во твит предупреди дека македонски медиуми манипулирале, односно, ширеле лажна интерпретација на зборовите на Лавров (беше објавен и транскрипт од изјавата на Лавров). Но, дел од засегнатите медиуми исправно укажаа дека тоа што било пренесено од Лавров во македонските медиуми било всушност цитат од рускиот сајт „Раша тудеј", каде била објавена следната кратка вест уште додека траеше пресот на Лавров: „*On the naming row between Greece and Macedonia, Lavrov says Russia would abide by any decision made in the Macedonian constitution, should that happen*" (РТ). Подоцна, и рускиот амбасадор Шчербак, на промоција на изложбата „Москва денес" (28.2.2018), истакна дека „Грција и Македонија имаат право на решение кое им одговара на двете страни".

Меѓутоа, токму по контроверзните изјави на Лавров, и политичките толкувања за појава на „трета сила", маргиналната партија „Народно движење за Македонија" одлучи да се преименува во „Единствена Македонија" и да се залага против членство во НАТО и ЕУ, а за Сојуз со Русија и членство во Евроазиската унија. „Единствена Македонија" и другите проруски гласноговорници ставаа акцент на зачувување на уставното име по секоја цена, што може да се толкува како показател дека Русија, сепак се обидува да го искористи спорот за името за постигнување свои стратешки цели во Македонија и на Балканот. Во таа насока се толкуваше и поддршката на Савин и на Дугин за зачувување на името, посета што одредени аналитичари ја толкуваа како „хибриден акт".

По протерувањето на рускиот дипломат во март, руската амбасада со твит реагира на изјавата на потпретседателот на ВМРО-ДПМНЕ, **Александар Николовски,** дека „*Македонија мора да биде членка на ЕУ и НАТО*" и

дека *„Наш партнер не е Москва, наши партнери се Брисел, Лондон и Вашингтон“*:

**Според Александар Николовски, Москва не била партнер за ВМРО-ДПМНЕ. Забележителен став.**

И рускиот амбасадор Шчербак ја толкуваше изјавата како одраз на *„недоследната политика на дел од раководството на ВМРО-ДПМНЕ“*, која *„доведе до тоа, ВМРО-ДПМНЕ да ја изгуби власта“*. Наспроти изјавата *„наш партнер не е Москва“*, Шчербак укажа дека познавал многу сопартијци на Николоски кои биле *„расположени за развој на конструктивни и партнерски односи со Русија“*.

Поради изјавата *„наш партнер не е Москва“*, ВМРО-ДПМНЕ и неговиот лидер беа мета на оцрнувања од страна на руските пропагандисти во Македонија, кои најавуваа „распад на ВМРО-ДПМНЕ“. И македонскиот клон на „Единствена Русија“ ги таргетираше „бандитите од ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ“, повикувајќи на предвремени избори за народот да одлучел *„дали е за НАТО и ЕУ или за Русија и ЕЕУ“*.

Додека рускиот амбасадор сугерираше статус на воена неутралност и покажуваше загриженост кон Македонците со пораката *„Не сакаме НАТО да ги користи Македонците како топовско месо“*, лидерот на „Единствена Македонија“ испраќаше антиалбански пораки. Бачев бараше отповикување на признавањето на Косово, порачувајќи му на министерот за надворешни работи *„да започне заедно со сонародниците Албанци да го изучува рускиот јазик, а радикалните Албанци да научат да пливаат“*.

Наспроти тврдењата на рускиот амбасадор (Шчербак: Пропагадни лаги се тврдењата дека Русија се меша во спорот за името), лидерот на македонскиот клон на „Единствена Русија“ се обидуваше максимално да го искористи спорот за името за сопствена промоција и партиска мобилизација. Бачев дури се обиде да достави до грчката амбасада писмо до Ципрас со порака дека *„Македонскиот народ и поголем дел од граѓаните на Република Македонија не стојат зад каков било договор меѓу Република Македонија и Република Грција за промена на македонското име*

*и идентитет“*. Исто така, во писмото Бачев истакнуваше дека *„ние не ја гледаме својата иднина во ЕУ и НАТО, туку, во стратешки сојуз со Русија и членство во Евроазиската економска унија“*. „Единствена Македонија“ се обидуваше да се самопромовира како единствена партија против промена на името, што беше јасно и од објавеното видео на нивната фејсбук-страница со наслов: **„Мицковски како и Заев е за промена на името“.**

Истиот месец кога рускиот амбасадор во колумна тврдеше дека Русија без докази се обвинува за *„наводни обиди да ја дестабилизира Македонија“* и оти правела сѐ *„за да ја спречи интеграцијата на земјата во НАТО“*, лидерот на „Единствена Македонија“ се пофали дека не само што бил во партиска посета на Русија, туку и дека како партија успешно ја минале руската обука. Во гостувањето на ТВ „Стар“, Бачев истакна дека имал средба во државната Дума на Русија, со лидерите на евроазиското движење Дугин и Савин, но и со претставници на „нашата блиска партија Единствена Русија“.

Благодарение на „руската обука“ од страна на соработникот на Дугин, Бачев тврдеше дека ќе ги победеле *„погубните политики на партијата ‘Погреб за Македонија’ составена од СДСМ и ВМРО-ДПМНЕ“* и дека биле подготвени за преземање на власта и за расчистување со сите „национални предавници“. И „обучувачот“ Леонид Савин од Русија пророчки потврдуваше дека *„новата власт што ќе биде на Единствена Македонија треба да ја задржи унитарноста на земјата“*.




***Општински комитет на партијата „Единствена Македонија“ во Тетово, 31.05.2022 г. Фото: Вистиномер.***

## Руската пропаганда по Договорот од Преспа: Обиди за дестабилизација

Во јуни 2018 г., „обучениот" Бачев почна да ги дискредитира преговорите со Грција како *„приватната забава на Заев и Ципрас за некаков договор за промена на името"* и предвидуваше дека „Ниту ќе дојде до промена на името ниту Македонија ќе стане членка на НАТО".

Откако на 12 јуни 2018 беше јасно дека ќе се потпише договор со Грција, навивачката група „Комити", на спортскиот клуб „Вардар" во сопственост на **Сергеј Самсоненко** – почесен конзул на Руската Федерација, повика на масовен протест и упати заканувачка порака до сите вмешани во менувањето на *„нашето вековно име"*: *„ќе дојдеме по вас и вашата фамилија!"*, стои во постот на „Комити", кои објавија фотографија со слоган *„проклети да се предавниците, својот народ што го предале"*.

„Комити" во своето политичко „коминике" тврдеа дека државата била *„жестоко нападната од внатрешни квинслизни и странски агресори, кои со сила и геноцидни методи сакаат да ни го сменат; идентитетот, нацијата, јазикот, историјата..."* и повикуваа на револуција.

Истовремено, рускиот министер Лавров изрази надеж дека „ договорот има широка народна поддршка", односно, дека ќе биде поддржан и од Русија „ако договорот за името го поддржат граѓаните на двете земји". Потпретседателот на ВМРО-ДПМНЕ и некои медиуми протолкуваа дека „Лавров го поддржа договорот" и „го поздрави преименувањето во Северна Македонија", односно дека била запрена поддршката од „братска" Русија за името (Толку беше од „поддршката" на „братска" Русија за името- Лавров во друштво на Коѕијас го поздрави договорот).

Меѓутоа, руската амбасада во твит појасни дека

**Одделни медиуми за жал продолжуваат да шират тенденциозни толкувања и лажни вести за ставовите на Русија по прашањето за името на Република Македонија.**

Еден познат руски пропагандист следниот ден дури и лично го таргетираше потпретседателот на ВМРО-ДПМНЕ како „лажго и спинер".

На ТВ-гостување Бачев тврдеше дека *„Тоа беше една голема лага дека Лавров се согласил со промена на името"* и дека *„тој спин го направија тие соросоидни медиуми во државата"* (иако најексплицитното толкување дека „Лавров го поддржа договорот" беше од потпретседателот на ВМРО-ДПМНЕ). И тогаш Бачев во ист спротивен табор ги сместуваше и СДСМ и ВМРО-ДПМНЕ како про-НАТО партии: *„На една страна се ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ, кои што викаат „НАТО и ЕУ нема алтернатива", на друга страна ние велиме стратешки сојуз со Русија."* Во истата ТВ емисија, водена од познат проруски гласноговорник, другиот гостин **Александар Станковски** ја промовираше евроазиската ориентација како идеологија и ги сатанизираше Западот и либерализмот, повикувајќи се токму на Дугин:

> **...она што Дугин го нарекува четвртиот пат, четвртата идеолошка или политичка теорија. Значи либерализмот, кој трае веќе 200 години е готов, тој не дава резултати, тој дава дегенерација, тој дава проблеми, тој создава непотребни војни во светот, тој создава доминација која е САТАНСКА.**

Еден ден пред потпишувањето на Договорот од Преспа, „Единствена Македонија" го прогласи за *„национално предавство и тешко злосторство врз македонскиот народ"*, и најави дека *„новата легална власт на Единствена Македонија веднаш ќе го поништи таквиот договор"*. На денот на потпишувањето на договорот, „Единствена Македонија" ги поддржа „Комити", кои повикаа на масовен протест повторно заканувајќи се: *„ние сме Комити и ќе ве најдеме, а останатото сте го читале во учебниците по историја"*. Радикалната група „тврдокорни" му се стави на располагање на претседателот Иванов *„во одбрана на нашата татковина"*, кој претходно договорот со Грција го нарече „штетен" и најави дека нема да го потпише.

На протестот пред Собранието на 17 јуни 2018 г., кој изобилуваше со говор на омраза и експлицитни закани за насилство, „комити" го пробија полицискиот кордон, а лидерот на „Единствена Македонија", Бачев со руско знаме се качи на полициска кола. МВР соопшти дека *„дел од демонстрантите на протестите употребиле распрскувачки средства и насилно ја турнале заштитната ограда, обидувајќи се насилно да влезат во Собранието",* а власта испрати порака дека „нема да се дозволи реприза на 27 април". Подоцна, јавно беа изнесени информации од страна на премиерот дека предизвикувачите на нереди на протестите биле платени од грчки бизнисмени, а и дека руските претставници ги охрабрувале протестите и насилствата. Истражувачките новинари воспоставуваа инкриминирачки релации помеѓу рускиот бизнисмен, партијата „Единствена Русија", навивачката група „Комити", и сопственикот на Фудбалскиот клуб „Вардар" (почесен конзул на Русија).

Откако лидерот на „Единствена Македонија" го развеа руското знаме на насилните протести пред Собранието, беше пропагандно таргетиран како „тројански коњ" и инсталација на СДСМ од медиуми блиски на ВМРО-ДПМНЕ. Партијата на Бачев остро реагира против *„новинарските јаничари и платеници, претходно на Груевски, сега на Мицкоски".*




***Фото: видео-извадок, Радио Слободна Европа***

На говорот пред Собранието на 18 мај 2018 г., Бачев го омаловажуваше Договорот од Преспа како *„приватна забава"*, слично како и проруския пропагандист **Миленко Неделковски,** кој го нарече „приватна забава на грчкиот и македонскиот премиер". Бачев тогаш ги уверуваше групите што

протестираа дека *„Нема меѓународен договор“* и дека *„Македонија ниту ќе стане членка на НАТО ниту името ќе се промени...“.*

Сепак, реалноста го демантира универзитетскиот професор по меѓународно право на Правниот факултет при Меѓународниот славјански универзитет „Гаврило Романович Державин“. Во продолжението на анализата ќе видиме како токму благодарение на Договорот од Преспа, Македонија стана членка на НАТО по промената на уставното име, и покрај засиленото руско влијание за време на референдумот и процесот на уставни измени.



# СО НИШТО НЕ МОЖЕ ДА СЕ ОПРАВДА РУСКАТА ИНВАЗИЈА ВРЗ УКРАИНА

Еден од потешко воочливите начини на влијание, кој станува мошне агресивен од моментот на започнување на инвазијата на Путин врз Украина, е споредувањето, поистоветувањето и оправдувањето на таа војна

**Пишува: проф. д-р Мирјана Најчевска,**

**експерт за правна држава и човекови права**

(Вистиномер, 03.03.2022 г.)

Инвазијата на Путин во Украина отвори нов простор и создаде нова потреба за поголемо руско влијание во Северна Македонија.

Во услови кога власта во Северна Македонија дава несомнена и многу отворена поддршка на Украина, ја осудува инвазијата и им нуди материјална помош на граѓаните на Украина, се засилува бранот на руско влијание на социјалните мрежи и одделни портали/медиуми.

Ова влијание веќе не е толку директно, непосредно и отворено, меѓутоа не е помалку опасно.

На социјалните мрежи сè уште може да се видат текстови и ставови што претставуваат директна поддршка на Путин и инвазијата врз Украина, меѓутоа медиумите и официјалните портали не си дозволуваат ваков отворен настап, туку почнуваат да употребуваат посуптилни алатки на дезинформирање.

Директната поддршка на Путин е често ставена во контекст на наводна загрозеност на Северна Македонија од западноевропските држави, придружена е со видеа и фотографии со кои се прикажуваат наводните успеси на руската војска во борбите во Украина, односно со написи во кои се алудира на моќта на руската војска, и нејзината хуманост.

Меѓутоа, еден од потешко воочливите начини на влијание, кој станува мошне агресивен од моментот на започнување на инвазијата на Путин врз Украина, е

споредувањето, поистоветувањето и оправдувањето на инвазијата на Путин врз Украина.

**ПРВОТО НИВО** е споредување на актуелната инвазија врз Украина. Вообичаено се прави со споредување на инвазијата на Путин врз Украина со воени интервенции, воено присуство и/или воена поддршка што САД ја даваат во граѓанските војни/конфликтите во Сирија, Либија, Јемен, односно, признавањето на Косово.

Станува збор за квази споредување, кое вообичаено започнува со изразите: двојни аршини; Русија не го уништи меѓународниот поредок, туку НАТО и Америка; режимот на САД создава кризи; зошто никој не се бунеше за војната во Сирија; да имаше вакви санкции за секоја агресија на САД, светот немаше да знае како звучи американската химна, ниту ќе знаеше некој нивни спортист; Се сеќавате кога САД доби санкции од ЕУ поради нападите на Југославија, Либија, Ирак, Сирија, итн.? Не. И ние не се сеќаваме....

Најраширен начин на квази споредување на инвазијата на Путин во Украина, со воени активности на САД, е со поставување на социјалните мрежи на табели, графикони, листи, кратки изјави... на кои се набројуваат воените бази на САД или државите во кои биле или се на каков било начин воено присутни САД или каде што „учествувале“ во рушење режими или поттикнување рушење режими.

Без да навлегуваме во расправа за тоа дали евентуално прекршување на правото во друго време, други услови, друго место, во сосема друг конфликт е по автоматизам доволно оправдување за исто или слично прекршување на правото сега, во овие услови, во конкретна држава – Украина.

Всушност, никој и не започнува ниту, пак, се впушта во ваква расправа.

Едноставно се репродуцираат табели. Листи, графикони, табели, кратки изјави,...






Ширењето [вакви табели](), графикони и текстови на социјалните мрежи е насочено кон промовирање на идејата за огромен квантитативен дебаланс во воено дејствување на САД низ светот што нужно води кон заклучок за оправданоста и, пред сè, „одбранбениот“ карактер на воената инвазија на Путин во Украина.

Со ова ЕУ и воопшто, европските држави, повторно се исфрлаат (или се ставаат на маргините) од сликата на судирот меѓу Путин и демократскиот свет, конфликтот се прикажува како конфликт меѓу Русија и САД и сите споредби се сведуваат на Русија и САД. На тој начин се врши потполно дефокусирање од реалната ситуација и веќе не се гледа глобалната слика во која режимот на Путин (не Русија) презема инвазија, која ја осудуваат мнозинството држави во светот, туку се импутира перцепцијата за истоветно постапување на две големи сили при што се имплицира дека јавноста не го осудува постапувањето на едната, а го осудува постапувањето на другата.




Твит од Тања Каракамишева, професорка на Правниот факултет при УКИМ, кој пренесува слика објавена од RedFish, пропагандна публикација поддржана од Кремљ, која ја водат луѓе поврзани со руската државна телевизија Russia Today. Овој инфографик, кој прикажува воени дејства на разни места и од различни временски периоди често се посочува како пример за манипулација, односно нова верзија на советската тактика за дефокусирање (whataboutism).

Симплификуваната форма на овие написи (особено табелите и графиконите) овозможуваат нивно лесно ширење и градење јасна перцепција, која „идентификуваниот противник“ – САД ги прикажува во најлошо можно светло и поттикнува негативни чувства како кон „докажан“ освојувач и агресор, наспроти Русија, за која се нуди перцепција како за некој што упорно се брани.

Ова се постигнува и на тој начин што нити еден од овие текстови не е проследен или не упатува на анализи, истражувања, пошироки податоци, кои би опфатиле вистинска компарација (улогата на поранешниот СССР и денешна Русија во тие или слични конфликти), ниту, пак, објаснување за содржината на спомнатите активности, позадината, вклученоста/улогата на самата држава што се спомнува.

## СТАВАЊЕ ВО ИСТ КОШ

Во исто време, перцепцијата се засилува со тоа што во ист кош се ставени сосема различни ситуации и активности (кои никако не може да бидат ставени под ист именител). Само како пример да ги земеме Полска (1980-81), Кувајт (1991), Виетнам (1961-73), а кои заедно се појавуваат на една од најраширените листи.

Имено, во Полска станува збор за оригинално внатрешно движење, кое се развива со години и кое кулминира во активностите на „Солидарност“, а е насочено кон ослободување од присуството на Русија и демократизација на сопственото општество (што нема никаква врска со САД) и претставува дезавуирање на долгогодишната борба на полскиот народ за ослободување од влијанието на СССР и демократизација на сопственото општество.

Во Кувајт станува збор за спротивставување на инвазија направена од страна на Ирак во кое учествувале 32 држави (во тој момент најголема коалиција на држави по Втората светска војна) и каде што дури има и заеднички став на САД и тогашниот СССР во однос на направената инвазија и Резолуција на ООН со која се поддржува акција за отстранување на Садам Хусеин (Ирак) од Кувајт.

Војната во Виетнам е дел од конфликтите што произлегуваат и се дел од студената војна. Самата војна има многу комплексна позадина (во која учествуваат и САД и СССР), а улогата на САД во неа е една од најконтроверзните, со најмала поддршка од други држави и е отворено осудена како неморална од страна на американската интелигенција и од многу голем број граѓани на САД.

Ова води кон **ВТОРОТО НИВО** – своевидно изедначување, бришење на разликите, поистоветување (на системите, постапките, активностите, модусот на дејствување), кое ја разводнува осудата и го растура евентуалното несогласување со конкретната агресија на Путин врз Украина.

Изедначувањето започнува со негирање на постоењето разлика во известувањето за агресијата на Путин врз Украина меѓу руските режимски контролирани гласила и медиумите од „западните" држави и создавањето впечаток дека станува збор за едноставна борба меѓу лагите на две пропагандни машинерии. Затворањето на медиумскиот простор во Русија и отсуството на надворешни информации се поистоветува со моментното ограничување на пренесувањето преку кабелските телевизии на два државни медиума на Русија (направено, пред сè, како симболичен чин, кој повеќе изразува став отколку што вистински ограничува, ако се има предвид отвореноста на медиумскиот простор во западните демократии).

Изедначувањето продолжува во тврдењето дека сите политичари се исти и меѓународната заедница треба на истоветен начин да реагира кога станува збор за нивните многу истоветни прекршувања на меѓународното право за да биде заокружено во изјавите дека се работи за еднакво демократски системи, во кои има прекршувања на човековите права (па дури и многу поголемо нивно почитување од страна на Путин отколку од западните демократии), меѓутоа, кои не се квалитативно различни, односно:

**Од политички и стратегиски аспект, како што видовме, интервенцијата во Украина е само операционализација на дипломатски искажаните амбиции за нов светски поредок. Во практика тоа се артикулира преку стравот од НАТО, загрозеноста од НАТО и иманентната опасност што, според Русија, ѝ дава легитимитет да употреби сила. Тоа, пак, само по себе, укажува дека во правна смисла можеби Путин се повикува на уште еден ревносен преседан во употребата на сила, а тоа е предвремената употреба на сила, кој беше мошне актуелен за време на глобалната војна против тероризмот.**

Ова е интересен начин на кој се обезбедува опстојување на позитивниот однос кон режимот на Путин со тоа што се минимизира неправото, се става во поширок контекст без да се понудат поопстојни објаснувања, или пак, се изведува заеднички именител.

Во оваа насока се и написи што навидум претставуваат генерална осуда на војната, меѓутоа во кои зад обопштувањето се крие отсуството на конкретна осуда, ставање во ист кош и поистоветување. Крајниот заклучок е дека Украина не е жртва на Путин, туку на некоја глобална војна, која се води постојано и на сите страни, а во која не може да се посочи еден виновник, бидејќи сите се на ист начин виновни и/или одговорни.



Biljana Vankovska
last Wednesday

Досега беше лесно за "американската коњица" да "спасува" распаднати и слаби нации ширум светот.

Путин им фрли ракавица в лице и сега ќе се разголи сета приказна за "либералниот интервенционизам", дали се навистина подготвени да се борат за вредностите што ги проповедаат. Ако прекршија Повелба на ООН за операција out of area во 1999, сега тешко дека ќе се впуштат во слична операција на спасување на Украина.

Украина е жртва на големата шаховска табла, но и на сопствените илузии дека "НАТО ќе ги брани, ЕУ ќе ги рани".

413 9 23

„Јас сум против сите војни“ е најдобар начин да се избегне да се каже дека/дали сум против оваа конкретна војна. Најверојатно најдобар пример за ова е текстот на професорката **Билјана Ванковска** напишан за весникот „Нова Македонија“.

**Петицијата ја потпишав, иако е патетичен обид да се „стори нешто“, да се смири совеста и да се демонстрира стоење на „вистинската страна“ (по децениски молк за другите воени походи, од кои некои и денес се активни). Таканаречените „проверувачи на факти“ бараат од некој како мене со децениски**

стаж во антивоеното движење и книга со антивоени есеи одново и одново да се колне дека е против (и) оваа војна. Трипати дневно, и со задолжително знаменце на ФБ-профилот. Имплицитниот императив е фаќање страна, небаре сме во криза со „Информбирото“: дали си за Тито или Сталин е заменето со дали си за НАТО/Украина или Путин. Таа лажна дилема во бинарниот ум (или-или) е вградена во темелите на моралниот колапс на човештвото. Тие не можат да сфатат дека човек мора да биде еднакво против двете завојувани страни. Особено кога сме на чекор до нуклеарен холокауст, а ЕУ се однесува како пироман, а не нобеловец за мир. Со дотурање оружје, Украина станува фактичко бојно поле на НАТО и Русија, да не се лажеме. Како што вели Јан Оберг, Западот е на автопилот на безгранична омраза кон Русија и сè руско (од Чајковски до театарот Бољшој)... Очигледно Путин ги бележел во тефтерот сите постапки од изминатите триесетина години, па постапува речиси идентично, користејќи иста реторика, потези, воени операции, како и правото на вето во Советот за безбедност на ОН (исто како што САД блокираат секаква осуда на Израел со децении и како што манипулираа со разните резолуции за да најдат „дупка во закон“ за операциите во кои растурија цели држави и оставија милиони невини цивилни жртви).

Осудата на конкретната агресија врз конкретна држава се нарекува ***„лажна дилема“***, а спротивставувањето на агресијата на Путин се нарекува ***„безгранична омраза кон Русија и сè руско“***, а изедначувањето јасно се пропагира со пораката дека треба да се биде ***„еднакво против двете завојувани страни“***.

## СУПТИЛНО ИЗЕДНАЧУВАЊЕ И ПРЕФРЛАЊЕ НА ВИНАТА

Уште еден суптилен начин на влијание со поистоветување, претставува проблематизирањето и/или негирањето на демократскиот карактер на европските држави, кои јавно истапуваат против агресијата на Путин врз Украина. Ова е уште поопасно кога доаѓа од страна на член на Македонската академија на науки и уметности – МАНУ.

Само како пример, на својот ФБ-статус (што потоа е пренесено и во неколку медиуми и споделено на социјалните мрежи), академик **Катица Ќулафкова** ни соопштува дека:

> **Но денес, март 2022 година, по неколкудневната специјална руска воена интервенција во Украина, сиот „прогресивен“ европски и американски свет, па дури и северно-македонскиот, на голема врата ја промовираше бруталната политика на бојкот на уметноста и културата со руски предзнак. Речиси хистерично се забрануваат изведби, промоции, настава, дистрибуција и комуникација на врвни и популарни уметнички дела и ремек-дела, бестселери, театарски претстави, филмови, концерти, автори, композитори, сликари, оперски певци, спортски настани, само затоа што имаат руски предзнак.**
>
> **Со каква невидена морална и интелектуална леснотија се забранува Достоевски, Чехов, Чајковски, рускиот балет, руската романса...? Тотална декаденција на просветителскиот дух на Европа.**

Зошто и како е една ваква објава опасна и претставува пример за ширење на руското влијание во Македонија?

Навидум легитимниот повик за заштита на човековото културно и уметничко и интелектуално наследство во себе носи скриена содржина, која еднострано и неаргументирано го осудува десјтвувањето на западноевропските демократии, ја негира нивната демократичност и става знак на равенство меѓу нивното дејствување и воената агресија на Путин во Украина.

Како се изведува актот на суптилно изедначување, префрлање на вината и еднострана осуда (во прилог на Путин и неговата агресија)?

Прво, пред овој текст, академик Ќулафкова нема објавено на својот ФБ-профил ниту еден друг текст со кој ја осудува воената агресија на Путин врз Украина. Тоа значи дека јавноста тргнува од претпоставката дека академик Ќулафкова не наоѓа ништо лошо во оваа агресија.

Второ, војната на Путин против Украина ја нарекува „специјална воена операција“ согласно барањата на путиновата администрација, која негира дека во Украина се води војна.

Трето, го става под наводници зборот „прогресивност“, со што ја проблематизира и негира прогресивноста на западните демократии.

Четврто, зборува за „брутална политика“ на бојкот на уметност и култура што има руски предзнак, обвинувајќи за хистерични забрани на:

**Достоевски, Чехов, Чајковски, рускиот балет, руската романса...? Тотална декаденција на просветителскиот дух на Европа.**

При што не дава ниту еден линк или конкретен случај на овие забрани (ставени во контекстот на секој од дадените случаи).

Така, не се спомнува дека обидот за забрана на изучување на Достоевски наишол на многу остра и брза реакција од академската заедница и бил осуетен. Не спомнува дека диригентот Валериј Георгиев, кој е присилен да даде оставка од позицијата почесен претседател на Меѓународниот фестивал во Единбург, се солидаризирал со Путин и не се дистанцирал од агресијата на Путин врз Украина. Не спомнува дека нема да има руски павилјон на Венецијанското биенале затоа што руските уметници се повлекле со објаснување дека:

**Нема место за уметност кога умираат цивили под оган на ракети, кога граѓаните на Украина се кријат во засолништа, кога руските демонстранти се замолчувани.**

И што е најважно, академик Ќулафкова не наоѓа место во својата објава да искаже загриженост за украинските уметници, за загрозеното уметничко наследство во Украина и за веќе уништените уметнички дела како резултат на агресијата на Путин во Украина.

Својот напис академик Ќулафкова го завршува со прашањето:

**Quo vadis, Europa? Се соочуваш ли со мутиран нацизам од транснационален вид?**

Вака поставено тоа јасно имплицира нацистички карактеристики за европските држави и води кон „логичниот заклучок" за сите овие активности, а тоа е оправдувањето на воената агресија на Путин врз Украина.

**Она што ќе го прочитате сега Путин го кажа пред два месеци, а го пренесе британски Гардијан на 21 декември 2021. По овие изјави ќе ви стане јасно дека Западот всушност со своите потези ја истурка Русија во ќош, а Путин едноставно немаше друг избор, бидејќи Русија беше загрозена во својот двор. Ако противникот едноставно не сака да разговара и да прави компромиси, тогаш војната е единственото решение. На крајот на краиштата, да се потсетиме на кубанската ракетна криза, ниту САД не можеа да дозволат ракети во својот двор.**

**ТРЕТОТО НИВО**, оправдувањето на агресијата на Путин врз Украина е спакувано во наводната русофобија


Апасиев
@apasiev

Порано РУСОФОБИЈАТА ја прикриваа зад некаков си идеолошки "антикомунизам". За денес, отворено и у ариевски стил да ни покажат дека словенските народи, за нив, се само "луѓе од пониска раса", таму некаде, на периферијата од Европа.

#Денацификација
#Западнизам

Често е претставено како борба со фашизмот во Европа и европските држави

> **Од Македон** @OdArgeadite · 13h
> Историски никој никогаш не ја победил Русија.
> На актуелниве македонски политичари и големи партии како и на фашистите низ светов им се ближи крајот.
> Смрт фашизму, слобода народу.
> Да живее краснаја армија!

Понатаму се развива во тврдењето дека станува збор за одбранбена војна

> **„Планирана е трета светска војна против Русија" – шокантно тврдење на поранешниот премиер на Украина**

Сè до многу јасната поддршка дадена од страна на претседателот на партијата Единствена Македонија, **Јанко Бачев.** (Која наоѓа место во реномираниот неделник „Фокус"):

> **За мене е оправдана руската интервенција бидејќи беа доведени во состојба да нема повеќе што да изгубат ако НАТО им дојде на самата граница. Прашувам, како би реагирале НАТО и САД во една претпоставена ситуација, доколку Канада или Мексико, влезат во воен сојуз со Русија и следствено на ова, од руска страна се натрупа руско оружје на границата со САД. Како во таков случај би постапиле Американците?**

Ниту една од овие тези не е поткрепена со релевантни податоци, аргументи, анализи, факти... Меѓутоа, со својата сè поголема бројност, тие се обидуваат да создадат впечаток дека постои некоја „затскриена" вистина, голем заговор, сосема поинаква ситуација од онаа која луѓето можат да ја видат како се одвива пред нивните очи.

И за секој случај, тука е уште една порака од уште еден интелектуалец дека она што се случува во Украина е многу трагично и тажно, меѓутоа нема врска со Македонија и со нашиот живот:

**Срце ме боли кога гледам дека македонскиот народ се дели по прашањето на тоа кој дали е за Русија или за Украина. Јас претпочитам сите да бидат за Македонија. За жал, само неколку стотини, од време на време по неколку илјади, бевме оние идеалисти кои окапаа по улиците, пред Собранието и пред Владата, борејќи се за Македонија. Мнозинството си остана дома и прекуте се'!**

**Жал ми е, што не ја гледате големата слика, а таа е, додека сите вие се карате, тепате, колнете, некој прави пари. Не влегувајте во туѓи агенди. Сакајте се, чувајте си ги фамилиите и најблиските, и не заборавајте, Македонија пред се'!**

Според оваа порака, затоа што се сите исти и нема разлика во вредносните системи кои ги нудат, станува збор само за игри во кои нема место за нас и најдобро е да не заземаме страна, затоа што единствена страна која треба да нѐ интересира е оваа нашава.

На овој начин не само што се изедначуваат западните демократии и путиновиот режим во Русија, туку се пропагира држење страна и приклонување кон победникот, кој и да е тој.

# ПРОПАГАНДИСТОТ ДУГИН, САТАНИЗАЦИЈАТА НА ЗАПАДОТ И АПОЛОГИЈАТА НА РУСКИОТ ИМПЕРИЈАЛИЗАМ

Во оваа куса анализа, пишувана во време кога трупите на Путин упорно гранатираат цивилни објекти во Киев, ќе ја разгледаме идеолошко-пропагандната дејност на Дугин по воената „спецоперација“ на Русија, со потсетување на неговите пропагандни активности и пораки од „евроазиската“ мисија во Македонија во 2018 година

**Пишува: Жарко Трајаноски, медиумски аналитичар**

(Вистиномер, 23.03.2022 г.)

**Александар Дугин**, идеологот на „евроазиското движење“ и еден од најагилните воени агитатори и пропагандисти по руската агресија во Украина, е познат во македонската јавност уште по своето гостување во „Миленко Неделковски Шоу“ во 2015.

Тогаш, неговиот домаќин, кој имал прилика да прочита некоја статија на Дугин каде што ја промовира заедничката борба на христијаните и муслиманите против антихристот, директно го прашува: *„Кој е антихристот?“*. Дугин експлицитно му одговара дека *„Антихрист е САД“*, обвинувајќи дека се материјалистичка цивилизација и дека *„сејат крв, зло и подлост“*. Во истото „Миленко Неделковски Шоу“ од декември 2015, Дугин најави колапс на либерализмот, кој ќе повлече колапс на ЕУ, и „пророчки“ укажа дека *„војната е неизбежна, вистинска голема војна“*. Дугин го опиша и *„максимумот на рускиот периметар“* на дејствување, со цел *„ослободување на трите најважни светилишта на Русија – Киев, Константинопол, Ерусалим“* - укажувајќи дека Киев е *„престолнина на рускиот свет“*, Константинопол - *престолнина на православието*, а Ерусалим - *светска престолнина.*



*Александар Дугин. Фото: Мехди Болуриан, Википедија, 2020 г.*

Во оваа куса анализа, пишувана во време кога трупите на Путин упорно гранатираат цивилни објекти во Киев, ќе ја разгледаме идеолошко-пропагандната дејност на Дугин по воената „спецоперација" на Русија, со потсетување на неговите пропагандни активности и пораки од „евроазиската" мисија во Македонија во 2018 година.

## Дугиновата сатанизација на Украина, Зеленски и на Западот

Александар Дугин се обидува да ја оправда руската агресија врз Украина користејќи широка лепеза на пропагандни техники, нарации и медиумски пораки. Една од техниките што ја користи е деификација (обожение) на каузата (Русија и „спецоперацијата" во Украина) и сатанизација на противникот (украинската држава и Западот), односно оцрнување на противникот како „ѓавол". На пример, на 13.3.2022, популарниот десничарски и пропутиновски портал „Инфомакс" објави колумна (преземајќи ја од „Слободен свет") во која Дугин испраќа застрашувачка порака дека војната на Русија против Украина е војна против самиот ѓавол, кој сака да го уништи човештвото и да ги претвори луѓето во роботи и мутанти:

**Вистинската војна не е против Украина, туку против Светскиот економски форум и неговите пеколни планови да го уништи човештвото со легализирање на сите видови перверзии, гревови и злосторства и на крајот претворајќи ги луѓето во роботи и мутанти и пренесување на моќта на вештачката интелигенција. Имаме работа со самиот ѓавол...** – *пишува Дугин.*

Пораката дека Русија си има „работа со самиот ѓавол" не е изненадувачка за упатените во пропагандната дејност на Дугин. Во своите книги Дугин проповеда дека Русија е на периферијата на „ѓаволополисот" пропагирајќи „револуција против постмодерниот свет" (***Политички платонизам, Философија на политиката***, 2019). Исто така, Дугин во својата „***Четврта политичка теорија***" ја опишува глобализацијата (во чиј центар стојат САД) како ***„кралството на Антихристот"***, а униполарноста како зло. Во биполарните толкувања на Дугин, наспроти злото и ***„Антихристот"*** е Москва – како ***„Третиот Рим"***, како заштита од Антихристот или православна „тврдина" (Katechon). Интересно е да се напомене дека Дугин не ги сатанизира само Украина и Западот, туку и самата Русија, за која тврди дека во 90-тите години е создадена од ѓаволот како „анти-Русија".

Дугин ја оправдува ***„специјалната операција"*** на Путин како прекинување на врските со ***„ѓаволскиот"*** Запад, како почеток на ***„последната битка на светлината и темнината, ние и тие, Евроазија и Атлантикот"***. Битката со ***„ѓаволот"***, според Дугин, не е само против Украина и Западот, туку и против петтата колона сатанизирана како „***ѓаволски слој во руското општество***".

Кога ја користи пропагандната техника на сатанизација, Дугин не оцрнува само одредени држави (како Украина или САД), туку и конкретни личности на власт. На пример, веднаш по победата на Зеленски на изборите во Украина во 2019, Дугин на својот фејсбук-профил пишува дека ***„Ѓаволот победи на изборите во Украина"*** и дека ***„Вистинскиот распад на Украина започнува токму сега"***.

## Дугиновата апологија на рускиот империјализам: „Империјата го возвраќа ударот"?

Еден ден пред руската воена агресија врз Украина, Александар Дугин најави почеток на *„руска евроазиска мобилизација"* со пропагандниот слоган *„Новорусија е територија на иднината"*. Зборувајќи во прво лице множина, од името на народот, Дугин обнароди дека *„Ние сме народ на империјата"*. Наспроти *„Слава на Украина"*, слоганот на Дугин е *„Слава на Новорусија"*, израз прифатен од движењето „Царград". Признавањето на „републиките" во Украина од страна на Путин, за Дугин означува *„втор почеток на големото словенско преосвојување"*.

На 12 март 2022, Дугин гостуваше и во ТВ-шоуто кај најпопуларниот руски пропагандист **Владимир Соловјев**, кој го претстави како *„лидер на меѓународното евроазиско движење"*. Во својот познат пропаганден стил, Соловјев заклучи дека Западот си поставил задача за уништување - не толку на Русија, колку на рускиот народ, руската култура, на самиот дух на руската цивилизација. Дугин во својот „философски" монолог се надоврза на „официјалните" пропагандни митови на Соловјев, додека во позадина на разговорот се рекламираше руската воена машинерија во акција. Според Дугин, „спецоперацијата" на Русија ќе ѝ овозможи да биде почитувана како сериозен играч на шаховската геополитичка табла, „како пол на мултиполарниот свет" и како „суверена цивилизација".




*Дугин во ТВ-шоуто кај најпопуларниот руски пропагандист Владимир Соловјев*

Сепак, Дугиновиот вистински пропаганден дом е рускиот православен ТВ-канал Цârград, во сопственост на рускиот олигарх **Константин Малофеев**, кој се најде на листата со санкции на ЕУ во 2014, поради поддршка на дестабилизацијата на источна Украина. Самиот Дугин се претставува како поранешен главен уредник на „Телеканал Царьград", а се опишува и како негов mastermind. Интересно е дека Малофеев како генерален продуцент на „божјата ТВ" ангажира западен експерт – поранешен продуцент на Fox News – кој во 2022 е кривично гонет од САД поради соработка со санкционираниот Малофеев, во обид да востанови ТВ-мрежи во Русија, Бугарија и во Грција.

Блискоста на Дугин со Константин Малофеев се огледа и во тоа што Малофеев го опишува како „филозоф и истомисленик" во воведот на својата книга „Империја", промовирана токму од Дугин. На промоцијата на книгата во декември 2021, Дугин истакнува дека *„Живееме во свет на империи"* и дека *„Никогаш не сме живееле надвор од светот на империите"*. Притоа потенцира дека *„христијанството и империјата се неразделни"* и оти Русија како *„третиот Рим"* е продолжение на христијанската политика.




*Дугин ја промовира книгата „Империја" на рускиот олигарх Константин Малофеев*

Во интервју со Дугин на ТВ Царград во почетокот на 2022, Малофеев го промовира својот империјален политички лозунг: *„Империјата е наше минато и наша иднина. Ние не можеме, а да не бидеме империја“*. Според Малофеев, Русија е *„самодоволна голема цивилизација“*, која мора сама да се развива: *„или сме приврзок на западната цивилизација на парите, новиот глобален Канаан, или ние сме Империјата, Катехон, која го чува светот од злото“.*




*Константин Малофеев*

И од други многубројни медиумски објави можеме да согледаме дека Дугин и Малофеев не се само обични милитантни агитатори и пропагандисти, туку дека се однесуваат и како проповедници на „третиот Рим“ и идеолози на Путиновиот „евроазиски“ империјализам.

Во својата „геополитичка анализа“ објавена на 10 март 2022, Дугин потенцира дека *„според законите на геополитиката“*, Русија („Евроазија“) без Украина не е империја и цивилизација, но дека со Украина е империја и цивилизација. Дугин проповеда „обединување“ на Русија и Украина и пропаст на „униполарноста“ со геополитичката замисла за *„унија на словенски држави“* како продолжување на *„евроазиската интеграција“*. Дугин тврди дека станува збор за *„сосема нова страница во светската*

*историја, мултиполарен свет и комплетна промена на светскиот поредок"*, со источните Словени *„интегрирани"* на територијата на „Евроазија".

Таквата евроазиска *„интеграција"*, [според Дугин](), подразбира *„целосно укинување на моделот на национална држава и нација"*, кој се развивал повеќе од 30 години во модерната постсоветска Украина. Геополитичкиот „пророк" предвидува враќање на состојбата пред почетокот на државноста на Украина – *„интеграција"* во една нација на источните Словени, чии разграноци се и Великоруси и Мали Руси (како и Белоруси).

А што ќе стане со граѓаните на Украина што се идентификуваат како Украинци? Пред почетокот на *„спецоперацијата"*, Дугин ја прогласи Украина за „failed state", најавувајќи дека Украинците ќе платат огромна цена затоа што избрале да бидат *„лакеи на Западот"*. Ваквите имплицитни закани на Дугин не се ништо невообичаено ако се потсетиме на неговите експлицитни екстремистички изјави од 2014, кои на Youtube се отстранети како говор на омраза. По „спецоперацијата", великорускиот империјалист Дугин почна да проповеда друга приказна, дека *„Украинците биле и секогаш ќе бидат наши браќа и сестри"*, дека *„Украинците не се непријатели, тие се наши"* и дека *„украинските браќа"* биле во трагична заблуда како резултат на пропагандата на Западот.

## Дугин за „крајот на историјата", „судирот на цивилизациите" и „апсолутното зло"

На 24.2.2022 година, кога Путин ја започна *„специјалната операција"* со воена агресија врз Украина, Дугин „обнароди" дека се назираат контурите на *„вечна Русија"* и дека тоа е религиозен момент: *„Ова е религиозен момент. Не само геополитика или конфликт на интереси. Ова е судир на цивилизации"*.

Во написот од 14.3.2022 година, *„Крајот на историјата што никогаш не се случи и руската војна против либералниот поредок"*, Дугин е убеден дека Хантингтон со *„судирот на цивилизациите"* теоретски го победил Фукујама со *„крајот на историјата"*, но дека изразот на

Фукујама „*Путиноваta војна против либералниот поредок*“ е апсолутно коректен.

Дугин го повторува пропагандниот слоган дека *„без Украина Русија не е империја“*, сугерирајќи дека би било уште потранспарентно да се каже дека без Украина – Русија не би била цивилизација или *„пол во мултиполарниот свет“*. Според Дугин, *„специјалната воена операција во Украина е клучниот моментум во етаблирањето на Русија како цивилизација, како суверен пол на еден мултиполарен свет“*, и таа операција била насочена против либерализмот и глобализмот (против *„дијаболичниот план на глобалистите“* и против модерниот либерализам како вистинско и *„апсолутно зло“*).

На 24.2.2022 г., кога руските тенкови почнуваат да ја газат Украина, пророкот на „Новорусија“ во својот „Катехон“ објавува демонизирачки коментари против либералите: *„Кога се занимаваме со либерали, ние се занимаваме со опседнати луѓе. Тие се демонски опседнати“.*

Но, како Дугин се обидува да ги оправда руските „цивилизациски“ напади против цивилни цели и против Украинците како засебна нација? Според Дугин, Украинците се дел од *„троединствениот источнословенски народ“*, а *„биле убедени дека тие се дел од Западниот (глобален) свет“* и дека *„Русите не се браќа, туку жестоки непријатели““.*

По „логиката“ на Дугин, империјалистот Путин ги гранатира и бомбардира *„демонски опседнатите“* Украинци за да ги *„ослободи“* од западните демони и да ги *„разубеди“* дека се браќа и дека не се непријатели. Додека „пророкот“ Дугин мака мачи да го оправда империјалистот Путин како борец *„не против Украина, туку за Украина“* (но, во Евроазија), *„Путиновата војна против либералниот поредок“* предизвика хуманитарна криза со илјадници жртви и милиони бегалци ужаснати од *„цивилизациските“* постапки на *„братска Русија“.*

## Дугиновата евроазиска мисија во Македонија и неговите следбеници

Откако во почетокот на 2018, маргиналната партија на **Јанко Бачев** НДМ се преименуваше во „Единствена Македонија“ (по урнек на Путиновата „Единствена Русија“), новобрендираната партија организира панел-дискусија за клучните политички цели – „Република Македонија во стратешки сојуз со Русија и членство во Евроазиската економска унија“. На дискусијата како главен говорник беше претставен *„проф. Александар Дугин, првиот советник на претседателот на Русија, Владимир Путин“.* Дугин и „неговиот заменик проф. **Леонид Савин**“ и во македонските медиуми беа опишувани како *„Советниците на рускиот претседател Владимир Путин“* или *„Политичка извидница на Путин“*, а Дугин како *„првиот советник на рускиот претседател Владимир Путин“* и „мозокот на Путин“, што беше протолкувано како претерување.

Пред почетокот на трибината, во изјава за новинари, Дугин ја истакна својата панславистичка определба за обединување на деловите од словенските народи и неопходноста *„да не се жртвува словенското единство“.* Клучните пропагандни тези на Дугин беа дека *„ЕУ полека се растура“* и *„Западот пропаѓа“* (Дугин: Не ви треба ЕУ, таа ќе се распадне), а *„Русија е отворена како евроазиски сојуз“.* Пораката на Дугин – *„Ако бидете во рускиот сојуз ќе бидеме заеднички словенски свет“*, беше проследена со укажување дека Русија не била против Западот: *„Ние не се спротивставуваме на Западот, ние сакаме добро разбирање со сите народи, вклучително и европските народи“.*

Од денешна перспектива, неверодостојните прикаски на Дугин од Скопје, дека Русија не се спротиставувала на Западот, беа демантирани од самиот Дугин, исто и како неговите неверодостојни описи на Русија како *„демонизирана“* земја:

**Русија е демонизирана земја, за нас раскажуваат работи што не се вистински и коишто не се реални, дека ние сакаме да освојуваме, да потчинуваме, да се мешаме во внатрешната политика... Ништо слично нема на ова** – *отсечно кажа Дугин во Скопје во 2018 година.*

Наспроти овие пропагандни думи на Дугин од 2018 г., демонизирачот Дугин во 2022 година ја оправдува Русија како империја која не е во војна со Украина, туку со Западот и Антихристот – кој имал пеколни планови да го уништи човештвото и да ги претвори луѓето во роботи и мутанти.

Со политички пропагандисти и пророци како Александар Дугин, Путиновата Русија не е *„демонизирана земја“*, туку земја која демонизира и сатанизира во обид да ја оправда неоправдливата агресија на Украина.

# НОВИНАРСКИ АНАЛИЗИ





# УКРАИНА БАРА ОД СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ДА СЕ ПРИКЛУЧИ КОН ЕКОНОМСКИТЕ САНКЦИИ НА ЕУ КОН РУСИЈА

**Пишува: Бојан Блажевски**

**Инфографици: Горан Ризаов**

(Новинска агенција Мета, 14.02.2022 г.)

Украинската амбасадорка во Северна Македонија, Наталија Задорожњук на панел-дискусијата на ЦИВИЛ на тема „Руско-украинската криза и Северна Македонија“, која се одржа на 9 февруари, изјави дека Украина очекува јасна и недвосмислена политичка поддршка од пријателска Северна Македонија во однос на конфликтот меѓу Русија и Украина, но и нашата земја да се приклучи на економските санкции кон Русија што беа воведени од Европската Унија (ЕУ) во 2014 година, по нелегалната руска анексија на полуостровот Крим.



*Амбасадорката на Украина во Скопје, Наталија Задорожњук; Фото: Амбасада на Украина во Скопје*

„Очекуваме приклучување кон санкциите на Европската Унија. Не може да се седи на две столчиња. Има моменти во животот кога треба сам да се одлучиш, пред сѐ, на која страна од барикадата си. Украинците имаат многу убедливо негативно искуство со неутралноста. Ако одиме во Европската Унија и НАТО, ако сме дел од европските вредности, тогаш тоа го демонстрираме не само со зборови, туку и со нашите постапки и дела“, рече украинската амбасадорка Задорожњук.

## Политичка поддршка од земјава кон Украина има

Во однос на политичката поддршка, македонскиот министер за надворешни работи Бујар Османи на 31 јануари годинава на средбата со рускиот амбасадор во Скопје, Сергеј Баздникин го повтори ставот дека Северна Македонија ги почитува суверенитетот и територијалниот интегритет на Украина во меѓународно признатите граници.

Политичката поддршка за украинскиот суверенитет и територијалниот интегритет неколку дена подоцна пристигна и од премиерот Димитар Ковачевски, кој на 3 февруари годинава се сретна со генералниот секретар на НАТО, Јенс Столтенберг.



*Премиерот на Северна Македонија, Димитар Ковачевски и генералниот секретар на НАТО, Јенс Столтенберг | Извор на фотографија: Влада на РСМ*

„Го поддржуваме предлогот на НАТО за тематски состаноци со Русија во врска со состојбата на односите, на европската безбедност со фокус на Украина, транспарентноста, намалување на ризикот и контрола на оружјето. Целосно го поддржуваме суверенитетот и територијалниот интегритет на Украина во меѓународно признаените граници“, изјави премиерот Ковачевски.

## Економски санкции од земјава кон Русија нема

Сепак, земјава со години наназад се нема приклучено на санкциите коишто ги воведе Европската Унија по руската нелегална анексија на полуостровот Крим, којшто се наоѓа на украинска територија. Македонија во 2014 година не се приклучила кон санкциите на ЕУ по анексијата на Крим и оттогаш немаме донесено нова одлука, а кон крајот на 2020 година на оваа тема пишуваше Радио Слободна Европа на македонски јазик.

Поранешниот премиер Зоран Заев во изјава дадена на 30 декември 2020 година објасни дека Северна Македонија не се приклучила кон санкциите на ЕУ кон Русија, затоа што земјава има сериозен интерес за економска соработка со Русија.



*Поранешниот македонски премиер, Зоран Заев | Фото: Влада на РСМ*

„Ние сме земја кандидат за членство во ЕУ, но не сме членка. Интерес е на граѓаните и државата, ако нешто не мораме, да не го правиме. И затоа покрај сето она што го наведов, ние се немаме приклучено кон економските мерки кон Русија, затоа што имаме сериозен интерес за економска соработка со Русија. Ние сме земја членка на НАТО и за нас нема алтернатива за ЕУ, но нашата земја има интерес да биде пријател со остатокот од светот", изјави тогаш премиерот Заев.

Тој дополни дека земјава од 2016 година се има придружено кон сите изјави, декларации, мерки и санкции усвоени од страна на ЕУ, вклучително и оние против руски државјани и правни лица. Стапката на приклучување на Република Северна Македонија кон ставовите, мерките и декларациите на ЕУ, односно усогласеноста со нив кон крајот на 2020 година била 94 проценти, а до 2016 година била 74 проценти.




## Извозот кон Русија намален, увозот расте

Од друга страна, според последните податоци на Државниот завод за статистика за стоковната размена со странство во периодот од јануари до декември 2021 година, Руската Федерација се наоѓа на 20-тата позиција меѓу земјите со кои Северна Македонија имала најголем обем на размена на стоки. Вкупниот обем на размена лани изнесувал 233.507.000 американски долари и е зголемен за 12,4 отсто во споредба со 2020 година.

Притоа, извозот на Северна Македонија кон Руската Федерација лани изнесувал 57.140.000 американски долари и тој е намален за 5,4 отсто во однос на 2020 година, додека од Русија во 2021 година сме увезле стоки во вредност од 176.367.000 долари и ова претставува зголемување од 19,7 отсто во споредба со јануари-декември 2020 година.




## Санкциите на ЕУ во сила речиси 8 години

Инаку, Европската Унија, заедно со САД, веднаш по нелегалната руска анексија на полуостровот Крим воведоа санкции кон Русија во 2014 година. Според последното соопштение на Европскиот Совет од 13 јануари 2022 година, ЕУ ги продолжи економските санкции кон Русија до 31 јули 2022 година. При досегашните продолжувања, ЕУ често додава и нови мерки кон Русија.

Санкциите на ЕУ кон Русија вклучуваат ограничување на пристапот до примарните и секундарните пазари на капитал на ЕУ за одредени руски банки и компании, како и забрана на форми за финансиска помош и посредување кон руски финансиски институции. Санкциите забрануваат и директен или индиректен извоз, увоз или пренос на материјали поврзани со одбраната, но и ограничување на рускиот пристап до одредени чувствителни технологии кои можат да се користат во рускиот енергетски сектор, на пример, во производството и истражувањето на нафта, како и серија на други економски санкции на ЕУ кон Русија.

Воедно, преземените мерки од ЕУ кон Русија во однос на територијалниот интегритет на Украина во моментов се воведени кон 185 лица и 48 субјекти. Во однос на лицата, тие подлежат на замрзнување на имотот, вклучувајќи и забрана за располагање на средства, како и забрана за патување, што ги спречува лицата да влезат или да транзитираат преку земји-членки на ЕУ, се наведува на веб-страницата на Европскиот Совет.

Покрај примената од земјите-членки на ЕУ, воведените санкции на ЕУ кон Русија поради анексијата на Крим ги поддржаа и Црна Гора и Албанија како кандидатки за членство во ЕУ, но не и Северна Македонија и Србија. Според соопштението на Европскиот Совет од 27 јули 2021 година, санкциите кои беа продолжени до летото 2022 година ги поддржале Црна Гора и Албанија, заедно со Грузија и Норвешка. Инаку, земјите-кандидати за членство на ЕУ немаат обврска да ја применуваат во потполност европската регулатива пред да постанат и официјално членки на Унијата.

## Северна Македонија нема политички интереси слични на Србија

Сепак, во случајот со Србија, актуелното раководство во Белград преку претседателот на српскиот парламент Ивица Дачиќ во јуни 2021 година рече дека Србија никогаш нема да воведе санкции против „својот пријател Русија“, а ЕУОбсервер го пренесува неговиот став и ставот на српскиот министер за надворешни работи Никола Селаковиќ дека Русија ја дава најголемата поддршка

на Србија во зачувувањето на територијалниот интегритет и суверенитет во однос на Косово. Сепак, за разлика од Србија која што бара помоќен сојузник од неа во решавањето на долгогодишниот спор со Косово, Северна Македонија во моментов нема ваков политички интерес од Русија.



*Министерот за надворешни работи на Србија, Никола Селаковиќ | Фото: Влада на Република Србија, srbija.gov.rs*

За разлика од Северна Македонија, руското влијание во енергетскиот сектор во Србија е многу поприсутно. Нафтената индустрија Србија (НИС), еден од најголемите српски извозници, е во доминантна сопственост на руската компанија „Газпром њефт“ (Газпром нефть) откако 51 отсто од акциите беа продадени во 2008 година. Радио Слободна Европа на српски јазик пишува дека осма година по ред НИС не може да зема кредити од западните банки, но проблем е и набавката на опрема од производителите од ЕУ и САД. Причина за ова не се само воведените економски санкции на ЕУ кон Русија, туку и фактот што руската државна компанија „Газпром њефт“, која е сопственик на НИС, е вметната на црната листа на субјекти од ЕУ и САД по нелегалната анексија на Крим од страна на Русија.


INFORMATION

# АНАЛИЗА: ВОЈНАТА ВО УКРАИНА ЌЕ ПРЕДИЗВИКА ЕКОНОМСКА НЕСТАБИЛНОСТ ВО РСМ

Воениот конфликт во Украина се очекува да предизвика последици врз економијата на Северна Македонија. Последиците, пред сѐ, се поврзани со пречките во трговската размена со Украина, која е директна цел на воени напади, но и со Русија, против која Северна Македонија воведе санкции и од која се очекуваат реципрочни санкции во наредниот период.

**Пишува: Теута Бучи**

(Порталб, 22.03.2022 г.)

Членовите на работната експертска група за надворешна и безбедносна политика и извршната директорка на **Институтот Преспа**, Ивана Јорданоска, Ангелина Цветковска, Весна Попоска, Весна Шапкоски и Андреја Поповски направиле анализа, која ја презентираа на 22.3.2022, за важни прашања поврзани со руската инвазија врз Украина и нејзиниот ефект врз Европа, но и врз Северна Македонија.

Според анализата, фактот што клучните производи како природниот гас, нафтата и пченицата доаѓаат од Русија и Украина, покажува дека во земјата се очекуваат шокантни цени и економска нестабилност. Без разлика дали трговската размена се одвива директно помеѓу Северна Македонија и овие две земји или преку канали на Европската Унија, последиците веќе се чувствуваат и тие само ќе се влошат доколку воените дејства не прекинат наскоро.

**„Природниот гас може да се истакне како производ што во наредниот период може да биде покритичен, како резултат на воените дејства и наметнатите економски санкции. Се очекува кризата во снабдувањето со енергенси значително да ја погоди**

**Европската Унија. Ова, покрај тоа што ќе се одрази во форма на шокантни цени за значителен широк спектар на производи, ќе ги погоди не само земјите членки, туку и другите земји зависни од увозот од ЕУ, како што е случајот со Северна Македонија“, се вели во анализата.**

Руската нафта се увезува во нашата земја со околу 25 проценти од вкупниот увоз. Па, запарашан дали ова ќе доведе до зголемување на цената на нафтата, но и на другите енергенси, како и на струјата, како домино-ефект од руско- украинската криза, **академик Абдулменаф Беџети,** за „Вистиномер“ вели:
Тоа се гледа веќе во стратешките стоки, цените се покачуваат. Станува збор за репроматеријали, односно импути што се потребни. Сепак не мислам дека нема да се најдат алтернативни решенија, прашање е само какви цени ќе најдеме од тие алтернативни производи. Притиснати со инфлаторната спирала, може да бидеме доведени националните банки да ги зголемат каматните стапки, за да ја задржиме инфлацијата под контрола. И сега прашање е колку тоа поместување ќе доведе до намалување на инвестициите, со оглед на намалување на понудата. Институциите доста внимателно ги следат овие движења. Јас ја следам на дневна основа динамиката на буџетот и верувајте дека е идеално. За првите два месеца и во ковид-криза и во овие напнати ситуации, некаде околу 14 проценти од буџетските приходи се остваруваат во вакви кризни месеци, а расходната страна е 15 проценти, и тоа е доста балансирано. Значи состојбата не е за некоја тревога. Во ред, треба да бидеме свесни да ги следиме дневно состојбите, но да не дигаме паника, со оглед на тоа што економијата е чувствителна на паника.

## Дали има вистински проруски чувства во РСМ?

Што се однесува до руското влијание во земјава, истражувањето на преспанскиот институт покажува дека во земјата нема вистински проруски чувства. Се работи за мешавина од фактори што оставаат впечаток на автентична и целосна ориентација за поддршка на агресијата на Путин против Украина.

> **„Највисока поддршка за Русија искажаа гласачите на Левица. Дури 6,9% од нив ја сметаат Русија за најголем пријател на државата. За гласачите на Левица, Русија е втор избор за најголем пријател, веднаш по Србија, која е избор на 68,1% од нив. Оваа политичка партија беше единствената што не гласаше за резолуцијата 22 во Собранието на Северна Македонија, со која се осудува руската агресија врз Украина", се истакнува во истражувањето.**

## Зошто е важно Србија да се приклучи на санкциите против Русија?

Анализата, која денеска ја презентираа членовите на работната група, го опфаќа и прашањето за санкциите против Русија. Експертите изразија загриженост за позицијата на Србија, единствената земја во Европа што не се приклучи на санкциите против Русија. Според нив, ова е загрижувачки податок не само за Северна Македонија, туку и за поширокиот регион и за Европа воопшто. Постои можност за увоз на руски производи во Србија, кои потоа би се препакувале и би се продавале како српски производи.

„Дополнителна основа за загриженост е континуираниот и зголемен обем на летови меѓу Србија и Русија. Сојузниците, како и Европската Унија, треба да обрнат поголемо внимание на потенцијалните прекршувања на режимот на санкции, како во регионот, така и пошироко. Руското влијание во Србија е значајно, со оглед на фактот дека Србија, покрај Косово и Босна и Херцеговина, е единствената земја во регионот што не е членка на НАТО и нема такви аспирации со оглед на историските настани. Во тој контекст треба да се спомене „Српско-рускиот хуманитарен центар" во Ниш, чие функционирање долго време беше под знак прашалник, како за независните новинари, така и за безбедносните структури на другите земји", се вели во анализата.

Беше истакнато и дека во моментов институциите на Северна Македонија изразиле подготвеност да примат бегалци од Украина, но недостигаат конкретни чекори за начинот како би се реализирало тоа. Според последните информации од МНР, сè уште се прави проценка на капацитетите за сместување. Северна Македонија е транзитна зона за најголем дел од бегалците што влегуваат на нејзина територија. Во моментов се претпоставува дека украинските бегалци нема да дојдат во Северна Македонија.

## Ќе има ли нуклеарна војна?

Што се однесува до можноста за нуклеарна војна, експертите оценуваат дека шансите за тоа се мали, бидејќи доколку се фрли нуклеарна бомба на територијата на Украина, во зависност од големината, последиците би се почувствувале во соседните земји – некои од нив членки на ЕУ и НАТО.

**„Ваквата ситуација би предизвикала контранапад и, во тој случај, нуклеарната катастрофа би имала последици и во Северна Македонија. Друг нуклеарен ризик е оштетувањето, без разлика дали намерна или ненамерна, на нуклеарната централа, која би предизвикала нуклеарна хаварија на територијата на Украина“, се наведува во анализата.**

Понатаму се додава дека овие сценарија се екстремни и се прават напори за нивно спречување од повеќе причини. На почетокот таа би ги уништила уште повеќе балтичките и источноевропските земји, потоа ќе има катастрофални последици за рускиот народ и, на крај, ќе ја втурне Европа во Трета светска војна.

## Но, што сака Русија, на чело со Путин, да постигне како крајна цел?

**Денко Малески, професор и прв министер за надворешни работи во независна Македонија за „Вистиномер“ вели: Русија се спротивставува на проширувањето на НАТО до своите граници. Тоа е една голема сила која на крајот од осумдесеттите, кога падна Берлинскиот ѕид, се повлече од цела Источна Европа односно од сите земји што беа членки**

на Варшавскиот пакт. Русија тогаш одлучи да се ослободи од тие колонии, кои беа заземени во текот на Втората светска војна, кога руските војски го турнаа Хитлер и маршираа до Берлин. Надежта беше дека Русија ќе почне да се развива како дел од светот, па дури и евентуално како демократија. Тогаш се отворија дебати што со Источна Европа, каде ќе одат тие земји, дали ќе останат вон сојузите или ќе се приклучат кон НАТО. Тогаш имаше една голема дебата за иднината на Источна Европа. Имаше луѓе, таканаречени американски реалисти, кои велеа дека подобро е американската моќ да се повлече назад во Америка, откако немаше причина да постои НАТО, бидејќи причината за постоењето на НАТО беше Варшавскиот пакт. И сега се јавуваат тие со своите тези дека тоа да било направено тогаш, немаше да се случи ова што се случува сега. Меѓутоа, факт е дека земјите на Источна Европа побараа гаранција, беа упорни во тоа да станат членки на НАТО. На крај логиката на моќта надвладеа и во Америка, и така се доближи НАТО до границите на Русија. Русија, додека беше слаба, економски и политички, немаше начин како да му одолее на ова. Меѓутоа, уште тогаш Кисинџер предупреди дека Русија во еден момент кога ќе се исправи на нозе ќе почне да ја шири својата моќ вон своите граници. Отприлика тоа и се случи. Русија под Путин се крена, почна да напредува како држава, си ја обнови својата војска. И неговите противници му признаваат дека во првите десет години од неговото владеење направил вредни работи за државата, ја довел во ред, но на руски начин, како поранешен член на КГБ и опкружен со такви луѓе. После тие десет години Путин стана диктатор и сега одлуката за војна или мир ја има токму тој.



# РУСКА МЕДИУМСКА СЦЕНА: КОНТРОЛИРАНИ СОДРЖИНИ СО МАЛКУ ПРОСТОР ЗА СТРАНСКИ МЕДИУМИ

Граѓаните во Русија добиваат дозирани содржини, во сила се цензорски закони засилени со новоусвоениот Закон од 4 март, со кој е предвидена дури и казна затвор од 10 до 15 години „за свесно ширење лажни вести за руската војска". Водечките руски телевизии – „Канал 1" и „Росија 1" се контролирани од државата, а третата најголема ТВ-мрежа, НТВ, е сопственост на државниот енергетски гигант „Газпром". Во Руската Федерација работат повеќе од 3.000 радиостаници, а државата е основач на трите главни мрежи „Радио Росии", „Мајак" и „Вести ФМ". Во Русија се издаваат над 16.000 регистрирани весници, додека само 22 можат да се купуваат во целата држава. Идентично како и кај телевизиите, и кај весниците најпопуларните имаат провладина уредувачка политика

**Пишува: Весна Коловска**

(**Вистиномер, 23.03.2022 г.**)

Видеоанкета меѓу граѓаните на руските градови Перм и Владивосток покажа дека поголем процент од анкетираните не знаат и не веруваат дека руската војска влегла во Украина.

*„Никој не го бомбардира Киев. Јас не верувам во тоа"*, одговори еден од граѓаните на улица, кога беше прашан од новинарка, која како доказ му покажува и фотографии од бомбардирањата во Украина. Дури еден повозрасен човек рече дека не верува оти има војна.

**Путин тоа не би можел да го направи. Да ја окупира Украина?! Зошто? Таму живеат наши луѓе – и во Украина и во Белорусија.**

***„Но, тоа се случило“*** – му вели новинарот во видеото.

**Не знам. Тоа не го кажуваат на вести,** *одговори човекот.*

Видеото е најдобра илустрација на состојбата со медиумите во Русија, силно контролирани од руската влада. Граѓаните добиваат дозирани содржини, додека во сила се цензорски закони, засилени со новоусвоениот Закон од 4 март, со кој е предвидена дури и казна затвор од 10 до 15 години „за свесно ширење лажни вести за руската војска“. Телевизијата, според „Репортери без граници“, и натаму останува медиумот на кој Русите најмногу му веруваат, а токму телевизиските канали во поголем дел се државни или се во сопственост на компании со блиски врски со Кремљ.

## Медиуми под директна контрола на Кремљ

Водечките руски телевизии - „Канал 1“ и „Росија 1“ се контролирани од државата, а третата најголема ТВ-мрежа, НТВ, е сопственост на државниот енергетски гигант „Газпром“.

Тоа се доминантните домашни канали, додека на меѓународен план, главната руска ТВ-перјаница е сателитската телевизија на англиски јазик „Раша тудеј“ („Russia Today“ – РТ), која е финансирана од федералниот буџет. Основана во 2005 година, „Russia Today“, освен на англиски јазик, емитува и на арапски, шпански и француски јазик.

Во Руската Федерација работат повеќе од 3.000 радиостаници. Државата е основач на трите главни мрежи „Радио Росии“, „Мајак“ и „Вести ФМ“. Има голем број комерцијални станици, кои главно се музички радија.

Во Русија се издаваат над 16.000 регистрирани весници, додека само 22 можат да се купуваат во целата држава. Идентично како и кај телевизиите, и кај весниците најпопуларните имаат провладина уредувачка политика, додека неколку влијателни дневни весници се во сопственост на компании со блиски врски со Кремљ.

## Медиуми во Русија

*ТЕЛЕВИЗИИ*

Rossiya 1 – **национална мрежа, управувана од руската радиодифузна компанија (VGTRK)**

Канал 1 – **национална мрежа, 51 отсто сопственост на државата, 49 отсто на приватни акционери**

НТВ – **национална мрежа, сопственост на државниот гигант „Газпром“**

Центар ТВ – **сопственост на градската управа на Москва**

Рен ТВ – **комерцијална станица со седиште во Москва со силна регионална мрежа, мнозинска сопственост на медиумскиот холдинг НМГ**

RT – **државно финансиран меѓународен информативен сателитски канал на англиски јазик**

*РАДИЈА*

Радио Росии – **национална мрежа управувана од државната радиодифузна компанија (ВГТРК)**

Вести ФМ – **државна сопственост**

Московско ехо – **мнозинска сопственост на државниот „Газпром“**

Мајак – **државна национална мрежа**

Руское радио – **голема приватна мрежа, музичко радио**

**Печатени медиуми**

Комсомолскаја Правда – **провладин таблоид**

Комерсант – **дневен, бизнис-ориентиран, контролиран од тајкунот Алишер Усманов, близок до Путин**

Московски Комсомолец – **популарен московски дневен весник во приватна сопственост**

Известија – **популарен про-Кремљ дневен весник, во сопственост на медиумскиот холдинг НМГ**

Росискаја газета – **дневен весник во сопственост на владата**

**Независимаја газета – влијателен дневен весник во приватна сопственост**
**Аргументи и Факти – популарен неделник, во сопственост на Промсвјазбанк**
**Новаја Газета – објавува три пати неделно, позната по своето истражувачко новинарство**
**РБЦ – деловен дневен весник**
**Ведомости – финансиски дневен весник**

***НОВИНСКИ АГЕНЦИИ / ИНТЕРНЕТ***

**ТАСС – државна новинска агенција, со превод на англиски јазик**
**Интерфакс – приватна новинска агенција, со превод на англиски јазик**
**Lenta.ru – популарен онлајн-извор на вести**
**Москва тајмс – веб-страница за вести на англиски јазик, наследник на сега веќе непостојниот весник**
**Rambler.ru – главен интернет-портал**
**Спутник – државна мултимедијална платформа за меѓународна соработка со сервис на повеќе јазици**
**Yandex.ru – водечки пребарувач**
**VKontakte – водечка социјална мрежа**

## Раскомнадзор – главната цензорска рака на владата

Русија на листата на слобода на медиумите на „Репортери без граници“ во 2021 година се најде на 150 место од 180. Контролата врз медиумите и интернетот од страна на државата се врши преку Роскомнадзор, федерално извршно тело одговорно да обезбеди медиумите да ги следат руските закони и да издава предупредувања кога ги прекршуваат овие закони. Роскомнадзор, исто така, може да го ограничи сообраќајот на страницата на социјалните медиуми, што е негова законска обврска. Руската влада во декември 2020 година донесе Закон

за зголемување казни на онлајн-платформи и интернет- провајдери, а му даде овластување да ограничи или целосно да блокира веб-страници.

Овој моќен државен цензор ја повлече дозволата на германскиот сервис „Дојче веле“, а медиумот го смести во групата на странски агенти. Потегот беше одговор на повлекувањето на дозволата на „РТ“ за емитување во Германија и на интернет-платформите. Европската Унија ги забрани „Спутник“ и „РТ“ на европска почва, додека високиот претставник за надворешна и безбедносна политика, **Жозеп Борел**, оцени дека:

**Тоа не се независни медиуми, туку оружје во системот за манипулација на Кремљ.**

Како одговор, се зголеми списокот со „странски агенти“, на кој се наоѓаат повеќе од 100 странски и домашни медиумски организации и поединци, кој го подготви руското Министерство за правда. Законот е од 2012 година и тогаш се однесуваше на невладините организации што добиваа средства од странство. Неговиот опсег беше проширен во 2019 година и за поединци или организации што добиваат каква било сума на странски средства и објавуваат *„печатени, аудио, аудио-визуелни или други извештаи и материјали“.*

И во 2014 година беше донесен Закон со кој се ограничува слободата и на онлајн-медиумите. „Законот Луговој“ – именуван по еден од неговите автори, пратеникот на Државната дума, **Андреј Луговој** – дозволува блокирање на сајтовите за вести без судски налог, доколку тоа го бара обвинителството.

Пред и со почетокот на инвазијата врз Украина, повеќе странски медиумски компании, кои имаа свои редакции во Русија и емитуваа програма на руски јазик, беа принудени да се повлечат или да ги ограничат своите изданија.

Последна од серијата објави за прекин на својата работа е таа на „Радио Слободна Европа“ (РСЕ/РСЕ), финансирано од американскиот Конгрес, кое соопшти дека го прекинува своето работење во Русија, откако локалните даночни власти започнаа стечајна постапка против рускиот огранок на 4 март. РСЕ јави дека полицијата го засилила притисокот врз новинарите. Ова следуваше

откако руската Дума донесе Закон со кој, секој новинар што отстапува од ставот на Кремљ за војната во Украина може да подлежи на 15-годишна затворска казна.

Објавата на РСЕ е дел од серијата за затворање или редуцирање на работата на независните медиуми. Во само неколку дена повеќе домашни медиуми затворија или најавија дека ќе дејствуваат на интернет, а некои од новинарите одлучија да ја напуштат земјата. Меѓу нив и уредникот на ТВ „Дожд“, **Тихон Џиадко**, кој откако беше затворена телевизијата, замина од Русија заедно со неколку свои колеги.

**По блокирањето на веб-страницата на „Дожд“, налозите на „Дожд“ на социјалните мрежи и заканата кон некои вработени, очигледно е дека личната безбедност на некои од нас е загрозена,** *напиша на Телеграм, уредникот Џиадко.*

Затворањето на ТВ „Дожд“ беше веднаш по стапувањето во сила на Законот со предвидените драконски казни.

Телевизијата при емитувањето на своето последно издание на вести пушти снимка од балетот „Лебедово езеро“ на Чајковски, како потсетување на обидот за државен удар во 1991 година против владата на тогашниот советски лидер **Михаил Горбачов**. Додека на терен се одвиваше пучот, на државната телевизија постојано се емитуваше балетот, што беше индикација за гледачите дека нешто не е во ред. ТВ „Дожд“ од август 2021 година се најде на листата со „странски агенти“ заедно со независниот канал „Медуза“, со седиште во Летонија, популарен и во Русија. Во регистарот на странски агенти се медиуми, новинари и активисти. Покрај „Медуза“ и ТВ „Дожд“, на овој список се и истражувачките изданија „iStories“ и „Insider“, „Радио Слободна Европа“/„Радио Слобода“ (РСЕ/РЛ), ветеранот, активист за човекови права **Лев Пономарев**, коосновач на организацијата за човекови права „Мемоquerијал“.

Радиото „Московско ехо“ соопшти дека ги затворило својот радиоканал и веб-страница, додека рускиот независен весник „Новаја газета“, познат по истражувачкото новинарство на чело со нобеловецот за мир, уредникот Дмитриј Муратов, објави дека ги отстранува написите за војната во Украина, со образложение дека руските цензори наложиле да се тргнат

тие материјали. Раскомнадзор издаде соопштение во кое ги информира руските медиуми дека:

**Се обврзани да ги користат само информациите и податоците што ги добиле од официјални руски извори.**

Во соопштението, исто така, се предупредува дека неименувани медиуми шират *„непроверени и неверодостојни информации“.*

„Би-би-си“ (BBC), чиј сервис исто така е ограничен од страна на руската влада, најави дека, и покрај сè, ќе остане на терен и ќе известува за настаните.

**Пристапот до точни, независни информации е основно човеково право што не треба да му се ускрати на народот на Русија, од кои милиони се потпираат на вестите на „Би-би-си“ секоја недела,** *напиша прес-службата на „Би-би-си“, кратко откако руските власти го ограничија пристапот до нејзината веб-страница.*

Ограничувањето, како што соопшти британскиот сервис, е контрапродуктивно. Неделните посети на веб-страница на „Би-би-си“ на руски јазик, како што соопшти компанијата, се зголемени за повеќе од тројно на 10,7 милиони. Сообраќајот од Русија до страницата на„ Би-би-си“ на англиски јазик се зголемил за 252 отсто.

**За тоа дали режимот на Путин има поддршка меѓу обичните граѓани, со оглед дека добиваат контролирани и дозирани информации, Андреј Захаров, од рускиот сервис на Би-Би-Си во интервју за „Вистиномер“ вели:**
**Многу луѓе навистина ја поддржуваат војната, и не се работи само за пропаганда, која ги подготвуваше луѓето за оваа војна 8 години, од акцијата на Крим. Иако пропагандата навистина ги подготвуваше луѓето, велејќи дека војната е добра и дека Украина е лажна земја, во исто време во постимперијалните**

држави како Русија, ако вашата пропаганда вели дека војната е добра, вие предизвикувате негативни чувства кај луѓето. Не можеме да кажеме дека ова е само војна на Путин. Иако сум сигурен дека ако имавме друг претседател кој не дејствуваше да ги подготви луѓето за оваа војна, немаше да имаме толкава поддршка. Луѓето го поддржуваат.
Има ситуации кога роднините од Украина испраќаат видеа и фотографии на своите роднини во Русија и роднините велат: „тоа е лажно". Во еден момент тие ја игнорираат реалноста и ако ја игнорирате реалноста, тоа е како да не постои. Некои луѓе се обидуваат да протестираат, но како што реков претходно, во Русија е многу опасно, така што многу луѓе ја напуштија Русија, а некои беа уапсени. Некои извори велат дека 300.000 луѓе ја напуштиле Русија од почетокот на војната и тоа не само новинари. Не знам дали овие бројки се реални, но знам дека многу луѓе се иселија. Тие едноставно не сакаат да живеат во земја која започна војна со соседот.
Но, луѓето подоцна ќе ги почувствуваат ефектите од војната. За половина година или по една година. Мислам дека луѓето ќе се предомислат за оваа војна, чекор по чекор, кога ќе сведочиме економски кризи. Но, овој процес не може да се случи брзо. Ако луѓето сфатат и признаат дека оваа војна е злосторство, тоа ќе ја уништи целата слика во нивниот ум, од психолошка гледна точка. Тоа е долг процес и не можеме да очекуваме дека ќе се случи утре.

## Руско медиумско присуство во Македонија

Во Северна Македонија нема регистрирани руски медиуми и нивни сервиси, кои емитуваат своја програма на македонски јазик. Руското медиско влијание доаѓа од српското издание на „Спутник" , кое е државна мултимедијална платформа за меѓународна соработка со сервис на повеќе јазици, вклучително

и на српски. Дел од македонските медиуми, а особено некои од корисниците на социјалните мрежи повремено пренесуваат содржини од српски „Спутник“. Присутна е и веб-платформата „Russia Beyond“ , која е ребрендирано издание на „Руска реч“, која излегува на 14 јазици, меѓу кои и на македонски. Платформата е создадена, како што стои во објаснувањето, за ширење на руската култура. При прегледување на содржините, речиси секој втор-трет напис е за руското претседател **Владимир Путин**, неговиот лик и дело, а има и содржини од руските градови и за руските достигнувања.

Со години на македонскиот пазар преку издавачката куќа „Колор медија прес“ се издаваат две мрежи списанија, кои потекнуваат од Србија. Најпознати изданија се „Руски доктор“ и „Руски травар“ на издавачката куќа „Новости“, кои се дистрибуираат и преку директен извоз во Босна и Црна Гора и/или преку локализирани изданија во Северна Македонија, Хрватска и во Словенија на локалните јазици.

Новинската агенција „Мета“ пред две години објави анализа во која оцени дека *„овие списанија продолжуваат комерцијално да ги експлоатираат позитивните перцепции за Русија и нејзината култура ,кои од претходно беа присутни кај дел од балканското население, при што дополнително придонесуваат да се зајакнат пропагандните позиции на Путиновиот режим“.*

**На пример, во најновиот, јануарски број на македонското издание на „Руски доктор“, ударна содржина на насловната страница е „ексклузивниот“ напис за „10-те тајни на Путин за здравје“ со кој како „тајни“ се претставени правилната исхрана, утринската гимнастика, но и занимавањето со спортови како скијање, хокеј, јавање и риболов, кои во најголема мерка се надвор од финансиските можности на целната (пензионерска) публика,** *пишува во текстот на „Мета“ објавен во јануари 2020 година.*

Во списокот на регистрирани весници и списанија на АВМУ (ажуриран на 21.3.2022), „Колор медиа плус“ е запишан како издавач на „Добра храна” и „Руски доктор”.



# УЛОГАТА НА АЛБАНСКИТЕ ПАРТИИ ВО РСМ ВО КОНТЕКСТ НА БОРБАТА ПРОТИВ РУСКОТО ВЛИЈАНИЕ

**Во 2001 го**дина во Северна Македонија беа потпишани два многу важни договора за напредокот на земјата. Првиот договор (Охридскиот договор) ја спаси државата од можна катастрофа и загарантира мултиетничка и демократска држава според принципите на ЕУ. Вториот договор (Спогодбата за стабилизација и асоцијација) ѝ даде на земјата евро-атлантска насока, со што се минимизираа шансите за антидемократско влијание во земјата. Албанските политички партии во РСМ беа директно вклучени во процесот на потпишување на овие договори и јасно се изјаснија за членство на земјата во ЕУ и НАТО. Додека, пак, ЕУ и НАТО ја поддржаа Шарената револуција, со која беше соборена влада блиска до Русија и Путин.

**Пишува: Ардит Рамадани**

(Порталб, 07.04.2022 г.)

**Со Охридскиот договор и Спогодбата за стабилизација и асоцијација, државата тргна во евро-атлантска насока**

Обликувањето на евро-атлантскиот пат на Северна Македонија започна по вооружениот конфликт во 2001 година меѓу Ослободителната национална армија (ОНА) и Армијата на Република Македонија (АРМ), кој траеше нешто помалку од 8 месеци – од 22 јануари 2001 г., кога се случи нападот на полициската станица во Танушевци, до 13 август 2001 г., кога се потпиша Охридскиот рамковен договор меѓу двете завојувани страни, кој во суштина претставуваше мировен договор и по кој брзо започна разоружувањето на ОНА, предвидено со овој договор. Во тоа време, проруската украинска влада одлучи да ѝ помогне на македонската армија продавајќи ѝ оружје. Меѓутоа, народот на

Украина во 2014 година ја презеде власта во свои раце, соборувајќи ја така владата на Виктор Јанукович, поради тоа што тој им го скрати правото да бидат дел од Европската Унија.

Свесна за овој факт, албанската политичка партија која произлезе од војната во 2001 година, Демократската унија за интеграција (ДУИ), денес не ја обвинува Украина за продажбата на авионите и хеликоптерите на македонската армија, односно АРМ, туку, напротив, ја осуди руската агресија и изрази целосна поддршка за Република Украина и украинскиот народ.

**„Во интерес на сите е што е можно поскоро да се најде решение и да ѝ се стави крај на оваа тажна ситуација во Украина, да се најде решение за прекин на огнот и да се отвори патот за дијалог, да се воспостави мир и да се ослободат Украинците, да одлучат самите за својата судбина, мислам дека претседателот Путин и Русија треба да чувствуваат одговорност за тоа што како една велесила тој нападнал еден народ, не ја почитува волјата на еден народ и за ова треба да се засрамат и што побрзо да се повлечат, и така ќе биде подобро и за Русија и за Европа. Мислам дека рускиот народ има колективна одговорност да не дозволи една ваква безмилосна војна да се случи во Украина“, изјави** Али Ахмети, лидер на Демократската унија за интеграција и политички претставник на ОНА за време на воениот конфликт во 2001 година.

„Во овие тешки времиња ние сме со Украина”, изјави **Министерот за надворешни работи на Северна Македонија, Бујар Османи, кој е од редовите на Демократската унија за интеграција.**

Еден од најважните документи со кој беше постигнат прекин на конфликтот во 2001 година беше Охридскиот договор. Овој договор, освен што му стави крај на конфликтот, исто така, го постави Уставот на РСМ на една нова основа, со што се обезбеди порамноправна застапеност во одредени политички и институционални области меѓу двата најголеми етникуми во државата, македонскиот и албанскиот.

Овој документ, кој Северна Македонија ја доближи чекор поблиску до **Европската Унија** и до членството во **НАТО**, и кој овозможи минимизирање на можните влијанија на непрогресивните сили во земјава, го потпишаа тогашниот претседател на државата, Борис Трајковски, тогашниот шремиер и лидер на ВМРО-ДПМНЕ, Љубчо Георгиевски, лидерот на СДСМ, Бранко Црвенковски, лидерот на ДПА, Арбен Џафери, и лидерот на ПДП, Имер Имери. Како гаранти документот го потпишаа и специјалниот претставник на ЕУ, Франсоа Леотар, и специјалниот претставник на САД, Џејмс Перду.

Во решавањето на кризата беше вклучен и Питер Фејт, специјалниот претставник на Генералниот секретар на НАТО, кој со директно посредништво ги координираше сите активности меѓу безбедносните сили на Република Македонија и ОНА.

Имајќи предвид дека гаранти на договорот беа **ЕУ** и **САД**, како и дека во овој договор се опфатени многу принципи на Европската Унија, договорот го претставува најважниот чекор кон унапредување на патот на Северна Македонија кон европските интеграции и членството на земјата во НАТО.

Потписници на Охридскиот договор од редовите на албанските политички партии беа Арбен Џафери како претседател на тогашната ДПА и Имер Имери како претседател на ППД. **Меѓутоа, сите албански политички партии, вклучително и актуелните партии на политичката сцена, го поддржуваат овој договор, но имаат различни мислења за неговата реализација**.

**Непрогресивните трендови беа минимизирани со потпишувањето и почетокот на имплементацијата на Спогодбата за стабилизација и асоцијација.**

Иако преговорите се одвиваа и пред тоа, Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу РСМ и Европската Унија беше потпишана истата година кога и Охридскиот договор. Овој договор ја рангира Република Македонија на листата со земји со перспектива за членство во Европската Унија, додека на економски план со потпишувањето на договорот се отворија вратите кон еден од најголемите и најмоќните финансиски пазари во светот.

Исполнувањето на точките од овој договор ја приближуваше земјата секој ден сѐ поблиску до Европската Унија и НАТО, а од нив издвојуваме:

- Приближување на регионот кон поблиска и поцелосна интеграција во структурите на Европската Унија;
- Поддршка за брза демократска консолидација, владеење на правото, економски развој и структурни реформи, соодветни административни структури и регионална соработка;
- Воспоставување формализирана рамка за политички дијалог, на билатерално и на регионално ниво;
- Унапредување на економските односи, трговијата, инвестициите, политиката на претпријатијата, транспортот и развојот, соработката во областа на царината, со перспективи за поблиска интеграција во светскиот трговски систем, вклучително и можност за создавање зона за слободна трговија, откако ќе се постигне напредок во економските реформи.

Во меѓувреме, сите албански политички партии во Северна Македонија **ја изразија својата поддршка** за овој договор, како и за сите други договори што ја приближуваат земјата до Европската Унија.

Денес, поради горенаведениот договор што резултира со зголемување на економската соработка меѓу Северна Македонија и Европската Унија, и според најновата анкета на Меѓународниот републикански институт (IRI), мнозинството граѓани (35%) сметаат дека најголемиот донатор во РСМ е Европската Унија, додека, пак, само (3%) веруваат дека тоа е Русија.

Инаку, 47% од анкетираните ги гледаат **Соединетите Американски Држави (САД)** како најважни економски партнери на РСМ, а 32% сметаат дека **Русија** е најважен економски партнер. За да ја прочитате целосната студија, кликнете ТУКА.

Сите албански политички партии **ја изразиле својата поддршка за овој договор** и се залагаат за членство на земјата во Европската Унија. Оваа определба јасно се гледа во **статутот на партијата Алијанса за Албанците**, овде можете да прочитате за **ставот на Демократската партија на**

Албанците, јасно е дефинирана и во статутот на Демократската унија за интеграција и на партијата Алтернатива, исто така Движењето БЕСА се изјаснило во корист на членството на земјата во Европската Унија и прифаќањето на европските вредности.

**„Шарена револуција“ – на проруската влада ѝ се ближеше крајот, 2015 година**

Протестите што започнаа по убиството на Мартин Нешковски на изборната ноќ во 2011 година, се претворија во едно движење познато како #Протестирам, кое кон средината на месец април 2016 година прерасна во таканаречената „Шарена револуција“ во Македонија. Протестантите бараа заминување на владата Груевски-Ахмети.




*Мирните протести на Шарената револуција, април 2016 година, Скопје, Фото: Ванчо Џамбаски CC BY-SA*

Барањата за правда беа само дел од протестите што станаа масовни на 12 април 2016 година, откако тогашниот претседател на Македонија, Ѓорге Иванов, најави аболиција за 56 лица осомничени за вмешаност во скандалот со прислушувањата.

Истата вечер на улиците во Скопје излегоа неколку илјади луѓе, го пробија полицискиот кордон и ја запалија канцеларијата на Иванов во центарот на градот.

Протестите продолжија и во следните месеци со поголем интензитет и масовност. На 15 април за прв пат беше обоена фасадата на Порта Македонија – која потоа стана симбол на протестите.

## На Русија ѝ одговараше да продолжи владата Груевски-Ахмети

**„Обединета Русија"**, партијата на рускиот претседател, Владимир Путин, во тоа време реагираше против „Шарената револуција" во РСМ и другите на Балканот. Според информациите од регионалните медиуми, „Обединета Русија" испратила повик до политичките партнери на Балканот за да се борат против „Шарената револуција" во Северна Македонија и другите шарени револуции на територијата на поранешна Југославија.

**Како што се наближуваше крајот на владеењето Груевски-Ахмети, така растеше и неспокојот на Русија**

„Како дел од Балканскиот Регион, Северна Македонија е во полето на интерес на Русија, затоа што овој регион се граничи со ЕУ, нешто што Москва сака да го држи под контрола или барем под нејзино влијание", се вели во извештајот на **Фондацијата „Слободна Русија" со седиште во САД.**

Во овој извештај се вели дека Русија употребувала и употребува разни начини за да влијае во внатрешните работи на Северна Македонија.

> **„Меѓутоа, не сите обиди за да се влијае во македонската економија и политика ги дале посакуваните резултати. Од една страна, Русија успеа да создаде блиски односи со македонската политичка елита во времето на Груевски, но, од друга страна, не успеа да ѝ се спротивстави на опозицијата, што предизвика суштествени промени во владата и раскинување на политичките врски со политичарите во земјава" стои во извештајот.**

Русија направи значителни напори **за да ја држи Северна Македонија надвор од НАТО**, и успеа да го намали учеството на референдумот за промена на името. Руското Министерство за надворешни работи остро реагира по изборите во декември 2016 година, кога партијата на Груевски, и покрај победата на изборите, не успеа да формира мнозинство во парламентот. Во реакцијата на руското МНР, изразија поддршка не само за Груевски, туку и за претседателот на Демократската унија за интеграција, Али Ахмети.

> **„Се чини дека врз политичките сили во Македонија се врши големо надворешно влијание со псевдодемократски пароли. Целта е јасна – да се справиме со македонските политичари кои се непожелни од Западот и да им ги прекомпонираме властите и покрај јасната поддршка на гласачите за коалицијата „За подобра Македонија“, предводена од Никола Груевски и Демократската унија за интеграција, предводена од Али Ахмети“, изјавиле од** руското Министерство за надворешни работи на 11 февруари 2017 година.

**И покрај ова, сите албански политички партии ја поддржаа „Шарената револуција“**

Алијансата за Албанците (тогашната ДР-ДПА), НДП и Движењето БЕСА ја изразија својата поддршка за „Шарената револуција“, тие испратија повик до своите активисти да излезат и протестираат.

> **„Поради овие причини, како и со оглед на тоа што овој режим се покажа како најантиалбански, анти-НАТО и анти-ЕУ режим и кој лошо ја долови политичката волја на Албанците – со заробувањето на владејачките албански партии, Движењето „БЕСА ги поддржува овие протести, бидејќи тие се последниот начин да се спаси оваа држава и да се врати демократијата“,** изјавија од Движењето БЕСА.

**„Јавно ги повикуваме сите Албанци што не се нарекуваат себеси заробеници, туку се нарекуваат слободни, албанските невладини организации, независните интелектуалци, политичките партии и сите граѓани што сакаат слобода, правда, достоинство, напредок, кои целат кон перспектива и среќа, да се приклучат на овој сенароден протест за да се му каже стоп на овој систем", изјавија од ДР-ДПА, НДП и неколку невладини организации.**

Иако дел од владата што ѝ одговараше на Русија, ДУИ, декларативно бараше од СДСМ и ВМРО-ДПМНЕ да најдат решение за излез од кризата, во согласност со „барањата на Брисел и Вашингтон".

Инаку, освен албанските политички партии, и опозициските македонски партии ја поддржуваа „Шарената револуција" и беа активен дел во организирањето на протестите. Во тоа време, луѓе блиски со Русија на најразлични начини се обидуваа да се зачува тој статус кво и да нема промена на власта во Македонија.

## „Последниот" обид на Русија да го задржи Груевски на власт, 27 април 2017 година

Еден од најмрачните денови за демократијата во Северна Македонија беше 27 април 2017 година, кога голема група демонстранти, оркестрирани од лидерот на ВМРО-ДПМНЕ, Никола Груевски и странски (најчесто руски) сили успеаја да влезат во законодавниот дом, каде што повредија многу пратеници и медиумски работници.

Подоцна се обелодени дека **Русија вмешала прсти во оркестрирањето на овој настан** преку српски дипломати, односно дека се работи за **Горан Живаљевиќ**, агент на српската разузнувачка агенција, кој во тоа време престојуваше во Скопје како дипломат и како советник на српската амбасада од 2015 година. Живаљевиќ долго време бил следен од УБК, која констатирала дека тој имал редовна комуникација со пратеникот во Собранието на РСМ од српска националност, **Иван Стоилковиќ,** и со српскиот новинар **Мирослав**

**Лазански**. Овие тројца се здружиле за да шират пропаганда во медиумите со цел да провоцираат политичка дестабилизација во Македонија.

Според британскиот весник „Гардијан“, овие тројца дејствувале под водство на руските тајни служби и имале само една задача – **да го спречат зачленувањето на Македонија во НАТО**.

По крвавите настани во Собранието, руското МНР изрази поддршка за Груевски и за демонстрантите што упаднаа во Собранието, велејќи дека СДСМ со сериозно кршење на процедурите сака да избере претседател на Собранието. Според руското МНР, демонстрантите со право се противеле на ова.

Меѓутоа, со мнозинство гласови и со поддршка **од сите албански политички партии во земјата**, како и во една вонредна ситуација, **Талат Џафери** тој ден беше избран за претседател на Собранието. Нападот во Собранието го осудија сите политички партии, па и ВМРО-ДПМНЕ, иако беше негов поттикнувач.

## Преспанскиот договор и зачленувањето на РСМ во НАТО

Една од причините што ја држеше Северна Македонија „заложник“ од зачленувањето во НАТО беше спорот за името, кој нашата земја го имаше со соседната земја, Република Грција. На 17 јуни 2018 година, Северна Македонија и Грција потпишаа договор за решавање на овој спор.

Со овој документ беше предвидено сегашното име на државата, „Северна Македонија“ и беше потпишан во Преспа, во делот на Грција, од страна на тогашните министри за надворешни работи, **Никола Димитров** и **Никос Коѕијас**, во присуство на тогашните премиери **Зоран Заев** и **Алексис Ципрас.**

### САД го поздравија Договорот

САД ја поздравија одлуката на македонското Собрание за инцирање на потребните уставни измени за спроведување на Преспанскиот договор со Грција, изјави портпаролката на Стејт департментот, **Хедер Нуерт.**

Во соопштението се вели дека САД веруваат оти Договорот е историска можност за промовирање на стабилноста, безбедноста и напредокот во регионот.

## Овој Договор ја приближи РСМ до НАТО, а тоа не ѝ се допадна на Русија

Веднаш по потпишувањето на Договорот реагира и руското МНР, кое истакна дека Договорот е потпишан против волјата на двата народа, Македонците и Грците, и дека е наметнат од Европската Унија и САД.

Шефот на дипломатијата на РСМ со својот колега од Грција ѝ порача на Руската Федерација да не се меша во внатрешните работи на двете земји.

> **Министерството за надворешни работи изразува жалење што Одделот за информации на Министерството за надворешни работи на Руската Федерација, повторно во негативен контекст ги апострофира автентичните политички процеси меѓу двете земји, кои водат кон решавање на проблемите, зајакнување на довербата и градење пријателство** – *се вели во соопштението на Министерството за надворешни работи.*
> **Убедени сме дека Русија, која со години ја признавала ПЈРМ како „Република Македонија“, ќе ја почитува чувствителноста на грчкиот народ во користењето на името Македонија и сега ќе се повикува на оваа земја со новото уставно име „Северна Македонија“, а најважно е да се воздржи од такви ставови, бидејќи такво нешто претставува мешање во внатрешните работи на Грција,** *се вели во соопштението на Министерството за надворешни работи на Грција.*

Меѓутоа, во земјава имаше политички партии што **имаа исти ставови со Русија,** и тоа:

- **ВМРО-ДПМНЕ**

**Ѓорге Иванов,** тогашниот претседател на Северна Македонија, беше еден од најгласните противници на Преспанскиот договор. Тој рече дека неговото

спроведување ќе донесе негативни последици. Според него, промената на името е само во интерес на Грција. Иванов го бојкотира референдумот на 30 септември 2018 г. и го држеше во заложништво Законот за албански јазик.

**Христијан Мицкоски,** претседателот на ВМРО-ДПМНЕ, во повеќе наврати изјави дека кога тие ќе дојдат на власт ќе го укинат Преспанскиот договор.

> **Со двотретинско мнозинство во Собранието ќе го укинеме Преспанскиот договор,** *рече Мицкоски за време на телевизиското гостување* **во декември 2019 година.**

Тој неколкупати даваше слични изјави, кои често водеа до постојани судири со партијата на власт, СДСМ. Вреди да се напомене дека реториката на Мицковски на оваа тема сега е омекната.

- **Левица**

Ако ВМРО-ДПМНЕ може да биде пофлексибилна по ова прашање, Левица која ја претставуваат двајца пратеници во Собранието, е децидна дека Преспанскиот и Охридскиот договор треба да се поништат. Оваа партија на чело со **Димитар Апасиев** и на предвремените парламентарни избори (2021), во својата програма на полето на надворешната политика, покрај поништувањето на Преспанскиот и Охридскиот договор и преиспитување на Договорот со Бугарија, како една од главните цели на полето на билатералните односи го имаше и повлекувањето на признавањето на Косово, Израел и на Јужна Кореја. Во однос на мултилатералните односи, оваа партија има цел итно повлекување на земјата од НАТО и безусловно повлекување на сите безбедносни сили од странските воени мисии што немаат мандат од ОН.

Инаку, имаше и неколку помали македонски партии кои гласно се противеа на Преспанскиот договор, но повеќето од нив немаа никаква политичка сила или влијание за да ја сменат реалноста.

Потсетуваме дека американскиот претседател **Џо Бајден** издаде извршна наредба за замрзнување на имотот и забрана за влез во САД, со која беа опфатени и оние што работат против Преспанскиот договор и Охридскиот рамковен

договор, и тоа е јасна порака дека меѓународните договори ќе останат точките за кои американската администрација нема да прави компромиси и ќе се бори со сите што се против нив. „Без нив, земјата ќе завршеше во катастрофа", велат експертите од Северна Македонија.

## Сите албански партии го поддржаа Преспанскиот договор

Сите албански политички партии кои имаа претставници во законодавниот дом, а тоа се Алијансата за Албанците (АА), Движењето БЕСА, Алтернатива, Демократската унија за интеграција и Демократската партија на Албанците, декларативно и со гласање го поддржаа овој договор.

Без исклучок, сите горенаведени албански партии се изјаснија дека една од причините зошто гласале за Преспанскиот договор е отворањето на патот на земјата кон членство во НАТО и во Европската Унија.

- **Целиот текст на Договорот можете да го прочитате:** ТУКА
- **За постигнување на овој Договор Заев и Ципрас беа номинирани за Нобелова награда за мир.**

## Ниту едно руско сценарио не се покажа како успешно, Северна Македонија стана членка на НАТО

Во седиштето на НАТО во Брисел, на 6 февруари 2019 година, се потпиша **Протоколот за членство на Македонија во НАТО** со што започна завршната фаза од процесот за полноправно членство. Во присуство на тогашниот македонски министер за надворешни работи, **Никола Димитров,** и на генералниот секретар на НАТО, **Јенс Столтенберг**, претставниците на земјите членки еден по еден го потпишаа протоколот.

Димитров се обрати пред претставниците на земјите членки и секретарот Столтенберг, при што истакна дека земјата е подготвена да ги преземе обврските што доаѓаат со полноправното членство во Алијансата.

**Ова беше еден долг пат. Македонија наскоро ќе биде Република Северна Македонија, тоа е прашање на денови. Докажавме дека можеме да ги решиме проблемите со кои се соочуваме. Ова ќе испрати една порака во регионот, каде што сè уште има неизвесност. Подготвени сме, тука сме, ќе ги преземеме обврските што произлегуваат од членството во НАТО. Се надевам на ефикасно спроведување на ратификацијата,** *рече Димитров*.

## Путин не беше среќен со ова, го нарече чекор направен под притисок

**Кога станува збор за Балканот, тогаш може да се каже дека главен сериозен фактор за дестабилизација е политиката на САД и некои западни земји, чија цел е да ја зајакнат својата доминација во регионот“,** *изјави рускиот претседател Владимир Путин во едно интервју за „Политика“ и „Вечерни новости“*

Путин, исто така, додаде дека една година пред тоа, според него, со цел да се забрза процесот за зачленување на Македонија во НАТО, договорено е да се сменат името на Македонија и Уставот на Македонија, целосно игнорирајќи го македонскиот народ, кој на референдумот за промена на името се изјасни против, што не е нималку точно.

Лидерот на ВМРО ДПМНЕ со контроверзни изјави продолжи да се спротивставува на договорот што овозможи членство на земјата во НАТО, но вели дека го поддржува членството во Алијансата.

Запрашан дали го поддржува членството на Македонија во НАТО, Мицкоски рече „апсолутно да“ и дека не може да биде против, бидејќи најголемите реформи за членство во НАТО ги направија владите на ВМРО-ДПМНЕ. Сепак, тој рече дека е против Договорот со Грција што го потпиша владата на Зоран Заев

и со кој се смени името на државата, додавајќи дека има силни забелешки за одобрувањето на тој договор и не го поддржува.

## „Левица" е против членството во НАТО

**Целта на НАТО е една и единствена: проширување на економската доминација и проширување на неолибералната доктрина, воедно и зачувување на статусот на САД и нивните сојузници како империјална хегемонија во светот,** *изјавија од партијата.*

Да потсетиме дека „Левица“ продолжува да бара Северна Македонија да го напушти НАТО и да ги смени стратешките партнери. Покрај партијата Левица, против членството на земјата во НАТО беше и проруската вонпарламентарна партија на **Јанко Бачев**, Единствена Македонија.

Сите партии на Албанците **беа „ЗА“ членство во НАТО** и ја поздравија оваа одлука, кликнете ТУКА за да ја прочитате изјавата на Алијансата на Албанците, кликнете ТУКА за да ја прочитате изјавата на Демократската унија за интеграција, ТУКА за да ја прочитате изјавата на Движењето БЕСА, ТУКА за да ја прочитате изјавата на Алтернатива, а ТУКА за да ја прочитате изјавата на Демократската партија на Албанците.

Инаку, и по зачленувањето на земјата во **НАТО**, користејќи ги јавните изјави на поранешниот претседател **Ѓорге Иванов**, Русија на различни начини се обидуваше да го поништи овој Договор, но безуспешно. Според „Еурактив”, последна надеж на Русија била враќањето на власт на една националистичка партија, која нема да дозволи земјата да влезе во НАТО и нема да го смени името на државата.

# ПРОВЕРКИ НА ФАКТИ





# ВО УКРАИНА НЕ СЕ УНИШТУВААТ „ГЛОБАЛФАШИСТИ“, ТУКУ СЕ УБИВААТ ЦИВИЛНО НАСЕЛЕНИЕ И ДЕЦА

Наспроти бесмисленото тврдење во постот дека „руската војска ги уништува глобалфашистите и нивните послушници“, во војната во Украина што ја започна Русија на 24 февруари страдаат војници, но и невино цивилно население, а меѓу нив и голем број деца. Според украинските власти, досега (2.3.2022) се убиени повеќе од 2.000 цивили. Убиствата на цивили ги потврдија и Обединетите нации. Високата комисија за човекови права на ОН соопшти дека биле пријавени повеќе од 500 цивилни жртви во Украина, вклучувајќи најмалку 136 убиени цивили и 400 повредени, но дека очекуваат реалната бројка да е многу поголема.

**Пишува: тим на Вистиномер**

(Вистиномер, 05.03.2022 г.)

Рецензираме пост на социјалната мрежа „Фејсбук“, во кој се тврди дека во Украина не се води војна меѓу братските православни народи, туку Русија убива „глобалфашисти“. Ова е потполна **дезинформација.**

Во постот стои:

> **Во Украина не се води војна меѓу двата братски православни народи. Руската војска ги уништува глобалфашистите и нивните послушници.**

Наспроти бесмисленото тврдење во постот, во војната во Украина што ја започна Русија на 24 февруари, страдаат војници, но и невино цивилно население, а меѓу нив и голем број деца.

## ВО УКРАИНА СТРАДААТ ЦИВИЛИ И ДЕЦА, А НЕ ГЛОБАЛФАШИСТИ

Според едно од последните соопштенија од украинските власти, досега (2.3.2022) се убиени повеќе од 2.000 цивили.

**Украина извести дека од почетокот на инвазијата загинало 21 дете, а 55 деца се повредени. Оваа информација ја објави украинската омбудсманка.**

**Во седумте дена од војната Русија уништи стотици згради, болници и градинки, објавија украинските власти,** *пренесоа медиумите.*

Се известува дека загинале десетина работници на итната помош, дека пожарникарите гаселе повеќе од 400 пожари, кои избувнале по руските напади низ земјата, а армијата и полицијата деактивирале 416 експлозивни направи.

Жртви во Украина се бројат уште од првиот ден на руската инвазија, кога беа регистрирани 57 загинати, а 169 ранети. Во тие бројки се вклучени војници и цивили. Тоа не се „глобалфашисти", туку жители на Украина.

## УБИСТВАТА НА ЦИВИЛИ ГО ПОТВРДИЈА И ОН

Високата комисија за човекови права на Обединетите нации соопшти дека биле пријавени повеќе од 500 цивилни жртви во Украина – вклучувајќи најмалку 136 убиени цивили и 400 повредени цивили, но дека очекуваат реалната бројка да е многу поголема, пренесе „Си-ен-ен".

**Повеќето жртви се од употреба на експлозивно оружје со широка област на удар, вклучително и гранатирање од тешка артилерија и повеќекратни ракетни системи и воздушни напади. Ова се само жртвите што можевме да ги провериме, а реалниот биланс веројатно ќе биде многу поголем,** *стои во соопштението на канцеларијата на ОН, кое го пренесе „Си-ен-ен".*

Американскиот државен секретар, **Антони Блинкен,** за време на својот говор пред Советот на ОН ја осуди Русија за убиствата на цивили во Украина, покренувајќи ја идејата дека Русија треба да биде исфрлена од Советот за човекови права на Обединетите нации.

> **Тие ја уништуваат критичната инфраструктура која им обезбедува на милиони луѓе ширум Украина вода за пиење, гас за да не замрзнат до смрт и струја. Гранатирани се цивилни автобуси, автомобили, па дури и амбулантни возила. Русија тоа го прави секој ден низ Украина,** *рече Блинкен.*

Во текот на изминатите денови, руските напади погодија цивили, што укажува на промена кон многу поагресивно бомбардирање. Претходните руски напади беа повеќе фокусирани на воени цели.

Пред два дена „Би-би-си“ пренесе дека десетици цивили биле убиени во Харков, додека гранатирањето продолжило утрото, а жителите преплашени се кријат во подземните засолништа.

## РУСКАТА ВОЈСКА ГАЃА ЦИВИЛНИ ОБЈЕКТИ, БОЛНИЦИ, МУЗЕИ, УЧИЛИШТА

Руски артилериски и ракетни напади, по Киев го погодија и Харков, вториот најнаселен град во Украина. Видеата објавени на социјалните мрежи и потврдени од „Си-ен-ен“ покажаа значително уништување во североисточниот дел на градот. Еден удар погоди станбен комплекс во близина на болница, а беа погодени и регионалната полиција и Националниот универзитет во Харков.

Руските сили ги засилија нападите врз населени места во Украина, бомбардирајќи ги плоштадот во Харков и телевизиската кула во Киев.

Според украинските власти, пет лица загинале во попладневниот напад врз ТВ-кулата, на неколку километри од центарот на Киев и во близина на бројни станбени објекти. Во руски напад со крстосувачка ракета врз административната

зграда во Харков загинаа најмалку 6 луѓе. Во текот на денот, спасувачките служби извлекуваа жртви и преживеани од под урнатините на зградата.

Гранати паднале во близина на трговски центар во Харков, додека борбите продолжиле на улиците.

Во Харков руските трупи нападнале воено-медицински центар, јави украинската агенција Униан. Дошло до борби со украинските сили. Од украинска страна се вели дека руски гранати паѓале врз центарот на градот, вклучително и станбени објекти, како и зградата на регионалната управа, пренесе „Дојче веле“.

Во нападот на руската армија врз Харков, сериозно е оштетена и зградата во која се наоѓа словенечкиот конзулат, објави словенечкото Министерство за надворешни работи на „Твитер“.

Во текот на шестиот ден од руската инвазија на Украина, армијата продолжува да истрелува ракети и повеќекратни ракетни системи за лансирање врз украинските градови Харков, Чернихив, Суми, Мариупол и други со целосно знаење дека убиваат цивили, а не војска, пишува украинскиот аналитичар **Роман Рукомеда** во својата петта приказна за руската инвазија врз Украина, која успеа да ја испрати до EURACTIV и покрај ограничениот пристап до интернет.

Според неговиот извештај, уништени се 80 градинки, училишта, факултети, болници и социјално-образовни објекти. Тие намерно се стремат кон болниците, како во Харков, да предизвикаат што е можно повеќе цивилни смртни случаи.

Руските воени сили го ракетираа и еден од најтрагичните споменици во Киев – Баби Јар, местото каде што за време на Втората светска војна, илјадници Евреи, Роми, Украинци и припадници на други националности беа убиени од германските нацисти.

## НАД 800.000 БЕГАЛЦИ ЈА НАПУШТИЈА УКРАИНА

„Би-би-си“ пренесе дека повеќе од 830.000 цивили ја напуштиле Украина.

Европската Унија (ЕУ) проценува дека до четири милиони луѓе може да се обидат да ја напуштат земјата поради руската инвазија. Блокот ги олабави правилата за бегалците и вели дека нејзините земји членки ќе ги пречекаат бегалците со „отворени раце“.

Во извештајот што го објавија службите на високиот комесаријат на ОН за бегалци се вели дека 453.000 се само во Полска, каде што дневно пристигнуваат по 50.000 луѓе.

Според извештајот на ОН, во:

- Унгарија има 116.348
- Молдавија 79.315
- Словачка 67.000
- Романија 44.450
- Русија 42.900
- Белорусија 341
- 600 луѓе се преселиле од овие земји во други во Европа.

Голем број трогателни видеосведоштва на жители на Украина, кои поради воената агресија пребегаа во други европски земји се објавени на „Би-би-си“.

Популарната оперска и џез-пејачка, **Сузана Алимовна Џамаладинова** од Украина, попозната како Џамала, која во 2016 година победи на Евровизија со песната „1944“ се вбројува во оние што станаа бегалци во првите денови од руската инвазија на Украина. Таа ја раскажа својата голгота, со своите две деца засолниште нашла во Турција, откако во близина на нејзиниот дом во Киев слушала екплозии.

Имајќи предвид сè што се случува во Украина по нападот на Русија, бесмислено и срамно е авторот на постот цивилното невино население и децата, кои се жртви во војната во Украина, да ги нарекува „глобалфашисти и нивни послушници“. Самата обајава, пак, ја оценуваме како потполна **дезинформација**.

Во врска со дезинформациите поврзани со војната во Украина, **Џовани Кеслер,** италијански обвинител - работел во канцеларијата на познатиот сицилијански обвинител Паоло Борсалино во 1995 година, во интервјуто за „Вистиномер“ вели дека тие не се од пред неколку недели или месеци, туку лажните вести и пропагандата се шират одамна:

**Русите се извонредни во тоа, најдобри во светот. Имаат посветени структури, имаат моќни алатки и финансиски средства, да креираат и да ги пренесуваат своите ставови. Ова е пропаганда, бидејќи содржи лажни информации. Тоа го правеше Русија со години. Нешто интересно и ново е начинот на кој тие ја користат војската и нивната пропаганда за војна. Војната не започна пред една недела. Војната започна неколку месеци пред тоа, кога 150.000 руски војници беа распоредени на границата со Украина. Интересно беше што нивниот портал за лажни вести ги емитуваше војниците (според руските закони е строго забрането н.з.). Тоа беше начин да се изврши неверојатен притисок врз Украина од страна на руската пропаганда. Прво имаат намера да ги прикажат институциите на Украина како многу слаби, на крајот испадна дека не се слаби, намерата им беше да ја пуштат Украина да пропадне, само со прикажување и емитување пропаганда. Војната во Украина започна во оној момент кога тие почнаа да ја емитуваат својата пропаганда. Сакаа само со пропаганда да ја уништат Украина без ниту еден испукан куршум. Тоа го прават современите пропагандни медиуми.**

# НЕ Е ТОЧНО ДЕКА РУСИЈА НЕ ГРАНАТИРА ЦИВИЛНИ ОБЈЕКТИ И ДЕКА СНИМКИТЕ ОД МАРИУПОЛ СЕ ЛАЖНИ

**Тврдењето на рускиот амбасадор во земјава, Сергеј Баздникин дека руските вооружени сили не гранатираат цивилни објекти и дека снимките од Мариупол се лажни, делува чудно и во најмала рака прозвучува неразумно во ситуација кога бројни светски и домашни медиуми постојано објавуваат снимки од разрушени цивилни објекти во Украина. Не е можно сите тие снимки кои се појавуваат во медиумите и на социјалните мрежи да бидат лажни. Потврда за тоа дека руските сили напаѓаат цивилни објекти има и од украинските власти**

Пишува: Ана Анастасовска

(Вистиномер, 15.03.2022 г.)

Говорејќи за состојбата со руско-украинскиот конфликт и гранатирањето цивилни објекти во украинскиот град Мариупол од страна на руската војска, амбасадорот на Руската Федерација во Македонија, **Сергеј Баздникин,** ја даде следната изјава:

**Ние правиме сè за да спречиме какви било цивилни жртви. На почетокот на специјалната воена операција руското воено раководство даде јасна и недвосмислена наредба да не се напаѓаат населени места и цивилни инфраструктурни објекти. Нашите вооружени сили заедно со војниците на Доњецка и Луганска Република користат високо прецизно**

**оружје и ја уништуваат исклучиво, нагласувам, военатa инфраструктура на украинските власти во контекст на задачата за демилитаризација. Оваа наредба се исполнува. Сепак, сите борбени дејства се поврзани, за жал, со жртви. Еден од главните проблеми е користењето на цивилното население од страна на нацистичките формации на Украина како жив штит и тоа не фигуративно, туку буквално. Не гранатираме ниту детски болници ниту кој било цивилен објект.**

**На прашањето на новинарот дали снимките кои се постираат од Мериупол се лажни, Баздникин вели: Точно.**

[Извор:Јутјуб **– Сител телевизија *(од 15:15 до 17:54 минута во видеото);*** Датум: **10.3.2022]**

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ:

Тврдењето на рускиот амбасадор во земјава, **Сергеј Баздникин**, дека руската војска не напаѓа и не гранатира цивилни објекти во Украина, е **невистинито**. Снимките од Мариупол, но и од другите градови на кои се гледаат разрушени цивилни објекти, не се лажни, како што сака тоа да го прикаже Баздникин.

На 11 март, како што пренесе ТВ 21, објавувајќи видеоматеријал, мета на руските напади беше градот **Днипро**. Во раните утрински часови се случија три воздушни напади во градот. Беше погодена детска градинка, станбена зграда и фабрика за чевли. Стигнаа извештаи и за бомбардирања во градот **Луцк**, во северозападниот дел на Украина. На 16-тиот ден од руската агресија, беше погодена и психијатриска болница во источниот град **Изум**, информираа регионалните власти. Во болницата имало 330 луѓе, а бројот на жртвите беше непознат.

Што се однесува до градот **Мариупол**, тој на 2 март беше под 14-часовно гранатирање од страна на руската војска, а тоа го потврдија локалните украински власти.

Како што пренесе СДК.мк бројни цивили загинале како резултат на 14-часовното интензивно гранатирање на градот, кој со денови е под опсада на руските сили. Овој град на брегот на Азовското Море е стратешки важен за Русија, зашто овозможува копнено поврзување на анектираниот полуостров Крим со сепаратистичките трупи во источна Украина.

> **Не го знаеме точниот број на жртвите, но веруваме дека има стотици мртви. Не можеме да ги собереме телата. Руската војска ги користи сите можни оружја и се обидува целосно да го уништи градот,** *изјави заменик-градоначалникот Сергиј Орлов.*

Градоначалникот **Вадим Бојченко** кажа дека руските трупи ја запреле евакуацијата на цивилното население.

> **Има огромни уништувања на станбената инфраструктура. Има многу ранети, а, за жал, и мртви, меѓу нив и жени, деца и стари луѓе. Се случува геноцид на украинскиот народ. Окупациските сили на Руската Федерација сторија сѐ за да се спречи излегувањето на цивилите од градот. Прекинат е и железничкиот сообраќај, а локомотивите се гранатирани. Нивната цел е да нѐ уништат“, кажа Бојченко.**

На 10 март беше гранатирана и детска болница во Мариупол, за што потврда дојде од украинскиот претседател **Володомир Зеленски** и од началникот на регионалната воена администрација, Павло Кириленко.

Претседателот **Зеленски** на „Твитер“ објави снимка од инцидентот – кој го опиша како „директен удар“, а на снимките се прикажани уништени простории долж ходникот во зградата.

**Воен напад врз породилиште е конечен доказ дека се спроведува геноцид врз Украинците. Европејци, нема да можете да кажете дека не сте знаеле што им се случува на Украинците во Мариупол. Поради тоа мора да ги зголемите санкциите врз Русија, на тој начин што никогаш повеќе нема да може да го продолжи овој геноцид. Морате да извршите притисок врз Русија за таа да седне на преговарачка маса и да се стави крај на оваа варварска војна,** *рече во видеообраќање Зеленски.*

Видеоснимки од нападите на „Фејсбук“ објави и началникот на регионалната воена администрација, Кириленко.

Во нападот загинале повеќе деца, а повредена била и бремена жена, која чекала породување. Според украинските власти, ова бил само еден од вкупно три напади кои руската војска ги извршила врз болници. Бомбардирани биле и две болници во градот Житомир, кој се наоѓа на околу 150 километри западно од Киев.

Снимки од нападот врз детската болница во Мариупол, во која настрадаа и трудници, објавија и „Њујорк тајмс“ и „Еј-би-си њуз“.

Министерството за надворешни работи на Украина на 12 март објави дека руските сили гранатирале џамија во јужниот дел на украинскиот град Мариупол, каде што биле засолнети над 80 деца и возрасни. Украинското министерство на „Твитер“ објави дека џамијата на султанот Сулејман Величествениот во Мариупол била гранатирана од руски „напаѓачи“.

На 14 март, беа објавени видеоснимки од гранатирањето на Мариупол, направени од воздух.

Видеото од беспилотно летало го сними моментот кога руските проектили го претворија опколениот јужен украински град Мариупол во пеколен пејзаж додека

московските сили продолжуваат да ги бомбардираат зградите, а цивилите останаа без храна и вода.

За тоа каква е состојбата по гранатирањето во Мариупол, репортажа направи Радио „Слободна Европа“.

Тврдењето на рускиот амбасадор во земјава, Сергеј Баздникин, дека руските вооружени сили не гранатираат цивилни објекти и дека снимките од Мариупол се лажни, делува чудно и во најмала рака прозвучува неразумно во ситуација кога бројни светски и домашни медиуми постојано објавуваат снимки од разрушени цивилни објекти во Украина. Не е можно сите тие снимки што се појавуваат во медиумите и на социјалните мрежи да бидат лажни. Потврда за ваквите информации доаѓа и од украинските власти

Имајќи го предвид сето ова, изјавата на Баздникин ја оценуваме како **невистинита**.

***ИЗВОРИ:***


„Јутјуб“ – Сител телевизија (10.3.2022) – Тема на денот со амбасадорот на Руската Федерација Сергеј Баздникин [Пристапено 15.3.2022]

ТВ 21 (11.03.2022) – Русија гранатира болници и детски градинки – Зеленски: Светот треба да знае дека имаме работа со терористичка држава! [Пристапено 15.3.2022]

Сдк.мк (2.3.2022) – ВО МАРИУПОЛ ИМА СТОТИЦИ МРТВИ, ГРАДОТ СЕ ГРАНАТИРА 14 ЧАСА, ВЕЛАТ ЛОКАЛНИТЕ ВЛАСТИ [Пристапено 15.3.2022]

Радио МОФ (10.03.2022) – Гранатирана детска болница во Украина, Зеленски ја обвини Русија за воени злосторства [Пристапено 15.3.2022]

„Слободен печат“ (9.3.2022) – ВИДЕО: Украинците тврдат дека Русија нападнала детска болница во Мариупол, Зеленски објави снимки на „Твитер“ [Пристапено 15.3.2022]

Фејсбук-профил на Павло Кирилинеко (9.3.2022) [Пристапено 15.3.2022]

„Њујорк тајмс“ (9.3.2022) – Видеа покажуваат разорен напад врз породилиштето во болницата во Мариупол [Пристапено 15.3.2022]

„Еј-би-си њуз“ (9.3.2022) – Руските напади ја уништија детската болница во Мариупол [Пристапено 15.3.2022]

„360степени.мк“ (12.3.2022) – МНР на Украина: Русија гранатираше џамија во јужниот дел на Мариупол [Пристапено 15.3.2022]

„Независен.мк“ (14.3.2022) – Видеоснимки од воздух на пеколот на земјата – Мариупол [Пристапено 15.3.2022]

Фејсбук-страница на Радио „Слободна Европа“ (10.3.2022) – [Пристапено 15.3.2022]



# СО ЕДНОСТРАНИ ФАКТИ НА ГРАЃАНИТЕ ИМ СЕ СУГЕРИРА ДА БИДАТ ЗА РУСКАТА АГРЕСИЈА ВО УКРАИНА

**Пишува: Шефкије Аласани**

(Порталб, 07.03.2022 г.)

Свесно или несвесно, одредени лица или медиуми на социјалните мрежи индиректно шират проруска пропаганда за актуелниот руско-украински конфликт. Со неприкажување на сите факти, јазикот на омраза кон Украина се шири со тврдења дека Украина во текот на 1998/99 година праќала платеници да го убиваат албанскиот народ на Косово, го поддржувала бомбардирањето на Албанците во Македонија во 2001 година и се спротивставува на независноста на Косово.

Пренесувањето такви информации е еднострано и не ја претставува фактичката реалност, која на јавноста би ѝ создала простор самата да процени што мисли за ситуацијата во Украина.

На социјалните мрежи, главно на „Фејсбук“, се споделуваа фотографија на која се гледа како воен авион бомбардира населена територија. Фотографијата е придружена со следниов опис:

*„Вака Украина ги бомбардираше Албанците од Македонија во 2001 година, каде беа убиени многу трудници, мајки, деца, стари лица, а многу други останаа инвалиди“.*

Само неколку часа по објавувањето, постот е споделен од десетици други профили и е коментиран од стотици други. Загрижува нивото на омраза што го предизвикуваат објавите со нецелосни информации направени од непознати лица, како и вадењето од контекст на фотографиите што се користат.

Со пребарување на изворот на фотографијата на Google Images излегува дека фотографијата користена во објавата што ја анализираме е објавена од

руските медиуми во текот на конфликтот во Македонија во 2001 година, но никаде не е наведено дека авионот прикажан на фотографијата е украински авион. Податоците од проверката на фактите покажуваат дека фотографијата е снимена над селото Ваксинце – Куманово, за време на оружениот конфликт во 2001 година.

Од самиот почеток на руската агресија врз Украина, на 24 февруари, на социјалните мрежи и веб-порталите на албански јазик наголемо се шири проруска пропаганда со еднострани факти. На „Фејсбук“ и „Инстаграм“ стотици пати се споделени фотографии на кои се наведени некои „факти“ кои имаат тенденција во јавноста да поттикнат омраза против Украина и украинскиот народ.

## Договорот беше меѓу владите на Украина и Македонија

Точно е дека за време на оружениот конфликт во 2001 година Украина, заедно со Русија, беше еден од главните поддржувачи на македонската армија. За време на конфликтот во 2001 година, Украина ја презеде обуката на македонските пилоти во своите академии, ги поддржа воздухопловните сили и пружи помош за обука на македонската полиција и специјалните сили. Украина дури понуди помош за сервисирање на македонската воена опрема и доставила четири хеликоптери „Ми-8“ како и еден авион „СУ-25“. Под силен притисок на САД и НАТО, Украина се согласи да ја „суспендира“ испораката на воено оружје за Македонија за време на мировната операција на НАТО.

Во пролетта 2001 година, македонската полиција, парламент и влада, во кои учествуваа македонските политички партии (ВМРО-ДПМНЕ и ЛДП) и албанската политичка партија (ДПА), презедоа вооружени мерки, вклучително и договори со Украина, која во тоа време беше проруска.

Украинскиот народ, кој сега е бомбардиран и како последица има илјадници жртви, не е одговорен за договорите што тогаш, пред повеќе од 20 години, ги направиле челниците на оваа земја. Не треба да има огорченост против цивилите што масовно се раселуваат бегајќи од руската агресија.

Несолидаризирањето со нив ги става тие што така размислуваат на страната на агресорот Владимир Путин.

За претседателот на Собранието, Талат Џафери, гласовите за тоа на која страна треба да се „престројат“ Албанците од Северна Македонија во војната меѓу Русија и Украина доаѓаат од проруски кругови и тоа не може да биде параметар за оценување на определбата на една држава.

„Проруските кругови сакаат да ја оправдаат поддршката што ја имаат, а во кризни ситуации државите се снабдуваат насекаде, но тоа сега не може да биде параметарот врз кој треба да ја правиме проценката. Нашата ориентација е прозападна. Може да го земете од кој било агол историскиот контекст на руско-албанските односи, но тој нема поддршка“, рече, меѓу другото, Џафери во ClickPlus на ТВ21.

## Албанските лидери во РСМ, Косово и во Албанија ја осудуваат руската агресија

Северна Македонија официјално ја осуди руската агресија во Украина и стана дел од санкциите на ЕУ против Русија. Собранието на Косово, пак, дури усвои и Резолуција за осуда на руската агресија во Украина. Што се однесува до гласовите дека Украина одбива да ја признае независноста на Косово, украинските власти тврдат дека непризнавањето на Косово е само последица на паралелите што Русија ги повлекува меѓу Косово и Крим.

„Причината поради која Украина не го призна Косово, очигледно, е поврзана со Русија, која јасно манипулира без никаква политичка или правна основа, наоѓајќи сличности меѓу илегалната анексија на Крим и борбата на Косовците за својата иднина. Но, во нашата позиција никогаш не сме блокирале ниту еден обид на Косово да се приклучи кон меѓународните организации. Ние дури играме и фудбалски натпревари со Косово, и тоа е еден знак, од наша страна, дека тоа не е нашиот посебен политички став, тоа е само начин да не дозволиме Русија дополнително да манипулира со ова прашање“, изјави поранешниот министер за надворешни работи на Украина, Павло Климкин, за време на една официјална посета на Тирана.

Во меѓувреме, пред неколку дена украинската пратеничка Ирина Фриз изјави дека е време Украина да ја признае државноста на Косово. Во објава на

„Фејсбук“, Фриз нагласува дека во овие тешки моменти за нејзината земја, Косово застанува против пријателите на Украина.

## Под кои политички околности функционираше Украина во текот на 2001 година?

Има многу важни факти кои, при „трубењето“ дека Украина го поддржуваше „убивањето на Албанците“, не им се презентираат на читателите. Еден од примарните факти е проруската политика што ја водеа украинските лидери избрани и силно поддржани од руската влада во тој период. Во овие извештаи воопшто не се споменува суштинскиот елемент дека има драстична промена меѓу украинската политика во 2001 година и сегашната.

За време на конфликтот во Македонија во 2001 година, претседател на Украина беше Леонид Данилович Кучма, чие раководење е познато по низа коруптивни афери, цензура на слободата на говорот и соработка со Русија.

Кучма го потпиша „Договорот за пријателство, соработка и партнерство“ со Русија и рускиот јазик го нарекуваше „официјален јазик“ на Украина. Објавувањето на неколку прислушувања од лидерот на украинската опозиција Олександар Мороз, извршени од 1998 до 2000 година, ги откри бројните злосторства на поранешниот претседател Леонид Кучма. Особено, неговото одобрување за продажба на радарски системи на Садам Хусеин (заедно со друга нелегална продажба на оружје).

По Леонид Кучма, на чело на Украина дојде политичарот Виктор Јушченко. „Бандитите ќе одат во затвор!“ беше главното мото на неговата претседателска кампања. Сепак, по преземањето на власта, тој не успеа да ги исполни очекувањата на украинскиот народ, кој во него гледаше спасител на Украина.

Претседателските избори во Украина во 2004 година беа прилично бурни, и заедно со Јушченко во трката за претседател беше и Виктор Јанукович. Всушност, Јанукович беше наследникот што бил избран од самиот Леонид Кучма, кој во 2002 година го назначи Јанукович за премиер на Украина, ставајќи му ги на располагање државниот апарат и буџетот за време на кампањата.

Централната изборна комисија го прогласи Виктор Јанукович за победник, и тоа предизвика голем револт кај украинскиот народ, кој не прифати резултат

што беше манипулиран од владата. На крајот на ноември 2004 година, во Киев започнаа масовни протести за поддршка на Јушченко, кои подоцна ќе бидат познати како „Портокаловата револуција“.

Јушченко победи и беше инаугуриран како трет претседател на Украина на 23 јануари 2005 година. Виктор Јушченко беше претседател до 2010 година и во историјата е запаметен како лидер кој не само што не ги исполни своите ветувања, туку ја продолжи традицијата на своите претходници да помагаат во збогатувањето на сегашните олигарси, како и за појавата на нови олигарси, неговите најблиски луѓе.

Во 2010 година претседател на Украина стана Виктор Јанукович, во јавноста познат како силен поддржувач на политиката на рускиот претседател Владимир Путин. За време на мандатот на Јанукович, Русија и Украина постигнаат договор за цената на гасот во замена за продолжување на користењето под закуп на украинско пристаниште на Црното Море од страна на руската воена морнарица.

„Транспаренси интернешнал“ го наведе претседателот Јанукович за пример на највисока корупција во светот. Во 2013 година, владата на Јанукович ги прекина преговорите за трговија и асоцијација со ЕУ и одлучи да ги заживее економските врски со Москва, предизвикувајќи масовни собири во Киев со месеци. Протестите, кои имаа цел да го соборат претседателот Виктор Јанукович, станаа насилни, при што загинаа десетици демонстранти.

Од 2014 година волјата на народот и политичката ориентација на Украина го смени ја правецот.

Бранот насилни демонстрации во Украина го доби името „Еуромајдан“ и доведе до украинската револуција од 2014 година, позната како „Револуција за достоинство“. Во февруари 2014 година, украинскиот парламент гласаше за соборување на Јанукович, кој побегна во Москва.

Според рускиот политичар Олег Митвол, Јанукович на 26 февруари 2014 година, во Барвиха, купил куќа за 52 милиона долари. Во меѓувреме, во Украина за неколку дена, вооружени луѓе го заседоа парламентот на украинскиот регион Крим и го кренаа руското знаме.

Москва, по референдумот на 16 март, ја анектира територијата на Крим. Во април, проруските сепаратисти во источниот регион Донбас прогласија

независност. Притоа избувнуваа борби кои, и покрај честите прекини на огнот, продолжуваат спорадично до 2022 година.

Украина во неделите и месеците по „Евромајдан" беше нација на работ на катастрофа. Русија, вознемирена дека „Евромајдан" ќе ја оддалечи Украина од Кремљ и ќе ја доближи до Европската Унија, брзо го анектира Крим и предизвика сепаратистички конфликт во регионот на Донбас. Деценискатa корупција ја остави украинската војска неопремена да го брани суверенитетот на земјата. Во меѓувреме, соборениот претседател на движењето „Еуромајдан", Виктор Јанукович, побегна во Русија и зад себе остави празен трезор на државата.

Следниот претседател на Украина беше бизнисменот Петро Порошенко, кој беше инаугуриран на 5 јуни 2014. За време на изборната кампања Порошенко вети дека работите ќе се сменат.

Додека ја градеше својата деловна империја, Порошенко имаше политички позиции во текот на управувањето од страна на тројца од неговите четворица претседателски претходници.

Порошенко се соочи со обвиненија дека профитирал од тоа што бил на власт, или со склучување профитабилни договори за снабдување, лобирање за неговите фирми или користење на правосудниот систем во своја корист и во корист на неговите партнери.

На 20 мај 2019 г. Володимир Зеленски беше инаугуриран за шести претседател на Украина, ново име во украинската политика, кој го изгради својот имиџ и богатство како хуморист, актер и телевизиски лик. Зеленски победи на претседателските избори со ветувања дека ќе стави крај на корупцијата во неговата земја и ќе го реши тензичниот конфликт во источна Украина.

Новото раководство во Украина го имаше најмладиот претседател во својата историја (41 година), најмладиот парламент (просечна возраст од 41 година), најмладиот премиер (35) и најмладиот кабинет во Европа (просечна возраст од 39 години). Новиот кабинет, исто така, брзо стана познат како „најлибералниот" во историјата на Украина, а владините лидери ветија раст од 40 отсто на БДП во текот на пет години. Актуелниот претседател на Украина е познат како поддржувач на прозападната и антируската политика.

## Читателите треба да внимаваат каде се информираат, новинарите да известуваат професионално

Кризите отсекогаш биле извор на силата на пропагандните машини. Суштината на новинарството е повеќеслојна, но јадрото се состои од две работи: факти и вистината. Доколку некоја информација не ги содржи овие два елемента, тогаш имаме работа со феномен наречен пропаганда и целта на пропагандата е да си игра со чувствата на јавното мислење и да наметне позитивно или негативно мислење на одредена страна.

Изборот на веродостојни извори на информации е многу важен за јавното мислење додека за оние што емитуваат вести важно е, пред сѐ, да ги почитуваат принципите на Етичкиот кодекс и да бидат свесни за негативните последици на дезинформациите или погрешните информации во општеството.

Здружението на новинарите на Македонија (ЗНМ) и Советот за етика во медиумите во Македонија (СЕММ), по почетокот на борбите во Украина, ги повикаа медиумите да информираат со максимална одговорност и професионалност и да не придонесуваат во ширењето шпекулации и невистини во јавноста.

**Марина Тунева,** директорка на СЕММ, вели дека професионалните кредибилни медиуми, имат најголема улога и можат да помогнат да се претстави вистината за војната во Украина. Тунева во интервјуто за „Вистиномер" вели:

**Не е лесно секогаш да се дојде до вистината, особено во вакви услови, тешко е и за новинарите и за медиумските работници да ја завршат својата работа, во постојан наплив од дезинформации кои доаѓаат од различни страни, меѓутоа секој оној кој работи професионално, го има стремежот да дојде до вистината и да ги пронајде вистинските извори на информации. Еден од начините за препознавање на шпекулативното и пропагандното информирање е кога изворот на информацијата е сомнителен. Доволно е да се направи едно мало истражување**

**и да се види од каде се преземени информациите, дали тој извор е кредибилен, релевантен. Дали воопшто има квалификации да зборува во однос на одредена тема и на тој начин полека да се дојде до вистината. Постојат и бројни алатки кои новинарите веќе ги користат во својата работа за да се открие дали одредена содржина е монтажа, фабрикувана, монтирана или злоупотребена. Професионалните новинари треба да помогнат во разобличувањето на дезинформациите и фабрикуваните содржини.**

Министерот за надворешни работи, **Бујар Османи,** посочува дека дезинформациите и пропагандата се едни од алатките на војната и се активни овде во регионот, во некои земји повеќе, а во некои помалку. Османи во интрејуто за „Порталб“

**Тие се присутни и биле постојано присутни и во минатото во различни форми, но сега се уште поинтензивни. Во оваа насока Владата презеде одредени мерки, како што знаете, го прекина емитувањето на руската државна телевизија во земјата, но секако дека преку различни регионални платформи, но и преку локални платформи тие продолжуваат да функционираат кај нас. Една невладина организација направи анализа во која го спореди бројот на публикации за Украина и Русија и во неа може да се види дека во овој поглед скоро да има една рамнотежа, што значи дека како што се објавуваат фактите и вистините, со ист таков интензитет се објавуваат невистини и дезинформации. Ова е еден опасен интензитет кој влијае врз креирањето на јавното мислење и злоупотребата на чувствата кај луѓето. Сето ова се случува на еден несоодветен терен поради фрустрациите што ги имаат луѓето за блокираниот европски пат, многуте компромиси што земјата беше принудена да ги направи овие години и сета оваа енергија на незадоволство, на фрустрација кај луѓето сега е прецизно канализирана за**

постигнување на конкретни цели. А тие цели се намалување на довербата на луѓето во институциите, и ова мислам дека беше една од главните цели затоа што во моментот кога ќе ја снема довербата на луѓето во институциите тогаш тие можат лесно да се манипулираат. Институциите потоа стануваат ирелевантни во донесувањето на одлуки и тоа го отежнува владеењето и управувањето во целина.



# РУСКА ПРОПАГАНДА Е ДЕКА ЗЕМЈИТЕ ОД ЗАПАДЕН БАЛКАН ПРАТИЛЕ „ПЛАТЕНИЦИ“ ДА СЕ БОРАТ ВО УКРАИНА

**Пишува: Ардит Рамадани**

(Порталб, 24.02.2022 г.)

Преку тенденциозен и сензационалистички наслов, еден портал преку „Фејсбук“ ја дезинформира јавноста дека многу косовски граѓани се мобилизирани да ја бранат Украина по повод неодамнешните настани поврзани со Русија. Ова не е точно, на граѓаните на Косово со закон им е забрането да учествуваат во војни надвор од Косово, а Министерството за надворешни работи на Косово потврди дека ниту еден нејзин граѓанин не отишол да се бори за Украина, пишува „Порталб.мк“.

Претседателот на Русија, Владимир Путин, никогаш не се изјаснил за поддршката што Косово ѝ ја дава на Украина за последните настани, а уште помалку изразил загриженост за тоа.

„Путин фатил уплав / Граѓани на Косово се мобилизираат да ја бранат Украина!“ е насловот на веста што ја рецензираме.

Насловот на оваа вест е тенденциозен и манипулативен, а, пред сè, тврди нешто што не е точно, бидејќи не дека Путин не фатил уплав, туку граѓаните на Косово не се мобилизирани да ја бранат Украина.

Точна е веста дека амбасадорот на Украина во Република Албанија изјавил оти имало Косовци заинтересирани да ја бранат Украина од Русија, но освен оваа изјава, нема други докази што го поткрепуваат ова тврдење.

Генезата на оваа дезинформација е од руската новинска агенција ТАСС и на рускиот министер за надворешни работи Сергеј Лавров.

Неколку дена претходно, рускиот министер за надворешни работи изјави дека Украина „регрутира" платеници од Косово, Албанија и Босна и Херцеговина за да ја бранат.

„Има информации дека се регрутираат платеници од Косово, Албанија и од Босна и Херцеговина за да ја изместат Русија од баланс, и ги праќаат во разни места  вклучувајќи го и Донбас", рекол Лавров.

Потоа, такви неточни информации имаше и руската новинска агенција ТАСС.

Веднаш по ова Министерството за надворешни работи на Косово ги демантира рускиот министер и руската новинска агенција ТАСС, наведувајќи дека нема Косовц што отишле да се борат во Украина, бидејќи тоа е забрането и со закон.

„Ги информираме рускиот министер Лавров и руската новинска агенција ТАСС дека Република Косово со закон го има забрането учеството на своите граѓани во војни во странство и овој закон предвидува строги казни за секој нејзин државјанин што може да биде дел од такви активности", се вели во реакцијата на МНР.

Министерството оценува дека изјавите на агенцијата ТАСС и министерот Лавров се дел од жестоката кампања на руската пропаганда, која, според нив, има цел да го привлече вниманието на целиот демократски свет.

„Оваа жестока руска кампања против Косово и другите земји од Западен Балкан, меѓу другото, има цел да ја ескалира ситуацијата во Косово и пошироко во регионот преку рускиот сателит на Балканот, Србија. МНР ја изразува целосната солидарност на народот на Косово со народот на Украина за правото на слободен и суверен живот во сопствената држава. Република Косово повикува на намалување на тензијата и избегнување на конфликтот, кој може да добие непредвидливи размери", се вели во соопштението на МНР.

Инаку, во соопштението на ова министерство, се вели дека Косово му се придружува на демократскиот свет во осудата на руската хегемонистичка и експанзионистичка политика на штета на суверената и независна држава Украина. Сепак, дезинформации се дека има официјална мобилизација за испраќање Косовци да се борат во Украина и дека Путин „фатил уплав".

# ВО УКРАИНА НЕМА ПРОГРАМА ЗА РАЗВОЈ НА БИОЛОШКО ОРУЖЈЕ ФИНАНСИРАНА ОД САД

**Нема докази дека украинската влада наредила уништување на патогени на антракс, колера и други заразни болести дента кога Путин изврши инвазија врз Украина. Исто така, не е вистина дека во Украина постојат лаборатории за производство на биолошко оружје финансирани од САД. Напротив, тамошните лаборатории се со цел да превенираат ширење на заразни болести и се дел од Развојна програма за намалување на ризиците и опасностите од болести**

**Пишува: тим на Вистиномер**
(**Вистиномер, 11.03.2022 г.**)

Рецензираме пост објавен на социјалната мрежа „Фејсбук“ во кој се тврди дека „*Украина ги уништува доказите за програмата за развој на биолошко оружје финансирана од САД*”. Во склоп на постот е споделен текст од сајтот „Коловрт“, во којшто се тврди дека откако руските војници влегле во Украина на 24 февруари годинава, украинската влада наредила итно да се уништат патогени на чума и антракс во лаборатории што се финансирани од САД. Се наведува и дека програмата за биолошко оружје финансирана од САД вклучувала производство на компоненти на биолошко оружје во лаборатории во градовите Полтава и Харков.

Тврдењата му се атрибуирани на руското Министерство за одбрана и се презентирани наводни документи во кои има список со патогени што требало да се уништат, а се кажува дека прв информацијата ја објавил рускиот медиум „Раша тудеј“ кој, инаку, е државно контролиран. Во текстот, исто така, се додава дека „Раша тудеј“ не може да потврди оти документите се веродостојни.

Кои настани ѝ претходеа на оваа бомбастична објава?

Како обид да ја оправда својата инвазија во Украина, руската пропаганда уште еднаш промовира невистинит наратив, дека Украина развива биолошко оружје со асистенција на САД. На 6 март Министерството за одбрана на Русија тврдеше дека добило докази оти Украина и САД соработувале да развијат биолошко оружје. Во мноштво руски медиуми оваа информација одекна со брзина на светлината, а беше пренесена и кај нас. Според мајор-генерал, **Игор Конашенков,** патогени за смртоносни болести, меѓу кои чума, антракс и колера биле создавани во овие лаборатории за да бидат користени во биолошко војување и тие лаборатории *„се основани од САД и од американското министерство за одбрана".*

Лажното тврдење дека постојат американски финансирани лаборатории во Украина во кои се произведуваат патогени се турка од Русија уште од 2020 година.

Во мај 2020, во екот на ковид-пандемијата, тајната служба на Украина издаде соопштение во кое ги упатува политичарите да престанат да шират дезинформации за постоење на *„американски воени биолошки лаборатории во Украина".*

**Нема странски биолошки лаборатории кои оперираат во Украина. Тврдењата од индивидуални политичари за наводното постоење на вакви лаборатории се невистинити и се намерно искривување на фактите,** *се вели во соопштението.*

Во април 2020 година и американската амбасада во Украина издаде соопштение во кое вели дека сака да биде начисто во врска со дезинформациите за програмата.

Во соопштението се вели дека:

**САД и Украина имаат партнерство уште од 2005 година за да го превенираат ширењето на заразни болести како и да овозможат мирно развивање на вакцини. Ова партнерство меѓу одделот за одбрана на САД и украинското Министерство за здравство е дел**

**од Развојната програма за намалување на опасностите (Cooperative Threat Reduction Program), која почна во 1991 година со цел да се намали опасноста од оружје за масовна деструкција по распадот на Советскиот Сојуз.**

Ова партнерство не значи дека во Украина има лаборатории водени од САД, всушност, Одделот за одбрана на САД никогаш немал биолошка лабораторија во Украина.

**Оваа програма за намалување на опасностите (U.S. Department of Defense Cooperative Threat Reduction Program), овозможи техничка поддршка за украинското Министерство за здравство од 2005 година, за да се подобрат јавните здравствени лаборатории, чија мисија е аналогна на таа на американскиот центар за контрола и превенција на болести,** *изјави за „Политифакт“* ***Енди Вебер,*** *член на одборот на асоцијацијата за контрола на оружје.*

Истражувачот за биолошко оружје и професорка на Кингс колеџот во Лондон, **Филипа Ленцос**, за „Франспрес“ рече дека нема индикации оти овие лаборатории во Украина се користат за да се развие биолошко оружје, туку **нивната цел е да превенираат ширење на заразни болести.**

Како што пишува „Атлантик каунсел“, Кремљ во минатото во многу наврати користеше фалсификувани документи, фалсификувани потписи како дел од претходните операции за влијание.

Во 2020 година медиумите блиски до Кремљ се обидоа да ја обвинат Америка за ковид-пандемијата, сугерирајќи дека вирусот е создаден во лаборатории.

Поради горенаведените факти, оценуваме дека нема докази оти украинската влада наредила уништување на патогени на антракс, колера и други заразни

болести дента кога Путин изврши инвазија врз Украина. Исто така, оценуваме дека не е вистина дека во Украина постојат лаборатории за производство на биолошко оружје финансирани од САД. Напротив, тамошните лаборатории се со цел да превенираат ширење на заразни болести и се дел од Развојна програма за намалување на ризиците и опасностите.

# ИНФОРМАТИВНИ НАПИСИ




THE
Photographs by

# РУСКАТА АМБАСАДА ВО СКОПЈЕ СО ЗАКАНА ДЕКА „ЕВИДЕНТИРААТ“ НЕИСТОМИСЛЕНИЦИ, ЕТИКЕТИРАНИ КАКО „РУСОФОБИ“

**Пишува: Филип Стојановски**

(Мета, 06.03.2022 г.)

Руската амбасада во Скопје е единствена од регионот на Балканот што преку „Твитер“ го пренела и превела „предупредувањето“ од Министерството за надворешни работи на Руската Федерација за зголемено ниво на „русофобија“ со напомена дека „сите вакви инциденти се внимателно евидентирани“.

Наспроти тоа што државните институции на Руската Федерација на своите граѓани им имаат ограничено или забрането пристап до социјалните мрежи „Фејсбук“ и „Твитер“, руското МНР продолжува активно да ги користи обете.

На 5 март во 17:55 ч. официјалниот твитер-профил на МНР на Русија го објави следното соопштение, кое неколку часа потоа беше преведено и на македонски и пренесено од официјалниот твитер-профил на Амбасадата во Скопје во 23:03 часот истиот ден.

„ПРИВЛЕКУВАМЕ ВНИМАНИЕ НА НЕВИДЕНОТО НИВО НА РУСОФОБИЈА ЗАБЕЛЕЖАНО ВО ГОЛЕМ БРОЈ СТРАНСКИ ЗЕМЈИ ВО ПОЗАДИНА НА СПЕЦИЈАЛНАТА ВОЕНА ОПЕРАЦИЈА ВО УКРАИНА.

„ПРЕДУПРЕДУВАМЕ ДЕКА СИТЕ ВАКВИ ИНЦИДЕНТИ СЕ ВНИМАТЕЛНО ЕВИДЕНТИРАНИ.“

Ден претходно, на 4 март, руската Дума усвои закон со кој се пропишани драконски казни за делото „свесно ширење лажни вести“ за операциите на руската војска, со кој за некои дела се предвидува и казна затвор до 15 години, извести „Вистиномер“.

Државната дума воведе и прекршочна одговорност за „дискредитација на вооружените сили на Руската Федерација“. Законот предвидува воведување

одговорност за јавните повици за спречување на употребата на вооружените сили на РФ. Со овој нов закон за цензура за активностите на руските вооружени сили против Украина забрането е да се користат термините како „инвазија“ и „војна“, туку смее да се користи само официјалната терминологија „специјална воена операција“.

Објавата на руската амбасада во Скопје предизвика стотици реакции на пркос од навредени македонски граѓани, од изрази на неверување до навреди и изразување поддршка за нападнатата Украина, заедно со поддршка за рускиот народ, кој исто така страда под диктатура.




*(Фото: Колаж од објавата на Твитер на Руската амбасада и насловна страна на публикација)*

Наспроти мнозинството реакции, може да се забележат и неколку твитови од профили што се идентификуваат како дел од партијата Левица со изрази за поддршка за режимот во Кремљ, обиди за дискредитирање новинари и ликување од правење списоци за отстрел.

## Закани и обвинувања за „русофобија“ како пропагандно оружје

Обвинувањата за „русофобија“ се дел од пропагандниот арсенал на Кремљ, на кој со години предупредуваат аналитичари од Европа. Така на пример, во студијата „Русофобијата во стратегијата на Кремљ. Оружје за масовно уништување“ (Russophobia in the Kremlin's strategy. A weapon of mass destruction), објавена од полскиот тинк-тенк Центар за источни студии, во ноември 2015 г., се наведува:

„ГРАДЕЊЕТО ИМИЏ НА РУСОФОБНИ ЗЕМЈИ ВО МОМЕНТОВ СЕ КОРИСТИ ВО ОБЛИКУВАЊЕ НА НЕОИМПЕРИЈАЛНИОТ ПОЛИТИЧКИ ИДЕНТИТЕТ МЕЃУ ГРАЃАНИТЕ НА РУСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА, СО ЦЕЛ ДА СЕ МОБИЛИЗИРААТ ЗА СООЧУВАЊЕ СО РЕАЛНИ ИЛИ НАВОДНИ ЗАКАНИ, А ИСТО ТАКА СЛУЖИ КАКО НАЧИН ЗА ВРАЌАЊЕ НА ПСИХОЛОШКА УДОБНОСТ КАЈ НИВ НАСПРОТИ НЕУСПЕХОТ НА АКЦИИТЕ НА КРЕМЉ (КАКО НА ПРИМЕР, ВО УКРАИНА). МИТОЛОГИЗИРАНИОТ СТЕРОТИП НА РУСОФОБНИ ЗЕМЈИ ИСТО ТАКА ОСТАНУВА КРУНСКИ АРГУМЕНТ И ПРОСТО ОБЈАСНЕНИЕ ЗА ПОСТОЈАНИТЕ ТЕНЗИИ ВО РЕЛАЦИИТЕ МЕЃУ РУСИЈА И ЗАПАДОТ.“

Руската амбасада во Скопје и во минатото има упатувано директни закани кон граѓаните на Република Северна Македонија. Кога во март 2018 година беше протеран вработен во амбасадата поради дејности што излегуваат од рамките на дипломатскиот статус, рускиот амбасадор Олег Шчербак изјави дека Македонија не треба да се придружи на НАТО и дека „во евентуален судир меѓу Русија и НАТО, Македонија ќе биде легитимна мета“.

Тогаш на специјална конференција за медиуми Шчербак рече:

„РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СО ВКЛУЧУВАЊЕТО ЌЕ СТАНЕ ДЕЛ ОД ОВАА ВОЕНА МАШИНЕРИЈА И ДЕЛ ОД АГРЕСИЈА НА РУСИЈА. СО ТОА ВИЕ ЌЕ СТАНЕТЕ МЕТА НА ВОЗВРАТЕН УДАР ОД РУСИЈА. ДАЛИ ВИ ТРЕБА ОВА ВАМ И НА ВАШИТЕ ДЕЦА? ОСВЕН ТОА, ЗАЧЛЕНУВАЊЕТО ВО НАТО ЌЕ ДОВЕДЕ ДО ОГРАНИЧУВАЊЕ НА СУВЕРЕНИТЕТОТ И ОГРАНИЧУВАЊЕ НА НАДВОРЕШНАТА ПОЛИТИКА...“

Наредните месеци Шчербак продолжи да објавува предупредувања против вклучувањето на земјата во системите за европска солидарност. Во август 2018 година тој беше сменет од амбасадорската функција, а на негово место беше поставен актуелниот амбасадор Сергеј Баздникин.

Во моментот на заклучување на оваа вест, веб-сајтот на Амбасадата на Руската Федерација во Скопје macedonia.mid.ru е недостапен. Сепак, нивната фејсбук-страница е достапна. Слично на заканата на „Твитер“, и на „Фејсбук“ е објавен пост со предупредување дека сите вакви инциденти ќе биле „внимателно евидентирани”, а релевантните материјали ќе биле пренесени до надлежните органи за правна проценка, а виновниците ќе одговарале согласно важечките закони.

# ОПШТИНА ЦЕНТАР НЕ ЗНАЕ КОЈ ЈА ОТСТРАНИЛ ТАБЛАТА СО УКРАИНСКИОТ ГРАД СЕВАСТОПОЉ ОД „РУСКОТО“ ИГРАЛИШТЕ







*(Таблата со градот Севастопољ што беше поставена на детското игралиште кај Универзална сала; Фото: Мета.мк)*

*Автор: Тим на Мета (Новинска агенција Мета, 18.02.2022 г)*

Општина Центар не ја отстранила таблата со името на украинскиот град Севастопољ од детското игралиште со руска тематика позади Универзалната сала. Од општината немаат одговор на прашањето кој и зошто ја отстранил таблата со името на украинскиот град што се наоѓаше помеѓу имињата на руски градови.

„Досега немаме добиено информации за тоа кој ја отстранил таблата од игралиштето“, велат за „Мета.мк“ од Општина Центар.

Меѓу таблите со руските градови Велики Новгород и Сочи стоеше и таа со името на украинскиот град Севастопољ. Таа беше целосно отстранета од детското игралиште кон крајот на декември 2021 г.; Фото: „Мета.мк“

Во однос на тоа кој ја финансирал изградбата на детското игралиште со руска тематика, од општината велат дека најголем дел од средствата (над 40.000 евра или повеќе од 90 отсто од вкупната сума) дошле токму од општинските власти, односно од буџетот на граѓаните на општината. Руската амбасада во Скопје дала само 150.000 денари или околу 2.500 евра.

„Општина Центар ја финансира реконструкцијата на игралиштето со 2.481.928 денари, а Амбасадата на Руската Федерација учествуваше со дополнителни 150.000 денари“, велат од Општина Центар за „Мета.мк“.

Локалните власти додаваат дека Одлуката за реконструкција на игралиштето ја има во Годишната програма за работа за 2021 година на Секторот за уредување на градежно земјиште во Општина Центар. Истата таа програма е поднесена до Советот и одобрена од страна на минатиот состав на Советот на Општина Центар.

Од Општина Центар посочуваат дека во однос на правниот статус на градот Севастопољ, тие во целост ги поддржуваат одлуките на Владата на РСМ и надлежното Министерство за надворешни работи.

Македонскиот министер за надворешни работи Бујар Османи на 31 јануари годинава на средбата со рускиот амбасадор во Скопје, Сергеј Баздникин, го повтори ставот дека Северна Македонија ги почитува суверенитетот и територијалниот интегритет на Украина во меѓународно признатите граници, а политичка поддршка за украинскиот суверенитет и територијалниот интегритет неколку дена подоцна пристигна и од премиерот Димитар Ковачевски, кој на 3 февруари годинава се сретна со генералниот секретар на НАТО, Јенс Столтенберг.

Детското игралиште со руска тематика предизвика своевиден дипломатски скандал во земјава, бидејќи во негови рамки беше вметната табла со името на украинскиот град Севастопољ. Станува збор за најголемиот град на полуостровот Крим на Црното Море, кој беше анектиран од страна на Руската Федерација и за кој се води спор за нарушување на меѓународното право и територијалниот интегритет на Украина.

Претходниот градоначалник Саша Богдановиќ во октомври објави, а руската амбасада во Скопје потврди дека детското игралиште со руска тематика е заеднички финансирано од Општина Центар и од руската амбасада во Скопје.

„Мета.мк“ пред Нова година контактирашесо украинската амбасада во Скопје, од каде што потврдија дека за поставената табла со името на градот Севастопољ на руското игралиште реагирале и до Министерството за надворешни работи (МНР) и до Градот Скопје.

„Амбасадорката на Украина во земјава, г-ѓа Наталија Задорожњук, оствари и низа релевантни средби во МНР на кои го изрази ставот за недозволивото учество на официјални претставници од Северна Македонија, посебно раководството на Општина Центар, во обидот на руската страна да го легализира статусот на привремено окупираните територии на Автономната Република Крим и г. Севастопољ како посебен субјект на Руската Федерација“, информираа од украинската амбасада.

Оттаму ни рекоа дека од МНР го потврдиле својот цврст став за поддршката на Северна Македонија на територијалниот интегритет и суверенитет на Украина, но и од МНР ги увериле дека ова прашање ќе биде решено.

Од Град Скопје и од МНР до денеска „Мета.мк“ не доби одговор на поставените прашања во врска со руското игралиште.

Изминатиов период речиси секојдневно има јавни реакции од украинската и руската амбасада во Скопје, во кои се пренесуваат изјавите на официјалните државни функционери на двете земји во врска со можен нов руски напад врз Украина.

